Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

***Филозофски факултет Скопје***

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

Последипломски студии по мир и развој

**Магистерски труд**

# Жените муслиманки во современиот свет: помеѓу предрасудите и активизмот

Кандидат:
Сумејра Сали

Ментор:
Проф. д-р Билјана Ванковска

Скопје, 2022

Краток извадок

Најмладата монотеистичка религија во светот-Исламот се појавува во време кога раѓањето на женските деца проследувало со презир и огорченост од луѓето. Со појавата на оваа вера ова чувство добива друг правец и лик. Важноста и вредноста на жената во исламот се објаснети и во хадисите за жените. Постојат стихови и хадиси кои ја покажуваат вредноста која исламот им ја дава на жените. Еден од тие хадиси е: „Тие се (жени) навистина, другата половина за мажите". Женските права се човекови права, права и можности гарантирани и еднакви за сите. Доколку прокламираните човекови права не се почитуваат секогаш ќе има женски активизам, особено јакнење на заштитата на правата и изградба на мирот на општеството во целина.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Ислам, жена, муслиманка, женски права, човекови права, активизам.

## Abstract

The youngest monotheistic religion in the world - Islam emerges at a time when the birth of female children was met with contempt and resentment from people. With the advent of this faith, this feeling takes on a different direction and character. The importance and value of women in Islam is also explained in the hadiths about women. There are verses and hadiths that show the value that Islam places on women. One of those hadiths is: "They are (women), indeed, the other half for men." Women's rights are human rights, rights and opportunities guaranteed and equal for all. If the proclaimed human rights are not respected, there will always be women's activism especially to strengthen the protection of rights and build peace for whole society.

KEY WORDS: Islam, woman, ᴍuslim woman, and women rights, human rights, activism.

# С о д р ж и н а


## Вовед

**ПРВ ДЕЛ**

1. ИСТРАЖУВАЧКА РАМКА

1.1 Формулирање на проблемот на истражување

1.2 Цел на истражувањето

1.3 Предмет на истражувањето

1.4 Операционализација на предметот на истражување

1.5 Хипотетичка рамка

1.6 Методологија на истражувањето

1.7 Оправданост на истражувањето

**ВТОР ДЕЛ**

2. МЕСТОТО НА ЖЕНАТА ВО ПЕРИОД ПРЕД И ПО ПОЈАВАТА НА ИСЛАМОТ

2.1 Улогата на жената пред појавата на исламот

2.1.1 Жената во Античка Грција

2.1.2 Жената во Рим

2.1.3 Жената во јудаизамот и христијанството

2.1.4 Жената во предисламскиот период на Арапскиот Полуостров

2.2 Местото на жената по појавата на исламот

2.3 Правата на жените во исламот

**ТРЕТ ДЕЛ**

3. МЕСТОТО НА ЖЕНАТА МУСЛИМАНКА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

3.1 Жената муслиманка во европските земји

3.1.1 Швајцарија

3.1.2 Германија

3.1.3 Франција

3.1.4 Австрија

3.2 Жените муслиманки во државите каде поголем дел од населението е од исламска вероисповест

3.2.1 Турција

3.2.2 Иран

3.2.3 Ирак

3.2.4 Катар

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

4. Исламски феминизам и активизам

4.1 Феминизам

4.2 Исламски феминизам

4.3 Жени муслиманки кои ги уриваат стереотипите

4.3.1 Примери од Ирак

4.3.2 Тунис

4.3.3 Јордан

4.3.4 Јемен

4.3.5 Сирија

4.4 Првите жени конгресменки со муслиманска вероисповед во САД

4.4.1 Рашида Тлаиб (Rashida Harbi Tlaib)

4.4.2 Илхан Омар (Ilhan Abdullahi Omar)

**ПЕТТИ ДЕЛ**

5. Жената муслиманка во Република Северна Македонија

5.1 Придонесот на активистки муслиманки во областа на човековите права

5.1.1 Анализа на интервју водено со Мерсиха Смаиловиќ

5.1.2 Анализа на интервју водено со м-р Ајѓул Сулејман

5.1.3 Анализа на анкетата

**ЗАКЛУЧОК**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

**ПРИЛОЗИ**

**1. Анкетен прашалник**

**2. Прашалник за интервју**

# ВОВЕД

Потребата за објективност во истражувачкиот пристап по прашањата на полот и родот се наметнува од најмалку две причини.

Едната тргнува од премисата дека реалната положба на жените во општествената структура битно се разликува од положбата на мажите.

Другата се потпира на фактот дека двата пола се социјализираат според различни модели, минуваат низ различно животно искуство во општествената заедница заради припадноста на својот пол и следствено на тоа, мажите и жените имаат различни перспективи и погледи за општествената реалност.

За жал, постојат многу примери за тоа дека во општествените науки, па дури и во истражувањата кои изгледаат полово неутрални постои пристрасност, односно позицијата и искуството на жените е маргинализирано.

Во минатото постоело сфаќање дека постоењето на машки и женски работи (обврски) е детерминирано од биолошките разлики меѓу двата пола. Така на пример, се сметало дека мажите се тие кои оделе на лов и го снабдувале семејството со храна, додека жените се грижеле за домашните работи и за децата. Со оглед дека спомнуваме минато време и истакнуваме дека биолошките разлики биле основна причина за поделбата на обврските на „машки работи“ и „женски работи“, се поставува прашањето дали тој став е останат во минатото или тој сé уште постои кај голем дел од популацијата.

Според Аристотел, еден од најзначајните антички филозофи, жената е деформација на природата создадена од оплодување со недостатоци, еден вид дефицитарен предстепен на мажот.Таа не поседува ниту разум ниту репродуктивни способности. Неа ѝ се припишува пасивна, односно дополнувачка улога: „Како што имено од сакатите потекнуваат понекогаш сакати, а понекогаш и несакати, така од една жена се создава понекогаш повторно жена, но понекогаш и момче. Жената е како осакатен маж, а месечниот тек е семе, само нечисто семе. Бидејќи неа ѝ недостасува само едно нешто, изворот на живот... бидејќи тој извор на живот го носи машкото семе.“[1]

[1] Smith, Nicholas D. (1983). “Plato and Aristotle on the Nature of Women”, *Journal of the History of Philosophy*, 21 (4).

Долго време жената не била полноправна членка во општеството како мажот. Во различни делови од земјината топка таа немала право на глас, право на слобода на движење (освен со придружба), право на сопственост, образование и слично. На ваквата подредена положба на жената се смета дека влијаеле бројни фактори, меѓу кои се вклучува и религијата, односно верските учења. Оттука и потребата да се истражи токму овој аспект, односно детерминанта на општествената положба на жената. Во рамките на овој магистерски труд фокусот е ставен на исламот и неговиот однос и третман на жената и нејзината општествена положба.

Жените муслиманки се наоѓаат во специфична положба, особено во 21 век, кој е обременет со бројни предрасуди кон исламот како религија, а особено во контекст на глобалната војна против тероризмот. Научниот пристап кон оваа проблематика треба да биде соодветен одговор на предрасудите и по однос на жените и по однос на влијанието на религијата.

**ПРВ ДЕЛ**

# 1. ИСТРАЖУВАЧКА РАМКА

## 1.1 Формулација на проблемот на истражувањето

Во контекст на прашањето за третманот на жените муслиманки во земјите и заедниците во кои доминира исламската вероисповед, најчесто одговорите се бараат во светата книга на исламската религија. Во Куранот пишува: „ ... На ниеден трудољубив од вас, трудот негов нема да го поништам, било машко или женско, зашто вие сте едни за други“.[2] Од оваа мисла се наѕира идејата за еднаквоста меѓу мажот и жената барем во верска смисла.

Во историскиот развој на исламската религиска традиција, прашањето за положбата на жената муслиманка и односите помеѓу мажот и жената биле многу актуелни и влијаеле на содржината на верското учење и обратно - верското учење влијаело на реалните општествени односи. И покрај нивните физички разлики, во исламската вероисповед мажот и жената како личности се претставени како еднакви, додека според различните улоги што ги имаат во општеството, тие се гледаат како суштества кои се надополнуваат едно со друго. Двата пола, и жената и мажот се човечки суштества кои се обврзани да се придржуваат кон заповедите и забраните на Господ.

Во текот на исламската историја конструкциите, институциите и мисловните модели кои биле развиени од страна на раните муслимански општества, а кои стојат во основата на централните дискурси на исламот, одиграле важна улога во дефинирањето на местото на жената во муслиманските општества. Растечката сила на исламистичките движења денес, коишто го поттикнуваат повторното воспоставување и преиспитување на овие закони и практиките коишто ги промовираат централните исламски дискурси, направи

[2] *Куран (на македонски)*, 3:195, достапно на http://kuran-na-makedonski.net/#2:0.

проучување на ова наследство, кое се однесува на жените и на родот да се укаже како особено релевантно.[3]

Во Европа долго време исламот се доживувал, а во одредени земји уште се доживува како непријател на христијанството кое морало да се бори со него, особено на вредносен план. Бројни истражувања, особено по настаните од 11 Септември 2001 година и отворањето на глобалната војна против тероризмот, многу јасно упатуваат на тоа дека многу луѓе ширум светот ги доживуваат муслиманите како закана. Стравот има големи очи вели една народна поговорка, што упатува на изворот на една предимензионирана и необјективна слика како за бројот на муслиманското население, така и за неговиот вредносен систем. Овој страв воопшто не е изненадување, ако се земе предвид дека различноста меѓу двете култури и традиции со векови наназад била користена за поттикнување антагонизам, чија суштина е „нееднакво искористување на ресурсите“, односно економска надмоќ на едната на сметка на другата култура.[4]

Постоењето на многу заблуди и пропаганди во однос и на жената во Исламот го наметнува прашањето која е реалната вистина за статусот на жената во овој религиски свет. Дали жената муслиманка има посебно место или таа е во потчинета положба во споредба со мажот и не ужива никаков достоинствен статус и интегритет?

За положбата на жената во оваа монотеистичка религија постојат бројни коментари, меѓу кои доминираат негативни мислења во смисла дека жената муслиманка е потчинета во однос на мажот, односно не ги ужива истите слободи и права. Оттука, се јавуваат стереотипи и предрасуди во однос на она што е непознато  или недоволно претставено или погрешно претставено.

Во различни општества во минатото, а и денес постојат средини каде се негираат еднаквите човекови права на жените и мажите, додека со отсуството на еднакви права се наѕира и нееднаквоста во можностите во тие општества. Постојат бројни примери кои упатуваат на фактот дека тоа не се само „муслиманските“ средини.

[3] Лејла Ахмед, *Жената и родот во Исламот*, 1992.
[4] Исто.

Се поставува прашањето, Зошто некои мажи постапуваат потполно разумно, праведно, со еднаквост спрема жените и им укажуваат почит, која што тие секако ја заслужуваат, додека други мажи со жените постапуваат како со сопствен имот? Дали таквиот однос на еден маж кон една жена е резултат на домашното воспитување, личните особини/карактерот на личноста или одраз на верата или различната култура на секое човечко битие?

Исламот во своите верски учења многу често укажува дека Господ (Алах) им дал рамноправност и праведно однесување кон сите жени подеднакво. Историските факти покажуваат нешто друго. Пред појавата и ширењето на исламот кај Арапите, женското дете било третирано со потполн презир, па дури биле и живи закопувани за да се прекрие „понижувањето“ на родителите. Во однос на жените се постапувало како спрема потчинети, како граѓани од втор ред.

Со појавата на исламот на Арапскиот полуостров, оваа религија го подигнува статусот на жените во споредба со предисламскиот период. Појавата на оваа религија дава потполно признание на жената како рамноправен член и ги отстранува горенаведените предрасуди, кои биле широко пропагирани и применувани.

Во денешно време, во најголемиот дел од светот се пропагираат парадигмите за родово еднакви можности, се гарантираат еднакви права и слободи на жените и мажите согласно највисоките правни акти во земјите (устав, закони, декрети), како и во меѓународните конвенции. Жените денес имаат право на глас, право на слободно изразување и здружување, право на сопственост и многу други граѓански, политички, економски и други права. Тоа се однесува и на популацијата на жени муслиманки кои согласно правата кои ги уживаат и кои им се гарантирани, се борат за заштита на правата на другите жени/мажи без да се направи разлика според одредени специфичности како пол, раса, припадност и слично.

## 1.2 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Целта на ова истражување е да се добие вистинска слика за жените муслиманки, правата коишто ги уживаат и тоа со посебен фокус на профилот на муслиманските феминистки и нивната активистичка борба за заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, како дел на една поширока мировна агенда.

Со самото истражување на предметната тема ќе се добијат одговори на многу досега запоставени прашања, што ќе придонесе за отстранување на предрасудите кои постојат во однос на жените муслиманки. Со претставувањето на профилот и активностите на жените муслиманки во однос на севкупниот развој на општественото опкружување може да се дојде до заклучок дека жените муслиманки не се разликуваат многу од жените со различна вероисповед, боја на кожа, социјална положба и слично. Правните акти во форма на закони, меѓународни конвенции, регулативи се основата на регулирање на човековите права, кои гарантираат заштита на основните слободи и права. Иако многу често се случува многу пишани закони, прифатени меѓународни договори кои стануваат дел од внатрешниот правен поредок на една земја, да останат како таканаречено „мртво слово на хартија", сепак правната регулатива е првиот чекор кон етаблирање на положбата на жените како еднаква со таа на мажите. Многу пишани документи, конвенции и декларации се донесени и прифатени на меѓународно ниво, како на пример Универзалната декларација за заштита на човечките права усвоена во ОН уште во 1948 година, Меѓународниот пакт за заштита на граѓанските и политичките права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Покрај овие, постојат и други документи чија цел е заштита на човечките права, меѓу кои и правото на вероисповед и слобода на уверување, Европската конвенција за заштита на човечките права и основни слободи и други.

## 1.3 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување е придонесот на жените муслиманки во градењето на мировната агенда. Во содржината на самото истражување осврт

ќе се даде на положбата на жената муслиманка, пред појавата на оваа монотеистичка религија, односно предисламскиот период и на правата на жената муслиманка по појавата на исламот. Исто така, за да се направи компаративна анализа ќе се обрати внимание и на положбата на жената во современиот свет.

Во текот на истражувањето ќе се посвети посебно внимание на карактеристиките кон вредносниот систем кој се среќава кај жената муслиманка, како етичките правила, нејзините права, нивното влијание врз локалната ситуација, муслимански жени, исламски феминизам со посебно внимание и на претставување на профилот на жени муслиманки кои дале огромен придонес за заштита на правата и слободите и мирот во светот.

### 1.4 Операционализација на предметот на истражување

**„Ислам“** - во буквална смисла на зборот значи свесно и мирно покорување и преданост кон волјата на Единиот вистински Бог, Алах. [5] Тој влече потекло од арапскиот збор „ الإسْلاَم “ (Ел-Ислам) што во превод значи потчинување, предавање, покорување пред Бога. Се појавува во VII век, со посредство на пророкот Мухамед и тоа најнапред на Арапскиот полуостров. Се појавува на место каде луѓето верувале во повеќе богови, чии ликови биле преточени во скулптури. Исламот е религија со верување во еден бог „ALLAH“.

**-Исламско право, Шеријат** (арапски: شريعة, начин или патека) — свето право на исламот. Повеќето муслимани веруваат дека шеријатот е изведен од два основни извори на исламското право: божествените откровенија наведени во Куранот и примерот поставен од страна на исламскиот пророк и пратеник Мухамед во Сунетот. Модернистите, традиционалистите и фундаменталистите имаат различни погледи кон шеријатот, како привrзаници на различни училишта од исламската мисла и стипендии. Разни земји и култури исто така имаат различни толкувања на шеријатот.

- **Муслимани** се нарекуваат припадниците/следбениците на исламската вера. Муслиманите веруваат дека Бог ја предал својата божествена реч во облик на откровенија преку разни пророци и дека Мухамед бил последниот Божји пратеник.

- **Куранот** ја означува светата книга на исламската религија. Куранот е Алахов говор, директен Божји збор објавен на неговиот пратеник пророкот Мухамед преку ангелот Габриел, преку илјада и четиристотини години. Тој е сочинет од 118 сури (сура-глава од Куран). Во сурето Бакара, точка 136 пишува: „ Кажете: „Ние веруваме во Аллах и во она што ни е објавено и во она што му беше објавено на Ибрахим и на Исмаил и на Исхак и на Јакуб и на внуците; и во она што му е дадено од господарот нивни на Муса (Мојсеј) и на Иса (Исус) и на пејгамберите пред нив. Меѓу нив, ние не правиме никаква разлика и на Аллах сме Послушни!“[5]. Поголемиот дел од муслиманите веруваат дека Куранот е совршен само во неговата изворна форма, односно доколку истиот не е преведен на друг јазик, туку дека треба да се чита на арапски јазик. Направени се повеќе преводи на Куранот на многу светски јазици, но значењето на одредбите што ги содржи оваа света книга значително се разликуваат дури и да се преведени на ист јазик (на пример турскиот јазик) од различни преведувачи. Истите различно ги толкуваат одредбите на Куранот.

**Женски права** се интегрален дел на корпусот на човекови права - права кои произлегуваат од едноставниот факт дека жените се човечки суштества со специфични потреби. Човековите права се сметаат за универзални и се однесуваат на секого, насекаде. За разлика од нив, другите права кои ги уживаат луѓето се специфични и условени права кои се однесуваат само на некои категории луѓе и во одредени околности.[6] Во зависност од степенот на општествениот развој во различни земји различно се третираат женските права.

**Стереотипи** се генерализирани уверувања во однос на одредена категорија луѓе. Станува збор за формирани позиции и очекувања кои луѓето можат да ги имаат во однос на секој поединечен член на една поширока група и очекувањата во однос на нивните личности, карактеристики, способности и сл.

[5] Куран, исто.
[6] Ило Трајковски, *Политика на човековите права*, 2006.

**Предрасудите** претставуваат однапред формирани и ригидни мислења за одредени луѓе или групи, а кои не се засновани на фактичко искуство или рационални сознанија.

**Активизам -** претставува политика или акција која применува најразлични средства и методи на водење кампањи за промоција на одредени вредности, човекови права, или заради политичка и општествена промена. Видовите на активизам се разликувале и низ историските периоди и на различните меридијани, а согласно конкретните околности. Опсегот и опфатот на активизмот зависи од целта, која може да се однесува на одредена помала заедница или да има глобална цел. Видовите на активирање на граѓаните, исто така, се историски детерминирани, а опфаќаат разни форми на самоорганизирање, маршеви, петиции, бојкот, штрајкови итн.

**Феминизам** е општ поим кој всушност се состои од цела низа на општествени движења и идеологии кои споделуваат една заедничка цел: дефинирање, воспоставување и остварување на политичка, економска, лична и социјална еднаквост меѓу половите.

**Муслимански феминизам** е еден од бројните форми низ кои се јавува феминистичкото движење, а кое се разликува од секуларниот феминизам, со тоа што се потпира на исламското учење и се обидува да го акомодира со агендата на женската еманципација и женските права.

**Мир** е повеќезначен термин и концепт кој се среќава во повеќе научни дисциплини. Во оваа магистерска теза, тргнувајќи од теоријата на истражувањето на мирот и конфликтите, под мир и мировна агенда подразбираме активности, политики и мерки во насока на градење на праведно општество кое обезбедува севкупна еманципација на своите членови, како и услови за личен и колективен развој, а преку елиминирање на сите извори на физичко, системско и културно насилство.

**Културен релативизам на човековите права** е теорија која, за разлика од универзалистичката теорија, тргнува од социјалните и културните разлики на одделните општества, па оттука заклучува дека човековите права се

моделирани и детерминирани и од културниот контекст. Оттука, тие можат да се толкуваат, но и промовираат или кршат на различни начини.

## 1.5 ХИПОТЕЗИ

Во согласност со целите, предметот и задачите на истражувањето се поставува следнава општа хипотеза:

Наспроти доминантната перцепција, жените муслиманки се активни субјекти во градењето на мирот во општествата во кои живеат.

Посебните хипотези кои произлегуваат од генералната хипотеза може да се прикажат на следниов начин:

-Историски гледано исламската вероисповед претставувала цивилизациски исчекор во однос на третманот на жената во однос на претходните историски периоди;

- Исламското учење содржи елементи на еднаквост меѓу половите;

- Женските права се високо на агендата на човечката еманципација ширум светот, а муслиманските општества не се исклучок;

- Жените муслиманки уживаат различни права во различните општества, зависно од социјалните, културните и други детерминанти кои влијаеле на формирањето на тие општества;

- Жените муслимански се предмет на бројни предрасуди и дискриминација, не само во т.н. муслимански општества, туку и во развиените западни општества (што е особено видливо по третманот за начинот на облекување, носењето хиџаб и сл. и во развиени општества);

- Жените муслиманки практикуваат активизам на креативни начини согласно околностите во кои живеат;

- Расте бројот на жени муслиманки кои промовираат специфичен тип на муслимански феминизам, што придонесува за нивната гласност и видливост,

како и влијание на глобален план што генерално ги зајакнува жените кои споделуваат исти верски убедувања, но и се борат за женската еманципација.

Со претставувањето на положбата на жената (во првиот дел од ова истражување) пред појавата на оваа религија, периодот при појавата, после појавата и денешната жена муслиманка ќе се направи јасна паралела, односно целосна слика на положбата на жената муслиманка некогаш и сега. Жената муслиманка ќе се претстави и со нејзиниот придонес кон градењето на мировната агенда. Иако дел од жените муслиманки носат хиџаб (вел или шамија), што по начинот на облекување ги разликува од другите жени, со претставувањето на личните аспирации, борбата за заштита на мирот и човековите права на овие жени, се претпоставува дека ќе допре до сите мажи и жени кои не се муслимани. Се претпоставува дека ќе се дојде до заклучок дека не е битно како си облечен, како изгледаш, припаѓаш на друга религија или не припагаш, сите се еднакви без оглед на надворешниот изглед, културата, традицијата, полот, верата и друго.

Главното истражувачко прашање на ова истражување гласи:

- Дали исламот како религија е фактор кој ја ограничува способноста на жените вернички да се активираат во општествените процеси и особено во процесите на градење на мирољубиви општества?

Од генералното прашање, може да се извлечат неколку поважни посебни прашања:

- Каква положба има жената во периодот пред и по појавата на Исламот?

- Дали има жени муслиманки кои со своите дејствија и активности активно се борат за заштита на човековите права и слободи?

- Зошто постојат предрасуди за жените муслиманки?

- Дали правата на муслиманките се загарантирани во западните општества?

- Каква е положбата на жените муслиманки во македонскиот општествен и политички систем?

## 1.6 Методологија на истражувањето

Во истражувањето се користеа комбинирани методи и постапки, општи и посебни. Истражувањето претставува спој на теориска/дескриптивна и експланаторна и емпириска анализа на положбата на жените муслиманки. Заради специфичноста на пристапот, користени се индуктивно-дедуктивниот општ метод, како и историскиот, каузалниот и компаративниот метод.

Извори на истражувањето беа примарни и секундарни, зависно од можностите.

Со прибирање и обработка на податоци до кои се дојде со употреба на повеќе методолошки приоди, како и со нивна анализа/синтеза на крајот презентираме стекнати сознанија, односно заклучок со кој ја потврдуваме поставената хипотеза согласно горенаведената тема.

Во однос на остварување на поставената цел пристапивме кон користење на комбиниран метод, односно во текот на истражувањето за теоретскиот дел го користевме историскиот метод, додека во делот на истражување/емпирискиот главно се потпревме на методот на анкета. Оваа метода е најчесто користена метода токму поради фактот што по спроведување на истата се доаѓа до по објективни и валидни податоци. Овој истражувачки метод се базира на прашалник од претходно изготвени прашања кои се однесуваат на предметот на истражувањето. Со оглед дека се анкетираат повеќе испитаници врз основа на собраните податоци од спроведеното анкетирање се добиваат и статистички податоци.

Прашалникот со кој ја спроведовме анкетата (во прилог) содржи затворени прашања, односно земајќи во предвид правото на приватност и заштитата на личните податоци на субјектот истиот остана анонимен. Прашалникот опфати прашања за полот на испитаникот, верска припадност, урбана/рурална средина, а со цел добивање на одговор како испитаниците од друга верска припадност и други, ја доживуваат положбата на жената муслиманка и други прашања поврзани со темата на овој труд.

Исто така, за делот кој се однесува на придонесот на жени муслиманки во градењето на мирот се користи и методот на полуструктурирано интервју со неколку истакнати жени муслиманки кои во македонското општество активно се залагаат за правата на жените и мажите, односно даваат значаен придонес во остварувањето на мировните политики. Претходно е утврдено кој ќе биде интервјуиран, односно селектиран како соговорник, а при реализацијата на интервјуто беше побарана експлицитна согласност.

Во ова истражување при спроведување на процесот на анкетирање се опфатени мажи и жени од различна национална и верска припадност и други. Интересот е фокусиран на нивните лични перцепции за муслиманските жени, нивните права и нивните ставови за активноста/пасивноста на овие жени. Опфатени се повеќе од 100 испитаници од различни области-град/село, различен пол, различно верско убедување и слично. Со цел да се запази анонимноста анкетирањето беше изведено електронски преку онлајн платформа. Воедно, би сакала да истакнам дека на овој електронски прашалник имаше и опционална алтернатива да се додаде и маил адресата на испитаниците, но истата од страна на поголем дел од испитаниците не беше искористена со цел да се запази приватноста на истите.

## 1.7 ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на позицијата на жените муслиманки и нивниот активизам во насока на реализација на мировната агенда во едно општество има научна и општествена оправданост.

Научната оправданост се должи на потребата од попродлабочено анализирање на детерминантите, кои ја надминуваат верската определба, на дејствувањето на жените. Во случајов се фокусираме на жените муслиманки, за кои постојат бројни предрасуди, дури и во академските кругови. Научната цел е осветлување на примери во кои жените муслиманки се издвоиле со својот интегритет и посветеност на напредокот на заедницата, ненасилството и мирот.

Општествената оправданост произлегува од фактот дека живееме во мултикултурно општество во кое се уште се наѕираат нееднаквостите, односно

разликите меѓу луѓето според изгледот, припадноста,  јазикот на кој се зборои и сл. Со други зборови, принципот на еднаквост пред Уставот и законите не е целосно реализиран во реалните односи. Културните и религиските разлики сеуште се сопирачка за социјален соживот за многу луѓе кои живеат во „чисти“ средини/општини во државата. Ова особено се прекршува на жените муслиманки, кои го бараат начинот да бидат признаени како активни чинители во еден демократски систем.

## ВТОР ДЕЛ

## МЕСТОТО НА ЖЕНАТА ВО ПЕРИОД ПРЕД И ПО ПОЈАВАТА НА ИСЛАМОТ

### 1.Улогата на жената пред појавата на исламот

Факт е дека жените биле предмет на многу различни истражувања низ историјата, особено во однос на прашањата за нивната положба како ќерка, сопруга и мајка, статусот, правата и обврските во индивидуалниот и општествениот живот, како прашања кои се тесно поврзани со општествното опкружување, така и со тоа што носи религијата и учењата/ обичаите од ова поле.

Не е лесно да се направи генерален заклучок во однос на положбата и статусот на жената во минатото во различни делови на Земјината топка. Низ историјата, жените имале различни статуси во различни општества. Во тој контекст, општествата каде постоела матријархалната семејна структура, жените одлучувале за позначајните прашања (при развод децата на мајката, духовен водач, сите богови биле жени и слично). Во други општествени опкружувања жените имале еднаков статус и права со мажите, додека во патријархалните средини тие главно имале и имаат второстепен статус во споредба со мажите, додека во некои култури немале речиси никакви права и вредности.

Според оние кои го бранат постоењето на матријархалниот тип на семејство во кој на почетокот доминирала мајчината линија, жената била обожувана поради тоа што е извор на човечкиот живот, односно поради нејзината репродуктивна функција. Таа била прикажувана како симбол на природата поради сличноста со природата, па така била прикажувана како божица на плодноста. На тој начин бил формиран култот на божицата на плодноста или на мајката божица, како резултат на што се појавиле божиците Кибеле, Артемида, Деметра, Астарта, Изида, Афродита или Венера, сите типични за различни култури и делови на светот.

Во античкиот период, покрај Кибеле, некои грчки божици како Артемида исто така биле опремени со атрибутите на божицата мајка, а во римскиот период Кибеле и нејзиниот култ биле извезени во Рим.

Меѓутоа, во законите на Хамураби, можат да се забележат некои чекори направени во корист на жените, односно во однос на нивните права и особено обврските поврзани со бракот. Тие во голема мера се слични на правилата на еврејскиот шеријат. Жената има право на имот и наследство и право да се врати во татковата куќа кога нејзиниот сопруг ќе ја запостави. Моногамијата е од суштинско значење, но во случај на неплодност може да се земе втор сопружник. Во случај на развод, жената станува сопственик на свој мираз и дел од имотот на нејзиниот сопруг за да се грижи за децата.

## 2. Жената во Античка Грција

Во античка Грција, жените немале скоро никакви политички права или моќ. Наследството му припаѓало на синот. Бракот со една жена била една од основните принципи. Неверството на мажена жена се сметало за големо злосторство.

Мажот можел да се разведе од сопругата без никаква причина, но и жената можела да се разведе кога ќе посака и да си го врати миразот. Жените можеле да присуствуваат на верски обреди, но седеле одвоено од мажите.

Највисоката и најгорделивата работа за една жена во хеленскиот свет била позицијата на свештеничка, што се сметало за високо признаена функција од државата.

Сократ, како што соопштува Платон во „Република", иако е против поделбата на обврските по полови, сепак, истакнува дека во секоја работа жената е послаба од мажот.[7] За Ксенофон, ученикот на Сократ „Идеална жена е онаа која гледа колку што е можно помалку, молчи колку што може повеќе и прашува уште помалку.[8]

[7] Plato (1956). *The Republic*. New York: Oxford University Press
[8] Xenophon (1943). Within The Home. The Greek Reader. NY: Doubleday

Во своите дела Аристотел му посветува значајно место на семејството, односно на жената, која ја гледа во подредена положба во однос на мажот, односно човекот. Очигледна е второстепената улога на жената, којашто кај него произлегува, пред сѐ, од неговото сфаќање на општеството во кое жената нема никаква формална улога. Според Аристотел, жената е деформација на природата создадена од оплодување со недостатоци, еден вид дефицитарен предстепен кон мажот. Таа не поседува ниту разум ниту репродуктивни способности. Неа ѝ се препишува пасивна, односно дополнувачка улога: „Како што имено од сакатите потекнуваат понекогаш сакати, а понекогаш и несакати, така од една жена се создава понекогаш повторно жена, но понекогаш и момче. Жената е како осакатен маж, а месечниот тек е семе, само нечисто семе. Бидејќи неа ѝ недостасува само едно нешто, изворот на живот... бидејќи тој извор на живот го носи машкото семе”.[9]

Демостен, познат оратор и мислител од тоа време, вели: „Ние имаме куртизани за свое задоволство, проститутки (т.е. млади женски робинки) за секојдневна физичка употреба, сопруги да ни раѓаат легитимни деца и да бидат верни домаќинки во домашните работи“.[10]

Иако се́ уште била евидентна нееднаквоста меѓу жените и мажите сепак се наѕира одредено поместување особено по 3. век пред наша ера, кога жените почнуваат да се движат во пошироките општествени кругови. Мал број на жени се здобиваат со основно образование, што во случајот подразбира: занимавање со атлетика, музика и читање.[11] Иако има примери на жени вклучени и во филозофијата (како Хипархија), тие сепак биле ретки, па тоа не го менува општиот заклучок дека жените биле во потчинета положба и не биле еднакви со мажите.

Во античка Грција, местото на жената во општествената формација била јасно одредена уште од моментот на објавување на полот на новороденчето, на тој начин што вратата на домот била украсувана со маслинови гранчиња за машко

[9] Smith, Nicholas D. (1983). “Plato and Aristotle on the Nature of Women”, *Journal of the History of Philosophy*, Volume 21, Number 4.
[10]http://www.perseus.tufts.edu/hopper/text?doc=Perseus%3Atext%3A1999.01.0080%3Aspeech%3D59%3Asection%3D122 -Demosthenes, 59, 122
[11] Sarah B. Pomeroy (ed.) (1999), *Plutarch’s Advice to the Bride and Groom and A Consolation to His Wife* New York, Oxford University Press, p. 137

дете, односно со волна, доколку е родено девојче.[12] Мајчинството го подигала социјалниот статус на жената особено ако раѓала машки деца кои ќе го обезбеделе семејното стебло во иднина.

Не само што женските деца никогаш не биле сметани за полноправни членови на семејството, туку женските бебиња биле изложени на многу поголем ризик да бидат напуштени од раѓање, поради срамот кој го носеле за мајката.[13]

Во ретки случаи во кругот на богатите семејства женските деца се образувале за основно читање и пишување, вештини кои девојките ги стекнувале од своите мајки, или од некоја друга жена во семејството. Формалното образование било наменето исклучително за мажите. Позицијата на жената од овој период особено се отсликува и во „Совети за невестата и младоженецот" на Плутарх, еден од 48 совети кои ќе им ги даде на своите ученици, како свадбен подарок е:

,,Жената не треба да има свои пријатели, освен оние на нејзиниот сопруг. Нејзини најважни пријатели треба да бидат боговите и таа треба да се поклонува и да ги слави само боговите на нејзиниот сопруг. Не треба да се излегува во јавност без сопругот и само тој треба да зборува во нејзино име, само така би звучела поблагородно.[14]

### 3. Жената во Рим

Слободните жени во антички Рим иако биле граѓанки на Рим (cives), немале право да гласаат ниту да бидат носители на јавна функција. Поради нивната ограничена јавна улога, римските историчари ги именуваат жените поретко отколку мажите. Жените од побогатите или моќните семејства можеле да имаат влијание преку приватни преговори. Една главна јавна улога резервирана исклучиво за жените била во сферата на религијата: свештеничката функција на Весталите.[15]

---

[12] Golden Mark (1990), *Children and Childhood in Classical Athens,* Baltimore, The Johns Hopkins University Press, 1990, 23.
[13] Nancy Demand (1994), *Birth, Death, and Motherhood in Classical Greece*, Johns Hopkins University Press.
[14] Sarah B. Pomeroy (ed.), исто.
[15] Види https://en.wikipedia.org/wiki/Women_in_ancient_Rome.

Со бракот жената преминувала од доминација на таткото во доминација на мажот. Сопругот имал апсолутна доминација врз нејзиниот живот. Моногамијата била од суштинско значење, семејството како заедница било ценето, а на мажот не му било дозволено да ѝ прости на својата жена доколку таа извршела прељуба. Неплодноста на жената била оправдување за разводот, а право на развод имал само мажот. Ќерките не можеле да ја продолжат семејната религија и традиција.

Всушност, прашањето за положбата на жената воопшто може да се подели на две етапи. Првата етапа ја карактеризира возвишеното место на семејството во општеството, чија позиција правно ја формулира познатиот римски правник Модестин со дефиницијата: бракот е доживотно заедништво на жената и мажот во сите божествени и човечки права.[16] Во овој период општо прифатено било дека единствените особини кои требало да ги поседува жената биле скромноста и невиноста. И оние што ги поседувале и останатите, биле израмнети во контекст на ставот дека сите тие располагаат со слаб интелект, попустлив карактер и воопшто со немоќ која била сметана за типично женска карактеристика.[17]

Машките деца биле во предност и уживале поголема наклонетост од семејството и средината. Женските деца останувале во татковиот дом до својата дванаесетта или четиринаесетта година, а притоа ги мажеле. Со мажењето, девојките преминувале од власта на таткото во доминација на сопругот.

## 4. Жената во јудаизам и христијанство

Под поимот „Аврамски религии“ се подразбираат јудаизмот, христијанството и исламот. Поимот произлегува од фактот дека сите три религии го сметаат Аврам за прататко на нивната вера. Во продолжение накусо ќе ги претставиме карактеристиките на општествената положба на жените низ призма на овие религии.

---

[16] Самарџић, Предраг (2007). *Жена у светлу Библије и библијског времена*, Епархија Захумско-херцеговачка и приморска, „Видослов", Београд -Требиње.

[17] Beauchamp, B. J. (1976). “Le vocabulaire de la faiblesse féminine dans les textes juridiques romains du III e au VI e siècle”, *Revue historique de droit français et étranger* (1922-) Quatrième série, Vol. 54, No. 4.

### 4.1 Жената во јудаизмот

Јудаизмот (или религијата на евреите) е една од првите запишани монотеистички вери и една од најстарите религиозни традиции кои се применуваат денес. Тој претставува основа од која што се развиле христијанството и исламот.

Улогата на жената во јудаизмот е обликувана во согласност со патријархалното општество додека општествените функции се воспоставени според полот. Според првата од двете приказни за создавањето на жената запишани во Тората, жената е еднаква со мажот, односно двајцата се создадени според божјиот лик (Битие, 1/26-27).

Според втората приказна/парабола (Битие, 2/21-25), жената била создадена од реброто на мажот и како соодветен помошник за да се ослободи од неговата осаменост (Битие, 2/21-22). Првата должност и причина за постоење на жената е да раѓа деца (Битие, 16.3) и да се грижи за домот.

Улогата на жената во практикување на верскиот ритуалот/обред е споредна. Жената не може да биде свештеник. Во јудаизмот, жените не се сметаат за членови на собранието и не можат да учествуваат во собраниското богослужение, туку можат само да гледаат од далеку.

Во Тората (ТЕВРАТ) е наведено дека мажот може да се разведе од сопругата ако најде нешто кај жената од што ќе се срами. (Второзаконие, 24/1-4). Сведочењето на жената не е валидно.[18] Иако е задолжително жената да ја покрива главата, таа не е обврзана да носи превез. Улогата на мајка дава посебно значење на жената и поради тоа треба особено да се почитува.

Класичната еврејска литература нуди различни погледи за жената, а оваа разлика во ставот е присутна и во рабинската литература, како на пример: „Господи, ти благодарам што не ме направи жена![19]

[18] EJd., XVI, 586; Dictionnaire encyclopedique du Judaïsme, стр. 321

[19] https://islamansiklopedisi.org.tr/kadin#1

Само во една единствена пригода на жената ѝ се дава еминентно место: во посмртните поворки, но дури и тогаш поради тоа што „Од жената е гревот и поради неа сите умираме”.[20]

### 4.2. Жената во раното христијанство

Новозаветните евангелија сведочат дека жените биле меѓу првите следбенички на Исус Христос. Така, на пример, Марија Магдалена се смета за една од најважните женски личности во мисионерството на Исус. Според сите евангелија таа била првиот сведок на неговото воскресение, како и Јоана и Сузана, кои жени го придружувале Исус во неговите проповеди.

Исус бил чест гостин во домот на Марија Магдалена и Марта (Лука 10, 38-42) и имал обичај да проповеда и да јаде еднакво со жени како и со мажи. Токму Марта прва исповедала дека Исус е „Христос Син Божји” (Јован 11, 27), што ја прави образец за сите подоцнежни исповедници и тоа поистакнат од самиот апостол Петар.[21]

Жените се тие кои верно го следеле Исус Христос до моментот на неговото распнување во крст и притоа биле сведоци на неговото воскреснување, додека пред да биде распнат еден од машките апостоли, односно Јуда го предава Исус, а Петар се одрекува од него. Тие го следеле Исус Христос во неговата мисија и за тогашниот општествен и верски систем тоа било новина. Таквата приврзаност сигурно била новина учителот да има жени – ученички-следбенички кои го следат каде и да проповеда.

### 4.3. Жената во предисламскиот период на Арапскиот полуостров

Периодот пред појавата на исламот како религија, на Арапскиот полуостров се нарекува „Cahiliye“ кој потекнува од арапскиот збор جاهلية - cehele, што значи „незнаење“.[22] Во исламската литература овој назив е даден за предисламската историја на арапското општество. Овој назив се користел за

[20] Самарџиħ, Предраг , Жена у светлу Библије и библијског времена.
[21] Самарџиħ, Предраг , Жена у светлу Библије и библијског времена.
[22] http://www.uysad.com/FileUpload/as907385/File/69-mehmet_bolukbasi-cahiliye_devrinde_araplarda_sosyal_ve_iktisadi_hayat.pdf

да ги разликува претходните верување, ставови и однесувања на Арапите пред исламот и потоа.

Постојат многу причини за дефинирање на периодот пред исламот на овој начин. На самиот почеток може да се издвојат навиките до кои луѓето слепо се придржувале. Освен тоа, во овој период се појавиле и многу нехумани традиции, особено примерот со живо закопување на женски деца и слично.

Во период пред појавата на исламот, жените кои биле во средните и пониските слоеви, немале никакво значење и улога. Оваа незавидна позиција започнувало уште со самото раѓање. Ако на мажот му се роди машко дете се радувал, славел, а доколку се родело девојче, ќе се срамел и се чувствувал како да направил злосторство, односно се чувствувал како виновен. Особено кога потекнувала од пониските социјални слоеви, вредноста на жената пред сопругот не била поголема од неговиот имот.

Поробувањето на жените и нивното тргување било секојдневие. Таквото понижување на жените предизвикало женските деца да се сметаат за срам, поради што девојчињата биле закопувани живи по раѓањето. Закопувањето на девојчињата живи или нивно убивање на различни начини не било суштествено единствено за Арапите. Во многу делови од светот во тоа време, луѓето и животните биле жртвувани за да им се заблагодарат на боговите и да го смират нивниот гнев. Иако кога се спомнува убиството на девојчињата, на ум доаѓа арапското општество во периодот „Џахилије"- незнаење. Меѓутоа во тоа време, другите земји и народи во светот не се разликувале многу од Арапите.[23]

Во овој период, арапскиот маж не седел во иста просторија со жената за време на нејзиниот менструален циклус, ниту јадел или пиел заедно со неа. Дури, се случувало за времетраењето на менструалниот период, жената привремено да се оддалечи од домот. Кога жените се разведувале од која било причина, биле фактички казнувани со забрана во одреден период да стапат во нов брак. Тоа не важело за разведениот маж.[24]

[23] http://cuid.cumhuriyet.edu.tr/tr/pub/issue/43612/535105
[24] Neş'et Çağatay, İslam Öncesi Arap Tarihi ve Cahiliye Çağı, Ankara 1971, 133-134

Жените имале важни должности/обврски и во номадскиот живот. На пример, да се грижат за деца во шаторите, молзење камили или добиток, плетење, ткаење облека од влакна на камила и ткаење на шатори им припаѓала на жените. Работата, како што е ткаењето на рогозина, облека од камила и шатор, им припаѓала на жените. Освен овие обврски, за време на војна им носеле вода на војниците, им пееле песни за да ги охрабрат и да ги третираат ранетите. И покрај обврските, овие должности не им давале на жените некое општествено право или супериорен статус.[25]

Во периодот пред појавата на исламот, таткото без согласност на ќерката или без да земе во предвид староста на мажот можел да ја даде на маж што тој ќе го избрал или претпочитал. Исто така, стапувањето во брак со две сестри било обичај кај Арапите.[26] Во овој период, бракот кој ги врзувал мажот и жената во заедница бидејќи немал религиозна природа, жената била вклучена во семејството дури откако ќе родела дете. Во тој контекст, доколку жената починела пред да роди дете, не му се изразувало сочувство на мажот. Доколку жена без дете била осудена да исплати некој долг, мажот немал обврска да ѝ помогне, туку тоа паѓало на товар на семејната заедница од каде потекнувала жената. Арапите придавале значење само на роднинството од иста семејна заедница, а роднинската врска која произлегува од бракот немала значење. Заради наведеното, доколку починел таткото, синовите можеле да стапат во брак со маќеата.[27]

Кај Арапите од овој период тешко е да се каже дека семејството како творба имало некое посебно значење. Во реалноста, тој е дел од племето на кое припаѓа. Племето е  како семејство. Во тој период семејството се состоело од маж, сопруга или сопруги, деца и робови.[28] Се чини дека во предисламската семејна структура нема вкоренети основи, односно во овој период, жените и девојките не се почитуваат и вреднуваат.

---

[25] Çağatay, исто, стр. 134

[26] İzzet Derveze, Kur'an'a Göre Hz. Peygamber'in Hayatı, Çev. Mehmet Yolcu, İstanbul, 1989, I, 131

[27] Çağatay, a.g.e, 129

[28] M. Akif Aydın, "Aile", DİA, İstanbul, 1989, II, 198

Проституцијата се сметала како професија, додека сопствениците на робови дури и ги принудувале на тоа. Жените немале право на удел во наследството на нивниот татко или сопруг.

Друг вид на брак што бил застапен кај Арапите во тој период е стапување во брак на мажот со жена од своето племе, особено се забележува брак со ќерка од брат. Во овој период, мажот има авторитет и доминација над жената. Во бракот кој што се склучувал со жена од друго племе, на жената ѝ се давал мехир (пари, злато или друг вид на надоместок) кој што го определувале семејството и мажот. Ова е редовен брак, додека постоеле бракови кои ги склучувале со заложниците кои ги добивале од војните со други племиња.

Една од најлошите работи што Арапите ја правеле во врска со бракот е несомнено бракот со нивната маќеа. Ако некој Арап се развел од сопругата или умрел, најстариот син на овој човек ако сакал можел да се ожени со маќеата, ја фрлал неговата облека врз таа жена и не избегнувал да даде мехр на овој начин, при што маќеата му станувала жена.[29]

Исто така, постоел и обичај да се закопуваат живи ќерките, иако тоа било многу ретко. Тоа го правеле од страв дека еден ден ќе бидат обесчестени или осиромашени.

Номадските Арапи кои сакале ќерките да им живеат ги облекувале во волнена облека и ги носеле со нив кога ги воделе камилите или стадо овци. Тие што ги убивале своите женски деца или веднаш по раѓање или кога ќе наполнеле 6 години ги облекувале во убава облека и викале дека ќе ги однесат кај роднините, а всушност ги фрлале во јамата што претходно ја подготвувале во пустината и го покривале со земја. Доколку ги убивале при пораѓај, жената што требала да се породи ископувала дупка и се пораѓала таму, доколку е девојче ќе се закопа во таа јама, а доколку е машко се зема и се одгледува.[30]

Следниве стихови од Куранот многу јасно ја опишуваат социјалната перцепција и положба на жената пред исламот: „Кога некому од нив ќе се донесе веста дека добил женско, лицето негово ќе го прекрие сенка црна и се огорчува. Се крие од

---

[29] Çağatay, İslam Öncesi Arap Tarihi, 137
[30] Çağatay, исто, стр. 135

луѓето заради  лошата вест која му е дадена: дали да го остави во живот па да биде понижен или пак дали да го закопа в земја. Е, само колку е лошо пресудувањето нивно!“[31]

### 4.4. Местото на жената по појавата на исламот

Исламот е една од најголемите светски монотеистички религии. Се појавува во VII век на Арапскиот полуостров. Со нејзината појава престанува многубоштвото, односно започнува период на верување во еден Бог. Арапскиот збор „ислам“ значи покорност или потчинување на човечката волја кон едниот вистински Бог заслужен за обожување – Аллах, и секој кој работи според овие принципи се именува како муслиман. Воедно, муслимани се нарекуваат припадниците/следбениците на исламската вера Овој збор исто така означува и мир кој што е природна последица на целосното потчинување на волјата кон Бог. За да постигне мир, верникот треба да живее во мир со самиот себе и со луѓето околу него. Поаѓајќи од премисата да живееш во мир со себе и со луѓето околу тебе произлегува дека исламот не е религија која повикува на војна и која толерира неправда, наспроти широко прифатените стереотипи за борбеноста и агресивноста на муслиманскиот народ.

Исламот е религија која со нејзината појава во периодот на „незнаење“ прави вистински пресврт на статусот и улогата на жената во општеството. Од историски аспект, третманот на жената во оваа религија е поразличен од останатите религии, а за тоа зборува и самото толкување на првиот грев на Адам и Ева. Имено,  во светата книга на муслиманите, Куранот не стои дека Ева е таа што го направила гревот и го навела Адам на грев. Таму се вели дека и двајцата направиле грешка и затоа и ќе бидат казнети. Според оваа света книга, мажот и жената се исти, создадени од еден ист Бог и со една единствена цел – да му служат на Бог, да прават добри дела и да го одбегнуваат злото.

Во однос на предисламскиот период постои голема разлика што произлегува од исламското учење кое се однесува и на односот кон жената во секојдневието и

[31] Куран-En-Nahl ,  стр. 58-59

во сите аспекти од живеењето. Исламот, најпрво, не ја деградира и понижува жената за време на месечниот циклус. Тој период се третира како нормален и природен и единствено им се забрануваат сексуалните односи, а секаква друга комуникација е дозволена. Дури жените со месечен циклус се сметаат дека се во поповолна ситуација ако се земе предвид фактот што во тој период тие се ослободени од некои верски обреди како што се дневните молитви т.н. намази и од постењето за време на постите. Поточно, овие жени се ослободени од молитвите и постењето кои се всушност дел од петте основни столба на кои се темели исламот.

Мажот и жената во рамките на исламот се рамноправни и исти пред Бог и имаат исти задолженија. Двајцата добиваат иста награда и прошка. Според исламот, правата на мажот и правата на жената се надополнуваат правејќи една целина, укажувајќи притоа на еднаквата важност на двата пола. Исламот и давал еднакво право на жената и во поглед на образованието како и многу други општествени сфери.

Она околу што најмногу се разединуваат толкувањата на статусот на жената во исламот е начинот на облекувањето. Носењето на хиџабот, традиционалната наметка што ги покрива, за многу од муслиманите значи покажување идентитет и морал. Муслиманките кои го бранат ова правило истакнуваат дека ова е начин да ја сокријат својата сексуалност и да се покажуваат со своите морални квалитети и интелигенцијата што ја поседуваат.

### 4.5. Права на жените во исламот

Правата на жените во исламот се наведени во Куранот, во која света книга се опфатени многу стихови за правата на жените и дури има посебно поглавје со назив „Ниса“ што значи „жени“, а која содржи 176 стихови.

Земајќи ја предвид улогата на жените би сакала да истакнам дека според родовата перспектива жената и мажот, имаат различни карактеристики кои се одредуваат со развојот и образованието, животната средина и културата и нема генетска разлика во начинот на размислување на мажот или жената или пак начинот како тие се однесуваат.

Иако овој концепт за дел од муслиманите е чуден, исламот наведува дека и мажот и жената делат исто човечко потекло, но сепак ја прифаќа реалноста дека тие се различни, и разликите меѓу нив се разлики во различноста, а не противречности, каде што секој има сопствени специфики и карактеристики кои се разликуваат од другиот. И мажот и жената имаат свои улоги, социјални и семејни кои им се доделени. Но, дали улогата во основа е „добриот" маж и „лошата" жена? Или пак е спротивното, на „лошиот" маж и на „добрата" жена? Природно дека не, ниту една од нив. Секој од нив има улоги кои се битни, но улогите се различни.[32]

Исламот го брани ставот дека посветеноста што ја има жената, во улога на мајка не е иницирана од културни традиции или социјална цел (улога), туку затоа што жената е најпогодна личност за грижата за децата, со цел по длабока и сосема природно. Жената природно го поседува инстинктот на мајчинството. Муслиманите веруваат дека силната врска помеѓу мајката и нејзиното дете ја надминува секоја традиција или општествена норма; во реалноста тоа е силата што Бог и ја дал.

Во однос на прашањето за еднаквоста ова најдобро го илустрирал Пророкот Мухамед (САВ) во својот хадис, каде што накратко рекол: „Навистина, жените се еднакви и рамноправни со мажите. Жената е рамноправна со мажот, па нејзе ѝ припаѓаат и сите одредби што му припаѓаат на мажот, освен оние што ја карактеризираат и разликуваат нејзината природа.[33]

Во Куранот е наведено: Нивниот Господ ја одговори нивната молитва: Јас не го губам трудот на никого од вас, машко или женско. Вие сте еден од друг..." (Али Имран: 195). Жената е од мажот, додека мажот е од жената и никој не може да живее без другиот. Тие не можат да бидат непријатели еден на друг; секој го надополнува другиот, жената го надополнува сопругот, додека мажот ја надополнува жената, „вие сте еден од друг..." Ова го претставува главното и

[32] Gruaja ne islam, Justinian Topulli, 2016
[33] Исто

важно правило и основа во најдлабокото можно познавање на односот помеѓу мажот и жената.[34]

Во ова поглавје се спомнува и за правата на жените и нивните правни и социјални позиции.[35] Во продолжение ќе се обидам да наведам некои од правата на жените кои ги опфаќа исламската религија, односно како што следува;

-Ако оженет маж ја изневерува сопругата врз мажот се применува казната за прељуба. Жената е заштитена во ваков случај.

- Ако мажот кој ја изневерил сопругата сака да се разведе од неа, не може да земе ништо што стекнал во бракот со сопругата.

-Мажот што ја понижува својата жена и ја омаловажува пред општествената средина, во исламот се смета за неморален и безвреден човек.

- Ако таткото додека им дава наследство на своите деца ја држи жената во позадина, тогаш се смета дека таткото ги прекршил границите поставени од Алах. Во исто време се смета дека си наштетил на себеси. Затоа, во исламот и правото на наследство на жената е заштитено.

- Ако мажот е разделен од жената најмалку 4 месеци, жената има право да се разведе од сопругот. Исламската религија директно им го дава ова право на жените. Во однос на времетраењето на разделбата ова правило се разликува во некои секти.

- Ако мажот се разведе од сопругата, мора да ги заштити нејзините права и благосостојба. По разводот не смее да збори лоши работи за неа.

- Во поглед на економскиот статус, финансиите кои и припаѓаат на на жената може да ги користи и да ги троши како што сака. Нејзиниот сопруг нема право да врши никаков притисок врз неговата сопруга во овој поглед.

[34] Dr. Jusuf el- Kardavi, Gruaja ne Islam,2003 „Furkan ISM“ Shkup
[35] https://www.hurriyet.com.tr/ramazan-ozel/namaz-sureleri/nisa-suresi-oku-nisa-suresi-anlami-tefsiri-turkce-ve-arapca-okunusu-diyanet-meali-41489850

- Ако еден маж на било кој начин и згреши на една жена, тој маж станува финансиски должник на жената. Ако не може да обезбеди финансиска поддршка, тој човек ќе мора да биде казнет на ист начин.

- Мажот е должен да излезе во пресрет на сите неопходни потреби на жената. Доколку и двајцата сопружници се вработени само сопругот има обврска да ги подмири неопходните потреби на семејството додека сопствените приходи жената може да ги користи како што сака.

- Како што мажите имаат права над жените, така и жените имаат права над мажите.

- Во исламот клеветењето на честа и угледот на една жена се смета за еден од најголемите гревови.

- Жените се сметаат за другата половина на човештвото и Уметот.[36]

Интересно е прашањето за правото на наследството на жените муслиманки според исламот. Во предисламскиот период, односно како што претходно го спомнавме како се нарекува тој период- времето на незнаење на Арпскиот полуостров жените и децата немале право на наследување.. Арапскиот (предисламски) период го предвидувало наследството само на оние кои носеле оружје (се бореле) и јавале коњи и затоа Арапите во тоа време не го одобрувале наследството на по малите деца и наследството на жената, бидејќи не била способна за борба во случај да им се заканува некаква опасност од непријателите.[37]

Според исламската религија во врска со поделбата на наследството (согласно поглавјето „Ниса“ 11 стих) синот има дел од двете ќерки (колку што добиваат две ќерки), што подразбира дека на женското дете му припаѓа една третина од наследството.

---

[36] https://www.hurriyet.com.tr/ramazan-ozel/dini-bilgiler/islamda-kadin-haklari-nelerdir-islamda-kadinin-yeri-ve-onemi-41866752

[37] Dr. Jusuf el- Kardavi, Gruaja ne Islam,2003 „Furkan ISM“ Shkup.

Од тука може да произлезе прашањето зошто делот на двете жени се изедначи со машкиот дел од наследството? Притоа, акцентот се става на финансиските обврски и трошоци кои ги има мажот во споредба со жената муслиманка. Од гледна точка на шеријатот, обврските и трошоците на синот и ќерката не се исти. Синот е должен да го плати миразот (брачниот имот) на жената со која сака да се ожени, да ја опреми брачната куќа, да обезбеди храна и облека за жената и децата, додека ќерката нема такви трошоци. Спротивно на тоа, кога ќе се омажи добива богатство (мехр), не се оптоварува со обврските на трошоците за домаќинството, бидејќи обврската за трошоците за домаќинството ја презема сопругот и слично.

Во исламската религија, мажите и жените се гледаат како комплементарни еден на друг, односно еднакви. Како што може да се заклучи од цитираните правила се казнува секој маж кој не ги цени жените и упатува навредливи зборови спрема истите. Во исто време, мажите кои ги малтретираат жените се сметаат за лоши, неподобни луѓе. Воедно, според оваа религија, како што Адам се смета за татко на целото човештво и Ева се смета за мајка на сите луѓе.

## ТРЕТ ДЕЛ

## 3. МЕСТОТО НА ЖЕНАТА МУСЛИМАНКА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

### Општ преглед

Со модернизацијата на општествата се менува начинот на живеење, размислување, ставови, погледи и други слични карактеристики кај поголем дел од луѓето. Сето тоа несомнено придонесува до разлики во толкувањата како на другите правила, така и на исламските закони и норми. Од денешен аспект сведоци сме на појавата на екстремистички настроени групи кои борејќи се против западноевропската и други политики, носат и пропагираат правила и закони кои наводно имаат за цел да ги спасат муслиманите од модернизацијата. Овие екстремистички групи/поединци во своите дела/злодела се повикуваат наводно односно го злоупотребуваат Куранот и својата посебна верзија на шеријатот за да ја оправдаат борбата против останатите луѓе, како и други муслимани за кои мислат дека се против нив и симпатизери на Западот.

Во муслиманските држави, но и на други места во светот, каде се практикува исламската религија, жените имаат различни улоги во јавниот верски живот. Имамот (муслимански проповедник) е секогаш маж, како и муезинот (лицето кое се обраќа на езанот). Во верските објекти – џамии секогаш има посебни простории за жени, каде што се одвоени мажите. Во овие простории, генерално е тешко да се следат основните активности, како што се проповедите. Ваквото одвојување на просториите за молитва, на жените од мажите е важно особено во однос на оние мажи со кои е дозволен брак, односно нема сродство или далечни роднини.

Во контекст на претходното додека говориме за модернизација на општеството како интересен пример би сакала да го истакнам примерот на жена муслиманка, правничка и активистка за женски права по име Сејран Атеш од Германија. Според оваа активистка „исламот треба да се тумачи на модерен начин“. Оваа муслиманка ја има отворено првата либерална џамија „Ibn Rusd - Goethe“ во Берлин, СР Германија, во која може заедно да се молат жени и мажи, додека имам (проповедник) може да биде и жена во оваа џамија. Токму поради овие и

слични новитети оваа жена постојано се соочувала со непријателски испади и закани од поединци со различни сфаќања и погледи.  Името на оваа џамија произлегува како комбинација од името на познат арапски лекар и филозоф Ибн Рушд и германскиот филозоф Јохан Волфганг фон Гете.

За своите критичари оваа жена вели: „Тие не сакаат новини во исламот, не прифаќаат модерно читање на Куранот, исто така сакаат да ги спречат еднаквите права меѓу жените и мажите; тие не сакаат да се молат заедно во џамија, на пример, и да ги третираат муслиманките без шамии како муслиманки“.[38]

Се надзира една раздвиженост во улогите на жените муслиманки во современиот свет која се менува постепено односно се повеќе може да се забележат групи на жени кои се собираат во џамии, за да учат, поучуваат и дискутираат за религиозните списи, со тоа што на некој начин се менува машката „област“. Интересен е податокот и за државата со претежно муслиманско население-Иран. Проповедниците жени се сѐ почести во Иран, иако огромното мнозинство сѐ уште се мажи. [39]

Кога зборуваме за модернизација на општеството, современи жени муслиманки и слично особено е значајно да истакнеме дека еманципацијата на муслиманските жени во општественото опкружување мора да води во насока на нивно лично и професионално надоградување, како и натпреварот во јавната и приватната сфера да се сведе исклучиво на професионални и лични квалитети и компетенции, а не на етничка или верска припадност.

Улогата на жената муслиманка во нашето општество е прилично либерален. Општо, жените и мажите се еднакви согласно позитивните прописи во државата, уживаат еднакви права и слободи, имаат право еднакво да учествуваат во јавниот и приватниот сектор и слично. Покрај разликите во етничка или верска припадност и друго постојат бројни примери за учество на жени муслиманки во

[38] https://www.dw.com/bs/sejran-ates-islam-treba-tuma%C4%8Diti-na-moderan-na%C4%8Din/a-44236691
[39] https://www.yoair.com/bs/blog/how-muslim-women-create-self-identities-among-tradition-and-modernity/

јавниот и приватниот сектор, активни жени муслиманки-борци за човекови права и слободи, носители на јавни функции и друго.

Земајќи во предвид разликите од социјална и политичка средина, етничка структура и различните ставови како културно наследство од предисламскиот период придонеле на пример, додека жените земаат активно учество во деловниот и трговскиот живот во некои исламски општества, во некои средини не се смета за соодветно жените сами да одат дури ни во чаршија, во некои поранешни и сегашни исламски општества.[40]

Во денешно време, фундаменталистичките терористички организации кои силно се спротивставуваат на образованието на жените, нивното јакнење, поддршка и нивното учество во општествениот живот продолжуваат да постојат во исламскиот свет и организираат напади врз образовните институции, а особено врз девојчињата, студентките. Како пример на напади од страна на фундаменталистички терористички организации може да се наведе БОКО ХАРАМ[41], кои покрај многу други терористички напади познати се со масовното киднапирање на девојчиња од интернат. Групата наиде на светска осуда откако изврши масовно киднапирање на повеќе од 275 девојчиња од интернат во Чибок –Нигерија во април 2014 година, што предизвика зголемување на понудите за меѓународна помош за Нигерија додека земјата се обиде да ги задуши терористичките акти на Боко Харам.

Во контекст на претходното може да се спомене и случајот помеѓу Талибанците и добитничката на Нобеловата награда Малала. Интересен е примерот со најмладата добитничка на Нобелова награда за мир, Малала Јусафзај, девојче чиј единствен грев била борбата за своето право на образование. Оваа сега млада жена, на 09.10. 2012 година, кога имала само 15 години, била застрелана во главата од Талибанците, од непосредна близина, враќајќи се од училиште кон дома со автобус. Бидејќи била застрелана во главата малкумина очекувале дека

[40] *Altuntepe, Nihat. "İslam ekonomisinde kadın girişimciliğinin Yeri ve Önemi:Teorik Bir Yaklaşım". Sakarya İktisat Dergisi, Cilt 8, Sayı 2, Yıl: 2019. 25 Mart 2020*

[41] Боко Харам е терористичка организација која е против вестернизацијата, која ја смета за негативно влијание врз исламските вредности. Групата ги обвинува западните влијанија за културата на корупција во Нигерија, која придонесе за голем јаз меѓу малкуте богати и многу сиромашни. https://www.britannica.com/topic/Boko-Haram

ќе преживее. Оваа современа жена муслиманка и понатаму се залага за правото на образование на девојчињата.Таа стана глобален симбол за мирен протест и најмладо номинирано лице за Нобеловата награда за мир. Истата ситуација и денес може да се сретне во овој дел од светот, постојат и други девојчиња, жени-безгласни а слични на патешествиата на Малала.

Во текот на исламската историја, конструкциите, институциите и мисловните модели кои биле развиени од страна на раните муслимански општества, а кои стојат во основата на централните дискурси на исламот, одиграле главна улога во дефинирањето на местото на жената во муслиманските општества. Растечката сила на исламистичките движења денес, коишто го поттикнуваат повторното воспоставување на овие закони и практики коишто ги промовираат централните исламски дискурси, направи проучување на ова наследство, кое се однесува на жените и на родот да се укаже како особено релевантно.[42]

Со оглед дека во овој дел од трудот се осврнуваме на жената муслиманка во современиот свет би сакала да го дадам примерот за Ајша Фарук, жена со арапско потекло која живее во Велика Британија. Ајша Фарук дипломирала на Универзитетот во Јорк, на магистерски студии по англиски книжевни студии. Таа е новинарка и блогерка со голем интерес за прикажувањето на современите британски муслимани. Оваа современа жена муслиманка пишува за своите искуства како модерна муслиманка во Британија. Таа ги критикува медиумите за стереотипните претставувања на муслиманките во бурки и размислува за тоа какви реперкусии има тоа врз нејзиниот идентитет.

Таа во својата објава на интернет истакнува: „Дејвид Камерон ни кажа дека мултикултурализмот не успеа во Британија. Како млада жена муслиманка која живее овде цел живот, јас сум склона да мислам дека тој е во право. Не успеал затоа што не си ме ни запознал а веќе ме сожалуваш. Во 1900-тите нѐ сожалувавте нас жените затоа што се изгладнувавме за да добиеме глас. Денеска не жалите затоа што се нарекуваме муслимани. Ова го велам, не како жена која носи хиџаб и целосно се покрива, бидејќи јас не го правам тоа. Меѓутоа, растењето околу колешките со поцврста вера од мене ми ги отвори

[42] Лејла Ахмед, *Жената и родот во Исламот*, 1992

очите за огромните поделби на кои општеството тврди. Да се биде муслиман во денешно време е доволно тешко како што е, но да се биде муслиманка е особено потешко. За ова може да се откријат многу причини, но медиумите секако играат водечка улога.“[43]

Медиумите дејствуваат особено брзо во конкретизирањето на одреден стереотип за тоа како се однесуваат различни типови на луѓе. Со прикажувањето на разликите кои постојат помеѓу луѓето, тие се повеќе се оддалечуваат. Проблем произлегува од тоа што наместо да се помогне да се зближат луѓето, тоа уште повеќе ги одвојува и створа предрасуди за различните од нив.

На нејзиниот блог Ајша Фарук наведува на неколку видови немуслимани од кои издвојува два вида, и тоа:

Прво, расист кој ги гледа муслиманите како терористичка секта чија единствена цел во животот е да ја освои Велика Британија и западниот свет.

Второ, неуките: оние поединци кои толку малку знаат за муслиманите и исламот што се прашуваат што научиле во животот.

Според оваа жена муслиманка постои општ консензус меѓу муслиманките повеќе како неа, дека овие жени муслиманки се под континуирана контрола од сите членови на општеството, муслимани и немуслимани подеднакво. Немуслиманите ги гледаат како премногу резервирани и премногу религиозни, но сепак за муслиманите, тие не се доволно религиозни.

Медиумскиот догматизам треба да ја сподели вината за ова со нивната тесно искривена слика за исламот и нивното очигледно незнаење за општеството што толку многу се трудат да го заштитат. Тие успеаја да манипулираат не само со начинот на кој другите ги доживуваат муслиманките, туку и како муслиманките се доживуваат себеси. Медиумите ја уништија секоја шанса за мултикултурализам бидејќи наместо да се здружат луѓето, тие се раздвоија, односно станаа спротивните страни на полето за играње.

[43] https://blogs.lse.ac.uk/equityDiversityInclusion/2012/03/through-the-eyes-of-a-modern-muslim-woman/

Во суштина потребно е да се работи на минимизирање на разликите во секое општествено опкружување, а не истото да биде зацементирано и да не може да се движи напред од разликите.

Додека ги читав нејзините објави се присетив и на еден личен пример од пред неколку години, односно пред повеќе од 20 години, уште во моите средношколски години, кога враќајќи се од училиште со мојата блиска другарка, наидов на недолични зборови и презир од страна на две машки лица кои поминувајќи покрај нас, ни упатија презирни зборови поради фактот дека сме муслиманки (од говорот), а не сме покриени со хиџаб. Во тој момент се почувствував неубаво, мислејќи на тоа што сум згрешила со моето однесување односно си го поставив прашањето како сум можела да ги испровоцирам за да се однесуваат на таков начин. Притоа сфатив дека стереотипите и предрасудите не доаѓаат само од различните верски припадници, различни класи, слоеви туку дека доаѓаат и од поединците кои без да ја направат општата слика, да ги земат во предвид сите карактеристики на личноста без оглед маж/жена, сакаат да делат, сакаат да критикуваат, мразат, или со еден збор судат пред да сослушаат.

### 3.1 Жената муслиманка во европските земји

Кога говориме за современиот свет мислиме на денешно време, иако велиме современ свет се поставува прашањето дали сме го достигнале приматот на современо општество, земајќи во предвид дека продолжува борбата за уживање на еднакви права и можности за сите, подеднакво во сите сфери на општественото дејствување.

Многу меѓународни документи, конвенции, законски рамки со гаранции за уживање на основните слободи и права, со гаранции за заштита на основните слободи и права, еднакви можности, еднаков пристап, изречна забрана за дискриминација, а сепак бројни случи на кршење на основните слободи и права, дискриминација по разни основи и слично.

Идеално општество не постои, така да останува само стремежот за приближување кон некое подобро општествено опкружување.

Во светот денес постојат бројни примери на современи држави кои воведуваат бројни забрани и ограничување на основните слободи и права на жените муслиманки, особено прашањето во однос на носењето шамија. Во некои земји забрането е да се демонстрира религиозната припадност на муслиманската жена на јавни места, а во некои не е дозволено целосно да ги скријат нивните лица. Законите на одредени земји налагаат хиџабот да го отстранат наставниците, учениците, судиите, жените возачи, жените војници, па дури и жените што го користат јавниот превоз.

Во овој дел од трудот ќе наведам неколку примери, како поткрепа на горе наведеното.

### 3.1.1 ШВАЈЦАРИЈА

На крстосницата на неколку големи европски култури се наоѓа Швајцарија, земја со разнолика култура и земја во која како национални јазици се јавуваат дури три европски јазици, и тоа: германскиот, францускиот и италијанскиот јазик. Како друг јазик што ретко се користи се јавува ретороманскиот јазик.[44]

Прашањата поврзани со исламот и женските права континуирано предизвикуваат внимание и во оваа развиена и разнолика европска земја, додека како по свеж пример може да се спомене предлогот за уставни промени во 2021 година. Имено, во 2021 година во Швајцарија беше поднесена иницијатива за уставни промени преку референдум за забрана за покривањето на жените муслиманки во целата земја. Главниот иницијатор на овој предлог е истакнатиот швајцарски политичар Walter Wobmann.[45]

Предлагачите на оваа забрана застапуваат мислење дека носењето шамија на лицето ја симболизира репресијата врз жените и дека се неопходни мерки за истото.  Во однос на ова прашање, јавноста во Швајцарија била поделена.

Имено, Швајцарската влада и големото мнозинство од парламентот во Берн препорачаа да се гласа против забраната за покривање на жените. Женскиот

[44] Реторомански јазик (рето-фрилијански, ретски, алпско-романски, ладино, итн.) е вообичаено име за група прилично неуникатни романски идиоми од „алпско-романската подгрупа“ (според други: „Итало-Романса") се зборува во три одделни области помеѓу горната Рајна со нејзините извори и заливот Трст
[45] Политичар припадник на национал-конзервативната „Швајцарска народна партија”, кој во 2009 година на референдум се изборил за забрана за изградба на нови минариња во Швајцарија.

совет на католичката бискупска конференција, исламски здруженија и некои политичарки феминистки сметаат дека забраната за носење шамија ги загрозува верските слободи во Швајцарија.[46]

На овој референдум се изгласа забраната за покривање на лицето на јавни места, како што се ресторанite, јавниот превоз и други објекти освен носењето на никаб и бурка во верските објекти или покривање на лицето со маска за спречување на ширење на коронавирусот, од здравствени причини. Швајцарија иако е седиште на бројни меѓународни организации и потписничка на многу меѓународни документи и конвенции за заштита на основните човекови права и слободи, ја земавме како прв пример на земја во која се носат рестриктивни мерки и прописи, сепак постојат и други европски земји (пр. Германија, Франција и др.) во кои има ограничувања во однос на слободата на носење на шамија и слично.

Пример од судската пракса на Европскиот суд за човекови права е и случајот Osmanoglu and Kocabas v. Switzerland (Application no. 9086/12, Judgement of 10 January 2017), кое го поставува прашањето дали заедничкото задолжително пливање на обата пола-машки и женски пол, кое е против волјата на родителите на две девојчиња (родени 1999 година и  2001 година) кои се со муслиманска вероисповед, го повредува членот 9 кој се однесува на Слободата на мислење, совест и вера од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи.

Судскиот случај е следен: Во Швајцарија, родители муслимани не дале дозвола нивните две ќерки да учествуваат на задолжителни часови по пливање во нивното државно училиште, бидејќи според нив пливањето на обата пола заедно го повредува исламскиот принцип жените да бидат соодветно покриени пред мажите. Во 2010 година властите ги казниле родителите со 1.400 швајцарски франци поради тоа што нивните ќерки не присуствувале на овој задолжителен час. Спрема ставот на училиштето, девојчињата сè уште не ја имале достигнато пубертетската возраст, па затоа не потпаѓале под таков исклучок од часови по пливање според швајцарските закони. Во 2017 година судот едногласно решил

[46] https://www.dw.com/mk/швајцарија-референдум-бурка-шамија-покривање-религија/a-56785452

дека во овој случај не постои повреда на Конвенцијата. Одлуката наведува дека државите имаат широка маргина на уважување по однос на балансот помеѓу верската слобода и државната желба да ги образува учениците во согласност со домашната традиција и потреби. Се нагласува фактот и дека училиштето покажало флексибилност со оглед на тоа што понудило девојчињата да пливаат во бурки и да ја менуваат својата облека без присуство на машките деца. Наведено е и дека со оглед на потребата од социјалната интеграција, особено кога се во прашање деца со странско потекло, учениците треба во потполност да учествуваат во процесот на нивната едукација и да не бидат исклучени поради потеклото на нивните родители. Затоа, судот, исто така, сметал дека паричната казна не била диспропорционална кон целта која властите сакале да ја постигнат, ниту, пак, непотребно груба.[47]

### 3.1.2 СР ГЕРМАНИЈА

Сојузна Република Германија може да се наведе како втор пример, најнаселената земја членка на Европската унија, со доминантно христијанско население, додека втори по ред се припадниците на исламската вероисповед. Во нивниот Устав се гарантира слободното изразување на религијата. Уставот забранува дискриминација базирана на религиозно мислење и предвидува слобода на вера и совест, слобода на изразување религиозно или филозофско верување и слобода на практикување на својата религија.

Според пресудата на Сојузниот уставен суд од 2015 година, општите забрани за носење шамии за наставниците во државните училишта се кршење на верските слободи, но спроведувањето им е препуштено на државите, кои може да одредат дали се применуваат посебни околности. Покраините Баварија, Северна Рајна Вестфалија (NRW) и Сар донесуваат одлуки од случај до случај, додека Шлезвиг-Холштајн, Хамбург, Бремен и Долна Саксонија не забрануваат носење шамии за наставниците. [48]

---

[47] https://www.osce.org/files/f/documents/7/0/385947.pdf, Човекови права, д-р Јован Ананиев д-р Беса Арифи д-р Наташа Габер-Дамјановска д-р Мирјана Лазарова-Трајковска д-р Жанета Попоска м-р Славица Чубриќ.

[48] https://www.state.gov/reports/2020-report-on-international-religious-freedom/germany/

Правните спорови во германските судови за носењето шамија на главата започнале години наназад уште во 1998 година кога жена муслиманкаФерешта Лудин поднела тужба бидејќи сакала да продолжи да ја носи шамијата додека работи како наставник во германската покраина Баден-Виртемберг. Жената по потекло од Авганистан, претходно стекнала германско државјанство. Нејзиното барање е одбиено со образложение дека наставниците треба да останат неутрални во однос на учениците во секуларна држава каква што е Германија.[49]

Во контекст на еден од примерите постапувано е и од страна на Судот на правдата на Европската Унија , во чија одлука се истакнува дека: „Забраната за носење каква било видлива форма на изразување на политички, филозофски или религиозни убедувања на работното место може да се оправда со потребата работодавачот да обезбеди неутрална слика за клиентите или да спречи општествени конфликти“.[50]

Имено, се работи за два судски случаи, во кои жена муслиманка - негувателка во детска градинка во Хамбург, при вработувањето не носела шамија, како и вториот судски случај вработена во аптека не носела шамија кога почнала да работи на таа позиција, но решила да го стори тоа години подоцна, откако се вратила од родителско отсуство. Од страна на работодавците се предупредени дека тоа не е дозволено и дека ќе бидат суспендирани или прераспоредени на друга работа доколку повторно се појават со хиџаб.

Во јули месец 2021 година, Европскиот суд на правдата (ЕСП) ја потврди пресудата од 2017 година со која им дозволува на работодавците да усвојат политики за неутралност со кои се забранува верска облека на работното место.[51] Но, на оваа одлука додаде услови, односно, работодавците треба да докажат дека политиката на неутралност што ја усвоиле е од суштинско значење за бизнисот.

---

[49] https://www.dw.com/en/can-muslim-women-wear-a-headscarf-at-work-in-germany/a-17953746

[50] https://curia.europa.eu/jcms/upload/docs/application/pdf/2021-07/cp210128en.pdf

[51] https://www.aljazeera.com/news/2021/9/24/muslim-women-struggle-with-germanys-hijab-ban-in-workplaces

### 3.1.3 ФРАНЦИЈА

Република Франција е демократска држава во Европа, една од земјите основачи на Европската Унија, чии главни вредности се декларирани во Декларацијата за правата на човекот и на граѓанинот од 1789 година (*La Declaration des droits de l'Homme et du citoyen) според која во членот 10 утврдено е дека: Никој не смее да биде вознемирен поради неговите мислења, дури и религиозни, се додека пројавувањето на таквите мислења не го попречува воспоставениот Закон и поредок.*[52]

Иако основните слободи и права на луѓето се камен темелник на секое демократско општество, меѓу кои е и слободата на вероисповед и правото на индивидуална автономија сепак се јавуваат примери од многу демократски земји каде се ограничуваат одредени права на луѓето. Според адвокатката Афнан Акрам вакви прекршувања започнале со забраната за покривање на лицето во Франција и се прошириле и во други земји, како Австрија и слично. Според неа овие забрани имаат непропорционално влијание врз муслиманките кои избираат да ги покриваат лицата како дел од нивните религиозни убедувања и личниот идентитет.[53] Афнан Акрам во својата објава дискутира за тоа како забраните за превез на лице прекршуваат неколку членови од Европската конвенција за човекови права, прашањата со образложението на Европскиот суд за човекови права за потврдување на забраните, последиците од забраните за муслиманките кои живеат во земји кои ги имаат имплементирано и друго.

Интересен понов пример од судската пракса за  Француската република е пресудата на Европскиот суд на правдата во март месец 2017 година, кој изрече пресуда за  случај кој е поврзан со носењето на шамија на работно место од страна на една инженерка за дизајн во Франција, по име Асма Буњауи (Asma Bougnaoui).  Имено, согласно доказите со кои располагало Судот се утврдило дека г-ѓа Bougnaoui се сретнала со претставник на Micropole, приватна компанија, на студентски саем во октомври 2007 година, пред да биде регрутирана од Micropole, и дека претставникот ја информирал дека носењето исламската марама може да претставува проблем кога би била во контакт со

---

[52] https://www.elysee.fr/en/french-presidency/the-declaration-of-the-rights-of-man-and-of-the-citizen
[53] Your "Liberation," My Oppression: European Violations of Muslim Women's Human Rights, Afnam Akram

клиентите на компанијата. Кога г-ѓа Bougnaoui дошла во фирмата Micropole 2008 година на стажирање, таа носела обична бандана. Таа потоа почнала да носи исламска марама на работното место. По завршувањето на нејзината пракса, во 2018 година Микрополе ја вработила како проектант инженер, со договор за вработување на неопределено време, додека истата била отпуштена со писмо од 22 јуни 2009 година. Во писмото било наведено дека клиентот со кого комуницирала имал забелешка дека носењето вел вознемирило голем број негови вработените и побарало да „нема превез следниот пат“. При нејзиното вработување од страна на компанијата и било укажано дека целосно го почитуваат принципот на слобода на мислење и верските убедувања на сите, но дека, бидејќи би биле во контакт внатрешен или надворешен со клиентите на компанијата, нема да може да носи вел во сите околности. Во интерес на бизнисот и за неговиот развој, компанијата истакнала дека се должни, во однос на клиентите, да бараат да се почитува дискрецијата во однос на изразувањето на личните преференци на нивните вработени.

Бидејќи Асма Буњауи сметала дека отпуштањето е дискриминаторски истата година кога била отпуштена, во 2009 година поднела тужба пред надлежен орган во Париз. На 4 мај 2011 година, парискиот индустриски трибунал (Conseil de prud'hommes de Paris) донела Одлука при што наредиле на фирмата (*Micropole*), да плати компензација во однос на нејзиниот отказен рок бидејќи во своето отказно писмо не ја навеле сериозноста на наводното недолично однесување на Буњауи и го отфрлиле остатокот од тужбата со образложение дека ограничувањето на слободата да носи исламска марама била оправдана со нејзиниот контакт со клиентите на таа компанија и пропорционална со целта на Микропол да го заштити својот имиџ и да избегне конфликт со верувањата на своите клиенти.

Барањето за поведување на постапка пред европскиот суд на правдата е помеѓу Буњауи и Здружението за заштита на човековите права од една страна против Micropole SA, порано Micropole Univers SA („Микропол“).[54] Од страна на европскиот суд на правдата се наведува дека „Интерно правило на претпријатие кое забранува јавно носење на било какви политички, филозофски или религиски

[54] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62015CJ0188

знаци не претставува директна дискриминација“. Пресудата се базира на Директивата за антидискриминација и еднаков третман 2000/78 на ЕУ.
Со цел да се обезбеди целосна партиципација на граѓаните во ЕУ, вклучувајќи и во економскиот живот, европската Директива 2000/78 забранува „било каква директна или индиректна“ дискриминација.

Членот 3(1) од директивата вели:

„Во рамките на границите на областите на надлежност доделени на Заедницата, оваа Директива се применува на сите лица, во однос на јавниот и приватниот сектор, вклучително и јавните тела, во врска со:

(в) вработување и работни услови, вклучувајќи отпуштања и плата;

Директивата потекнува од европската конвенција за фундаментални права усвоена во 2000 година, како и од постарата верзија – Конвенцијата за фундаментални права и слободи од Рим од 1950 година. Членот 9 на Конвенцијата од 1950 година вели дека секој има право да „ја манифестира својата религија или уверување, во форма на обожување, учење и практикување“. Членот 10 од новата Конвенција исто така ја потврдува слободата на практикување на религијата, но во член 16 исто така вели дека компаниите имаат „слобода да го водат бизнисот во согласност со правото на Унијата и националните закони“.[55]

Во однос на оваа пресуда постојат спротивставени правни мислења, односно додека едни ги подржуваат одлуките на европскиот суд, другите сметаат дека имало дискриминација врз основа на религија и верување.

Република Франција во 2010 година донесе закон со кој се забрани покривање на лицето на јавни места .

Во контекст на горенаведениот закон, поведена е судска постапка пред Европскиот суд за човекови права. Имено, во случајот С.А.С. против Франција (молба бр. 43835/11), која е конечна1, одлучи европскиот суд за човекови права, со мнозинство, дека немало повреда на член 8 (право на почитување на приватното и семејството живот) од Европската конвенција за човекови права, и

[55] Европската конвенција за фундаментални права усвоена во 2000

нема повреда на член 9 (право на почитување на слобода на мисла, совест и религија); едногласно, дека нема повреда на член 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција во комбинација членовите 8 или 9.

Од страна на еропскиот суд дека утврдено е дека: почитувањето на условите за „заеднички живот“ е легитимна цел спорната мерка и тоа, особено бидејќи државата имала многу простор за маневрирање („широкамаргина на благодарност“) во однос на ова општо политичко прашање за кое имаше значајни разлики во мислењата, забраната наметната со Законот од 11 октомври 2010 година не ја прекршила конвенцијата.

Апликантката е француски државјанин која е родена во 1990 година и живее во Франција. Таа е побожна муслиманка, а во своите поднесоци навела дека носела бурка и никаб во согласност со нејзината религија вера, култура и лични убедувања. Како што објаснила истата, бурка е покривка за целото тело вклучувајќи и мрежа преку лицето, а никабот е превез на целото лице што остава отвор само за очите. На жалителката исто така нагласила дека ниту нејзиниот сопруг ниту кој било друг член од нејзиното семејство не вршел притисок врз неа да се облече на овој начин. Таа додала дека никабот го носела јавно и приватно, но не систематски. Така, таа била задоволна што не носи никаб во одредени околности, но истакнала дека ќе може да го носи кога ќе одлучи да го стори тоа. И на крај, нејзината цел не била да ги нервира другите, туку да чувствува внатрешен мир во себе.

Потпирајќи се особено на членовите 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот), 9 (слобода на мислата, совест и религија) и 10 (слобода на изразување), апликантот се пожалил дека не може да го носи превезот на целото лице во јавност. На крај, според член 14 (забрана на дискриминација) таа се пожалила дека забраната довела до дискриминација врз основа на пол, религија и етничко потекло, на штета на жените кои, како и таа, носеле превез на целото лице.

Забраната наметната со законот од 11 октомври 2010 година, мора да се признае дека има специфични негативни ефекти врз ситуација на муслиманки кои од религиозни причини сакале да носат превез на целото лице во јавност.

Меѓутоа, таа мерка имала објективно и разумно оправдување за причините претходно посочена. Според тоа, немало повреда на член 14 земен заедно со членовите 8 или 9. Судот исто така била на ставот дека нема посебно прашање според член 10 од конвенцијата, земено посебно или заедно со член 14 од истата.[56]

### 3.1.4 АВСТРИЈА

Република Австрија е земја во која најзастапена е римокатоличката вероисповест, додека голем дел од населението на земјата се христијани, но има и голем број на муслимани, атеисти, евреи и други.

Во оваа држава во која живее население со муслиманска вероисповед, во 2019 година, парламентот на Австрија донесе одлука за забрана за носење шамија на учениците во основните училишта во државата. Со овој закон, во основните училишта се забрани „носење на светогледна или религизона облека со која е поврзано покривање на главата". Беше нагласено дека законот е насочен пред сè против исламската шамија, а не против еврејската кипа или патка на сиките.

Со новиот закон, кој не бил донесен со двотретинско мнозинство своите гласови ги дале пратениците на австриската коалиција од конзервативната Австриска народна партија и од деснопопулистичката Слободарска партија на Австрија, во иднина во основните училишта се забранува „носење на светогледна или религизона облека со која е поврзано покривање на главата", односно законот е насочен пред сè против исламската шамија, а категорично не против еврејската кипа или патка на сиките.

Венделин Мелцер од Слободарската партија изјавил дека со забраната за носење шамија треба да се даде сигнал „против политичкиот ислам и промовирање на интеграцијата". Пратеникот на Австриската народна партија,

[56] Registrar of the Court ECHR 191 (2014) 01.07.2014)

Рудолф Ташнер[57], истакнал дека станува збор за ослободување на муслиманските девојчиња од „потчинетост“.[58]

Опозицијата во Австрија била против забраната за носење шамија и ја обвинила австриската влада дека не ѝ е грижа за доброто на децата, туку сака само да продуцира наслови во медиумите.

Австрискиот исламски сојуз ОГГО остро ја критикувал забраната за носење шамија. Офицјалната организација на австриската муслиманска заедница при што имаат изјавено дека правно ќе го оспорат „деструктивниот“ закон што „ги дискриминира исклучиво муслиманите“.[59]

Во декември 2020, Уставниот суд во Австрија установил дека забраната е незаконита и ќе биде укината, бидејќи се заклучува дека донесениот закон се однесува исклучиво на една религија - во овој случај исламот и е спротивна на неутралноста на оваа земја. Според Уставниот суд тоа е селективна забрана и дискриминирачка, која забрана на младите муслиманки би можела да им го отежни пристапот до образование.[60]

## 3.2 ЖЕНИ МУСЛИМАНКИ ВО ЗЕМЈИ КАДЕ ПОГОЛЕМ ДЕЛ ОД НАСЕЛЕНИЕТО Е ОД ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕСТ

Статусот на жената во исламските општества го одредувале правилата на исламската вероисповест,социјалното и политичкото опкружување, етничката структура и културното наследство од предисламските времиња. Поради оваа причина, не може да се каже дека жените се на иста позиција секаде и во секој период во исламскиот свет.[61]

---

[57] Rudolf Taschner, истакнат математичар, автор и политичар-Австриска народна партија, член на Националниот совет во Австрија https://www.parlament.gv.at/WWER/PAD_02329/index.shtml#
[58] https://p.dw.com/p/3IaE6
[59] https://learngerman.dw.com/en/austria-bans-muslim-headscarf-in-primary-schools/a-48756057
[60] https://www.danas.rs/svet/zabrana-devojcicama-da-nose-hidzab-u-austriji-diskriminatorska
[61] *Aydın, Mehmet Akif. "Kadın". Türk Diyanet Vakfi İslam Ansiklopedisi, Cilt 24, yıl 2001. 22 Ağustos 2016 tarihinde kaynağından arşivlendi.*

Според шеријатското право, во исто општество како на мажите, така и правата и одговорностите, како и кодексот на облекување на жените заробенички или наложници и слободните жени се разликувал.

Постојат два спротивни пристапа  меѓу муслиманите во однос на правата на жените во исламот. Додека едниот пристап е дека исламот ги става жените на највисок ранг и им ги дава на жените сите нивни права; другиот е ставот на оние кои го доживуваат Куранот како текст кој ги одразува предрасудите на патријархалното арапско општество и ги ограничува жените на позиција од втор ред.[62]

Сепак, проблемот не е ограничен само на световните вредности како што се општествените позиции на жените. Според Куранот, судбината на жените во ахирет (живот после смрт) зависи и од судбината на нивните сопрузи.[63]

Земајќи ги во предвид разликите од социјалната и политичката средина, етничката структура и различните ставови, како културно наследство од предисламскиот период, придонеле жените да земаат активно учество во деловниот и трговскиот живот во некои исламски општества, во некои средини не се смета за соодветно жените сами да одат дури ни во чаршија во некои поранешни и сегашни исламски општества.

Покрај тоа што во најголем дел светот делумно се забранува носењето верска женска облека на јавни места, особено во земјите на Западна Европа, сепак во светот има три држави (Иран, Јемен и Саудиска Арабија) каде што таквата облека е задолжителна односно симболот на муслиманската жена е шамијата.

Со оглед дека го спомнавме Иран  интересна е изјавата во 1997 година, на иранската парламентарка Марзие Садиги која изјавила дека нивните глави треба да бидат покриени, но тие не се обврзани да носат шатори и додала дека: "Сама го избрав шаторот. Затоа што шаторот е наш традиционален хиџаб и симбол. Особено жените со политички идентитет го претпочитаат шаторот.

[62] *Gürhan, Nazife. "Kadın bakış açısıyla Kuran'ı Yeniden Okuma Denemesi- Amina Wedud- kuran ve Kadın". e-Şarkiyat İlmi Araştırmalar Dergisi Sayı 6, Kasım 2011. 2*

[63] Kuran, kadınların erkekler gibi cennete ve cehenneme gideceğini söyler, ancak kadınların ahiretteki kaderi kocalarının kaderine bağlıdır. Roded, “Women and the Qurān”, Encyclopaedia of the Qur'ān, 523–524

Затоа што шаторот ја открива нашата разлика од другите муслимански земји и не прави да се истакнеме. Изборот на црната боја како боја на шаторот е исто така многу старо. Црното е наше. Тоа е во нашата култура. Црното испраќа политичка порака“.[64]

Постојат различни видови како хиџаб, никаб, бурка кои се дел од големиот број различни покривки што ги носат жените муслиманки низ целиот свет. Се разликуваат неколку вида, односно од целосно покривање до носење само марама преку главата, меѓу кои:

**-Хиџабот** е превез што жените традиционално го носат во присуство на возрасни мажи надвор од нивното потесно семејство, а служи за покривање на главата, косата и на вратот, но не и лицето. Хиџабот е всушност најлиберален и се состои од марама/вел преку главата

**-Никабот** е превез за лицето, кој е отворен во пределот на очите, но може да се носи и со посебна мрежа за очи, во комбинација со марама.

**-Бурката** е најзатворен од сите превези и се состои од еден дел што ги покрива и лицето и телото, често со тесна мрежа во пределот на очите. Ал амира е дводелен превез, составен од тесна капа, најчесто изработена од памук или полиестер, и шамија.

Некои жени муслиманки носат и **химар,** превез со должина до половината, кој целосно ги покрива главата, вратот и рамената, но не и лицето.

Значајно е да се напомене дека во земјите на арапскиот полуостров постојат фундаменталистички терористички организации кои силно се спротивставуваат на образованието на жените муслиманки и нивното учество во општествениот живот и истите организираат напади врз образовните институции, а особено врз жени и девојчиња. Очигледна е и појавата на екстремистички настроени групи и држави кои борејќи се против западноевропската и политиката на други земји, носат и пропагираат правила кои наводно имаат за цел да ги спасат муслиманите од модернизација.

[64] https://www.sabah.com.tr/aktuel/2013/10/31/musluman-ulkelerde-basortusu-tercih-mi-zorunluluk-mu

Во продолжение ќе се осврнеме на местото и улогата која ја имаат жените во неколку држави каде поголем дел од населението се припадници од исламската вероисповест.

### 3.2.1 Турција

По прогласувањето на Републиката во 1923 година, според Уставот, Република Турција е демократска, социјална правна и секуларна држава, односно иако најголем дел од населението е од исламска вероисповед, нејзиниот систем не дозволува мешање на верата во политиките и системот на државата.

Согласно Уставот на Република Турција еднаквоста и социјалната правда се меѓу основните права и слободи на секој турски државјанин.

Согласно член 10 од Уставот на Република Турција (1982) ,кој носи наслов „еднаквост пред законот“ утврдено е дека:„Сите се еднакви пред законот без никаква дискриминација врз основа на јазик, раса, боја на кожа, пол, политичко мислење, филозофско убедување, религија, секта и слични причини“. (Дополнителен став: 7/5/2004-5170/1 чл.). Жените и мажите имаат еднакви права.[65]Државата е одговорна да ја обезбеди оваа еднаквост.

Почнувајќи од Уставот, како највисок правен акт, кривичниот законик и во другите закони во Република Турција поставена е подлогата, односно правната основа за родовата еднаквост меѓу жените и мажите која придонела за дополнително зајакнување на државата, како и документите што се потпишани од областа на меѓународните човекови права и правата на жените и е вистински процес на адаптација во денешниот свет. Несомнено, во сите овие случувања значителен удел има и афирмацијата на Република Турција да стане и земја членка на Европската унија.

Значајно е да се напомене дека Република Турција уште од првите години од своето обликување како република и се припишува многу позитивно значење во однос на еднаквоста на мажите и жените во вистинска смисла, со што прави

---

[65] Устав на Р.Турција член 10 и дополнителен став 5170/1 од 7мај 2004 год
https://www.icisleri.gov.tr/kurumlar/icisleri.gov.tr/IcSite/illeridaresi/Mevzuat/Kanunlar/Anayasa.pdf

радикални промени во споредба со други држави. Добар пример од тој временски период е дека жените се стекнуваат со право да гласаат и да бидат избрани (1934), што е важен чекор во признавањето на жените како еднакви граѓани во едно современо општетсво.

Како и во секое современо општество, жените имаат значајно место во турското општество, како жена поединец, мајка или сопруга, која има улога на „мост“ помеѓу семејството и општеството. Големиот државник, основоположникот на Република Турција, Мустафа Ќемал Ататурк придавал големо значење на семејството и жената како столбот на семејството во турското општество.

Во контекст на темата на овој труд како интересен пример може да се наведе примерот со жената муслиманка по име Мерве Кавакчи, која на изборите во 1999 година во Турција од страна на политичката партија Фазилет беше избрана во Истанбул за пратеник во Големото турско национално собрание. Оваа жена муслиманка, турски академик, политичар и дипломат тој период наиде на остри критики од страна на тогашниот претседател Сулејман Демирел и премиерот Булент Еџевит. Имено, после изборите во Република Труција, месец мај 1999 година, беше исклучена/исфрлена од парламентот бидејќи иако во Република Турција, како секуларна држава беше забрането, Мерве Кавакчи се појави на овој настан со турбан на главата, со цел да положи заклетва во Големото национално собрание на Турција. Остри критики имаше од страна на претседателот Сулејман Демирел за Мерве Кавакчи, во врска со носењето шамија на церемонијата на полагање заклетва во салата на Генералното собрание. Од страна на тогашниот премиер Булент Еџевит беше изјавено дека ќе ја испитаат ситуацијата на Мерве Кавакчи и ги критикуваше демонстрациите во Иран. Оценувајќи го протестот на група жени во Иран за Кавакчи против Турција, Еџевит рече: „Иако не се мешаме во внатрешните работи на Иран, за жал, Иран продолжува со напорите да ја извезе својата идеологија во Турција“. [66]

[66] http://byegm.gov.tr/ayintarihidetay.aspx?Id=130&Yil=1999&Ay=5
https://web.archive.org/web/19960601000000/http://byegm.gov.tr/ayintarihidetay.aspx?Id=130&Yil=1999&Ay=5

Оваа жена муслиманка со својата активност има добиено бројни признанија и награди, а во 2009 година била избрана на листата на „500 највлијателни муслимани во светот“ подготвена од Универзитетот Џорџтаун. Во моментот, Доц. Др. Мерве Кавакчи е амбасадор на Република Турција во Куала Лумпур.[67]

Република  Турција е првата земја што ја ратификуваше Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (CEDAW) на Советот на Европа усвоена во Истанбул. Конвенцијата настојува да го спречи насилството врз жените, вклучително и семејното насилство, и да ја запре правната неказнивост на сторителите.

Во 2021 година, Претседателот на Република Турција потпиша указ за повлекување од Истанбулската конвенција, која беше потпишана 2011 година. Истакнувајќи дека сите подготовки за четвртиот Национален акциски план за борба против насилството врз жените, кој ги опфаќа годините 2021-2025 година, под координација на Министерството за семејство, труд и социјална работа, се завршени, министерката Зехра Зумрут Селчук изјавила: „Затоа, Истанбулската конвенција не е нашата единствена алатка во борбата против насилството врз жените, имаме многу алатки. Со иста решителност, па дури и со изнаоѓање поефикасни решенија. Продолжуваме да ги користиме овие алатки“.[68]

Иако Република Турција беше меѓу државите која прва ја ратификиуваше Истанбулската конвенција која содржи ефикасни мерки и дејствија кои треба да ги преземат страните-државите во справување со насилството врз жените и семејното насилство сепак се повлече од оваа конвенција, која е од особено значење во заштитата од насилство врз жените-родово базирано насилство и семејното насилство.

Според експертите, стапката на жени кои биле изложени на физичко насилство од страна на нивниот сопружник или поранешен сопружник е 39% низ целата земја. Спротивно на популарното верување, стапката на насилство врз

[67] http://kualalumpur.be.mfa.gov.tr/Mission/Biography
[68] https://tr.euronews.com/2021/03/24/bakan-selcuk-istanbul-sozlesmesi-siddetle-mucadeledeki-tek-arac-m-z-degil

жените во руралните и урбаните средини е речиси еднаква. Региони каде насилството е најинтензивно се регионите на источна и централна Анадолија.[69]

### 3.2.3 Иран

Исламската Република Иран се заснова, од една страна, на принципите на независност, слобода и прогресивни исламски верувања, а од друга страна, на принципите на демократијата, преку трите независни сили и директен и индиректен надзор над луѓето над сите основни органи на власта во земјата. Корените на Шеријатските правила во исламот, санкционирани со закон и на друг начин, постојат потенцијално во чистата човечка природа и целото човештво има еднаков удел во овој основен инстинкт без разлика на религија, раса и друго.

Од перспектива на исламот, човечкото суштество има достоинство и мора да биде почитувано како интелигентна креација која поседува слободна волја. Уставот експлицитно наведува дека Исламската Република Иран е систем на владеење засновано на верба во човечкото достоинство и вредност, и во фундаменталните слободи заедно.[70]

Според Индексот за жени, мир и безбедност (WPS) за 2017-2018 година, Иран се рангираше на 116 од 153 земји во однос на правната дискриминација. Жените немаат законска заштита од семејно насилство или сексуално вознемирување од никого, а уставот нема клаузула за недискриминација со полот како заштитена категорија.

Една од областите што е темелно преиспитана е начинот на облекување на жените и дали ја покриваат косата - претходниот Шах забрани покривање на лицето во текот на 1930-тите. На почетокот на 1980-тите, новите власти воведе задолжителен кодекс на облекување според кој жените мора да носат хиџаб.

Што се однесува до правата и прашањата на жените, Високиот совет за културна револуција со кој претседава Претседателот ја има усвоено „Повелбата на женските права и одговорности“ во септември 2004 година како

---

[69] https://tr.wikipedia.org/wiki/T%C3%BCrkiye%27de_kad%C4%B1n_haklar%C4%B1
[70] https://lib.ohchr.org/HRBodies/UPR/Documents/Session20/IR/Iran2ndCycle.pdf

легислатива која ги обврзува сите владини тела. Исто така, „Законот за заштита на женските права и одговорности во домашни и меѓународни домени“ кој бил донесен во 2006 година од страна на Исламско консултативно собрание. Заштита на правата на граѓаните во сите области, без разлика на нивниот пол, еднаквост на сите пред закон, елиминација на нефер дискриминација и еднакви можностите за сите, се опфатени со Уставот и другите пишани закони на земјата, а владините органи се обврзани да преземаат неопходни мерки за заштита на правата на граѓаните и да ги обезбедат потребните можности за нивно уживање.[71]

Во однос на документи од областа на заштитата на човековите права интересен е примерот со Законот за пензионирање на вработени жени, со 20 години стаж донесен во јануари 2017 година. Исто така, во 2015 година е опфатен предлог-закон за заштита на жените од насилство, кој содржи: судски, дискрециони и превентивни мерки за заштита на жените од различни форми на насилство вклучително семејното насилство и се фокусира на четири главни елементи вклучувајќи го дефинирањето и утврдувањето на случаите на насилството, делата и казните на сторителите на дела на насилство, посебните кривични постапки за справување со случаи на насилство врз жените и формирање „национален комитет за заштита на жените обезбедување“.

На изборите во 2021 година во иранскиот парламент се влезени 17 жени, што е добар показател дека работите се придвижуваат на добра страна.

Покрај документите кои се донесени од областа на заштита на жените сепак постојат бројни активисти за поголема еманципација на жената. Меѓу нив позната е активистката Масих Алинеџад, новинарка, принудена во егзил, која живее меѓу Лондон и Њујорк и гласно се бори против режимот на власта. Според истата, овој систем е далеку од современ и унапреден во споредба со минатото на оваа држава.Жените во Иран се дискриминирани и нееднакви со мажите. Врз основа на овој систем, животот на жената буквално се смета за половина вреден од оној на мажот. Во случаите на деликти, таа има право на 50 отсто од износот што би го добил нејзиниот машки колега. Без оглед на нејзините достигнувања и

[71] https://lib.ohchr.org/HRBodies/UPR/Documents/Session20/IR/Iran2ndCycle.pdf

интелигенција, на нејзиното сведочење на суд правно се гледа со помал кредибилитет бидејќи таа „вреди“ само половина од маж.[72]

### 3.2.4 Ирак

Ирак е држава која се граничи со меѓу другите и со претходните две држави односно на север со Турција и на исток со Иран, додека поголем дел од населението е со исламска вероисповед.

Во доцните 1950 -ти години, Ирак стана првиот меѓу арапските земји што имаше жена министер. Д-р Назиха Аввавдет Ашгах ал-Дулаими, која била една од првите пионери на феминистичкото движење во Ирак, додека во 1959 година била назначена за министер за општини во Ирак. Таа била првата жена министерка во модерната историја на Ирак. За време на нејзината владина кариера, д-р Дулаими била одговорна за трансформација на огромните сиромашни квартови на источен Багдад во огромни јавни места и системи за домување, сега познати како Садр Сити.[73]

Значајно е да се истакне дека населението во Ирак претрпеа страшни последици изминатите неколку децении како резултат на конфликти, војни и санкции, а сето тоа особено се одрази врз ирачките жени и девојки. Додека жените и девојчињата имаа поголем пристап до образование, вработување и здравствена заштита помеѓу 1960 – 1980 години, војната Ирак-Иран (1980-1988) доведе до сериозно влошување на условите на жените.

По Првата заливска војна Обединетите нации воведоа санкции против Ирак во 1991 година, како и ефектите од владеењето на таканаречената „Исламска држава“ во Ирак (ИСИС) врз значајните територии на Ирак, каде жените поминаа и преку директно и индиректно насилство и ограничувања.

Во 2003 година во Ирак основана е Организацијата за слобода на жените во Ирак (OWFI), како невладина организација со најголем меѓународен профил,

---

72 https://www.mei.edu/publications/women-iran-political-representation-without-rights
73 https://www.yoair.com/mk/blog/the-sociocultural-implications-of-being-a-woman-in-iraq

а која се залага за борба за правата на жените во Ирак, социјална еднаквост меѓу мажите и жените и други прашања поврзани со жените. Претседателка на оваа организација е Јахар Мухамед, која е родена во Бангладеш и е една од најголемите феминистки во Ирак. Има добиено многу награди за својата работа како: Грубер наградата за Женски Права во 2018 година, Норвешката Награда Рафто во 2016 година како и наградата Еленор Рузвелт за Женски Права каде е признаена за подигнување на гласот на жените и штитење на нивните права во пост-воениот Ирак.[74]

Мнозинството население во Ирак е конзервативно, кое практикува племенски традиции и верски обичаи, на територија од Багдад до најдалечните рурални средини. Жените и девојките честопати страдаат од овие екстремно патријархални системи при што честопати се принудени на брак против својата волја, стануваат жртви на семејно насилство и злоупотреба и се лишени од правото за образование.

Според податоците на УНИЦЕФ[75], од 2018 година јужните провинции Мисан и Басра имаат највисока стапка на склучени бракови со деца. Во Мисан, 35 проценти од мажените жени во брак стапиле како тинејџери, додека во Басра тој процент изнесува 31.

Во овој регион често се спроведува обичајот познат како „Фаслија", во кој жените се нудат за брак како помирување на две завојувани племиња или како надомест за штета.[76] Практикувањето на присилен брак, вклучително и специфичните практики како што се размени на невести и бракови во замена на крвави пари (фаслија) и понатаму се на големо присутни, и покрај законските забрани. Понекогаш членови на семејството ги присилуваат жените и девојките на привремени бракови (мутаа) заради финансиска корист или за да отплатат долг. Привремените бракови не се законски признати и затоа жените и девојките

---

[74] http://ednakvi.mk/

[75] УНИЦЕФ е организација за заштита на детските права основана пред повеќе од седумдесет години за да одговори на критичните потреби на децата чиј живот беше разорен од Втората светска војна. Во 1993 година, УНИЦЕФ беше една од првите две агенции на ОН која отвори канцеларија во РС Македонија, откако таа стана независна држава. https://www.unicef.org/northmacedonia/mk

[76] Жените во Ирак жртви на модерното ропство-Зорана Гажовска Спасовска, 19 април2019

коишто биле венчани на ваков начин немаат право на наследство, алиментација или поддршка за детето, согласно податоците кои се добиени од документот насловен како „Аспекти што треба да се земат предвид во врска со меѓународната заштита за луѓето кои што бегаат од Република Ирак“ на УНХЦР од 2019 година.[77]

Ирачкиот устав им гарантира на жените исти права како и на мажите. Но, во пракса, жените во Ирак се соочуваат со различни форми на правна и социјална дискриминација и кршење на човековите права.

Во политичкиот и јавниот живот на Ирак, учеството на жените се зголемува во последниве години. Во предвремените парламентарни избори во 2021 година жените освоиле 97 места во однос на 329-члениот парламент на Ирак, односно 29,4 отсто од местата во парламентот. Ова претставува зголемување за 14 места во однос на утврдената квота за жени, вклучително и двајца победнички од малцинствата.[78]

Потребно е да се нагласи дека во Ирак сеуште се практикува односно се бројни убиствата на жени во име на честа“. Убиствата на жени Виенската декларација за фемициди[79] ги дефинира како „убиства на жени поради нивниот род“, а кои може да имаат форма на:

1) убиство како резултат на семејно/интимно партнерско насилство;

2) тортура и мизогино убивање жени;

3) убивање жени во „име на честа“;

4) таргетирано убивање жени во вооружен конфликт;

5) убиства на жени поради мираз;

[77] https://www.refworld.org/cgi-bin/texis/vtx/rwmain/opendocpdf.pdf?reldoc=y&docid=5ec3a1bc4
[78] https://www.aa.com.tr/en/middle-east/for-1st-time-iraqi-women-secure-97-parliament-seats/2390095
[79] https://www.unodc.org/documents/commissions/CCPCJ/CCPCJ_Sessions/CCPCJ_22/_E-CN15-2013-NGO1/E-CN15-2013-NGO1_E.pdf

6) убиства на жени поради нивната сексуална ориентација и родов идентитет;

7) убиства на Абориџини и домородни жени и девојчиња поради нивниот род;

8) женски инфантицид и фетицид (родово базирана полова селекција);

9) смрт како резултат на женско генитално осакатување;

10) убиства поради обвинение за вештерство;

11) друг тип фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дрога, трговија со луѓе и поседување оружје. жени и девојчиња во вооружен конфликт и случаи на фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дилери на дрога и трговија со жени и девојчиња".

Со цел да се врати колективно изгубената „чест", жените (понекогаш и мажите) треба да се елиминираат во она што се нарекува чин на убиства „засновани на чест". Едноставна гласина може да доведе до омаловажување на женската положба во јавноста и угледот и може да заврши со екстремни форми на насилство „поврзано со чест", вклучително и убиство.[80]

Во минатото „фаслија" се користело само во случаи кога треба да се стави крај на крвна одмазда и посериозни конфликти меѓу две племиња, но во последниве децении жените се злоупотребуваат и се нудат како надомест на штета и за многу помали и едноставни спорови меѓу семејствата.

Клучната работа што треба да се разбере е дека положбата на која било жена Ирачнка надвор од семејната средина е опасна. За жените кои се загрозени нема ефективни засолништа во цел Ирак, со исклучок на три засолништа во Курдистан и секако нема официјални засолништа за жени кои бегаат од сопрузите насилници. На местата каде биле формирани засолништа-шелтер центри во Багдад, истите биле активно нападнати. За да се засолни на жената,

[80] https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/975221/Iraq_-_Honour_Crimes_-_CPIN_-_v2.0_-_March_2021_-_EXT.pdf

која нема каде да оди за да се заштити и треба наредба од судија за да остане во едно од тие засолништа. Понекогаш гледате жени како се засолнуваат во затворите бидејќи тоа е единственото место каде што тие може да одат.[81]

### 3.2.5 Катар

Во рамки на Заливот, Катар е меѓу најдобрите нации за правата на жените, на петтото место. Во рамките на глобалното рангирање на родова нееднаквост, сепак, Катар е на 44-то место.[82] Оваа земја експлицитно ја истакнува својата посветеност на родовата еднаквост, но сепак спроведува неурамнотежени закони во сферата на наследството, бракот, па дури и чие сведочење има поголема тежина на суд. Сепак, жените на полуостровот се високо образовани и имаат значително повеќе слободи од некои од нивните соседи.

Жената муслиманка по име Амна Махмуд Ал-Џаида е пионер во борбата за образование на жените во Катар. Во тој контекст со несебичната борба за образованието на девојчињата образовните можности за жените во доменот на формалното образование започнале со основањето на првото училиште, со седиште во домот на жената воспитувач- Амна Махмуд Ал-Џаида. Во 1955 година, владата официјално го вклучила нејзиното училиште под покровителство на Одделот за образование, со што истото станало првото женско училиште во државата Катар. Пред тоа, во 1938 година, Ал-Џаида имала неформален кутаб-училница со седиште во нејзината куќа, каде момчињата и девојчињата биле учени да читаат Куран и да пишуваат. Многу родители се двоумеле дали да ги испратат своите ќерки во училиштето на Ал-Џаида, а во објавите пишувало дека таа им приоѓала и разговарала со семејствата во нејзиното соседство за да ги убеди за важноста да ги испраќаат нивните ќерки на училиште.[83] Пред основањето на училиштето, единствената форма на образование што постоело за жените била веронауката.

[81] https://euaa.europa.eu/sites/default/files/publications/coi-iraq-meeting-report.pdf
[82] https://www.expatica.com/qa/living/gov-law-admin/womens-rights-in-qatar-70967/#Gender

[83]https://www.researchgate.net/publication/315655659_Qatari_Women_in_a_Corporatized_Higher_Education_Setting_International_Reforms_and_their_Local_Bearings

Во денешно време, ситуацијата е далеку сменета односно жените се образуваат со цел да бидат еднакви со мажите и го гледаат образованието како форма на зајакнување на жените и како можност да постигнат независност за себе. Интересен е податокот дека областите во кои порано доминирале мажи, како што се инженерството и информатичката технологија, привлекуваат сè повеќе женски студенти во последниве години. Приближно 40% од студентите на Универзитетот Тексас A&M во Катар, универзитет ориентиран кон инженерство, се жени.[84]

Како резултат на напредокот во областа на женските прашања и еднаквоста, жените во Катар денес имаат поголеми можности за кариера, вклучувајќи лидерски позиции во владата, образованието, банкарството, добротворните организации, здравствените и човечките услуги, туризмот, правото, државните служби, па дури и дипломатијата. Една од највлијателните жени муслиманки во Катар е сопругата на шеикот Hamad bin Khalifa Al Thani, поранешен емир на Катар, која е Амбасадор на добра волја на УНЕСКО и специјален пратеник за основно и високо образование. Нејзиното височество Шеика Моза Бинт Насер, била назначена за специјален пратеник на УНЕСКО за основно и високо образование во јануари 2003 година, во светло на нејзината посветеност на унапредување на образованието.[85] Како претседателка на Катарската фондација за образование, наука и развој на заедницата и на Врховниот совет за семејни прашања, Шеиха Моза Бинт Насер ги предводела активностите и проектите во основното и високото образование, основајќи непрофитни приватни училишта и институции за учење за деца и младите во Катар.

Оваа жена муслиманка од страна на списанието Форбс беше прогласена како  една од „100-те најмоќни жени“.[86] Се истакнува во повеќе активности и области и има свој придонес во унапредувањето на женските права во Катар. Соработува со многу меѓународни организации, особено и со Обединетите

[84] https://hr2.wiki/wiki/Women_in_Qatar
[85] https://en.unesco.org/goodwill-ambassadors/sheikha-moza-bint-nasser
[86] https://www.businessoffashion.com/community/people/hh-sheikha-moza-bint-nasser

нации за поддршка на глобалното образование и е избрана за застапник на Обединетите нации за целите за одржлив развој.

Интересна и активна фигура на глобален план со примени многу државни награди и одликувања во однос на своите дејствување, дава висок приоритет на сите аспекти кои ја промовираат улогата на катарските жени и ги мотивираат да ги извршуваат своите општествени обврски и да учествуваат во јавниот живот. Таа спонзорира многу женски конференции кои дискутираат за женските прашања и препорачуваат решенија за нивните проблеми и предизвици со кои се соочуваат жените на пазарот на труд.[87]

[87] https://mofa.gov.qa/en/qatar/history-of-qatar/qatari-women

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

# 4.ИСЛАМСКИ ФЕМИНИЗАМ И АКТИВИЗАМ

## 4.1 Феминизам

Терминот „феминизам“ како термин се појавува во Франција од Хубертина Оклер, која почнала да го користи во своето списание „La Citoyenne“ за да ја критикува доминацијата (и доминацијата) на мажите и да ги бара правата на жените и нивната еманципација која ги ветувала Француската револуција.

Историчарката на феминизмот, Карен Офен, укажува на тоа дека дека уште од времето на првото појавување, на поимот му се пропишуваат многу значења и дефиниции; се користел за различни цели и инспирирал многу движења.[88]

**Феминизам** — хетероген поим од социјални теории, политички движења и морална филозофија што се занимаваат со културните, политичките и економските аспекти на нерамноправноста на жените во однос на мажите.

Историјата за женската борба за еднаквост и организирање со цел заштита на основните слободи и права е долга. Темата за феминизам станува особено актуелна, сакајќи светот да ја исправи вековната нееднаквост меѓу мажите и жените. Поимот феминизам тесно се поврзува и со активизмот, како движење насочено кон постигнување на идеалот за еднаквоста меѓу половите во општественото опкружување.

Активизмот е преземање акција со определена цел; спроведување на одредена активност или комбинација на акции со цел да се предизвикаат посакувани и очекувани социјални и политички последици и резултати. Широката палета на активизмот се јавува во разни форми: кампањи, петиции, протести, демонстрации, подигање на јавната свест за нееднаквостите, кршењето на човековите права, разни видови притисоци врз влијателните, општествената

[88] Badran Margot (2001), „Islamski feminizam: šta taj pojam predstavlja?“, *Znaci*, достапно на https://znaci.ba/tekstovi/islamski-feminizam-sta-taj-pojam-predstavlja.

елита и властите. Активизмот како практика на организирано дејствување лежи во срцето на женското движење.[89]

Книгата na Кумари Јајавардена „Феминизмот и национализмот во Третиот свет, е за првпат објавена во 1986 година и означува еден вид „кршење на мразот". Феминистката од Шри Ланка документирала феминистички движења кои се појавиле во различни земји во Азија и на Блискиот Исток и биле лоцирани заедно со локалните движења за национално ослободување и религиозни реформи, вклучително и исламските реформски движења.[90]

Феминистичкиот активизам е движење кое бара надминување на границите втемелени врз раса, култура, општествена класа, религија и друго. Ова движење е специфично за секоја одделна култура и се осврнува на теми значајни за жените во тоа општество. Како теми значајни за едно општество се како на пример прашања поврзани со женското обрежување кое е најзастапено во африканските земји пример Судан, каде што се смета за социјална конвенција и ја оправдува потребата од подготовка на девојчињата за растење и брак. Тоа не се прави од медицински причини, туку од социјални и културни причини. Во земји како што се Џибути, Египет, Сомалија, Еритреја, Мали и Судан, оваа практика е широко распространета: повеќе од 90% од девојчињата се подложени на некаков облик на генитално осакатување.[91]

Гениталното повредување на жените е широко распространета тема. Денес е предмет на проучување на многу светски организации и здруженија, се со цел заедничко подигање на свеста за постоењето на ова родово базирано насилство. Осакатувањето на женските гениталии се смета за глобален здравствен проблем и борбата да се стави крај на оваа практика денес е глобална.

Друг пример на прашање значајно за жените во овие општества е т.н „ стаклениот таван" во економиите во развој. Поимот „стаклен таван" значи невидлива горна граница во корпорациите и другите организации, над која е

---

[89] Марија Савовска (2007), *Водич во феминистичката и родовата терминологија*, Акција Здруженска Скопје.
[90] Kumari Jayawardena (2016), *Feminism and Nationalism in the Third World*, London, Verso.
[91] Pakšić Barbara Herceg i Eugen Jakopović (2015), „Sakaćenje ženskih spolnih organa: pojavni oblici, medicinska obeležja i kaznenopravna regulacija", Pravni vjesnik, god. 31, br. 2.

тешко или невозможно жените да растат во рангови. „Стаклениот таван“ е метафора за тешко забележливите неформални бариери кои ги спречуваат жените да добијат унапредување, да им се зголемат платите и дополнителните можности. Се користи и за опишување на ограничувањата и пречките со кои се соочуваат малцинските расни групи.[92]

Постојат повеќе видови на феминизмот како либерален феминизам, радикален феминизам, еврејски, христијански феминизам, исламски феминизам итн.

Без подлабоко осврнување на сите видови феминизам со цел да не се оддалечиме од темата која ни е во фокусот на внимание, ќе истакнеме некои суштински претпоставки за т.н исламски феминизам.

## 4.2 Исламски феминизам

Од перспектива на муслиманите, исламот на жените им обезбедува позиција на чест и почит, со јасно наведени права и обврски, за што веќе беше пишувано во претходните делови на трудот. Сепак, историските околности преку вековите честопати работеле на немилост на муслиманската жена, а за сето тоа допринесувале доминантните традиции на машки авторитет. Во последно време се наѕираат бројни реформи кои водат кон подобрување на можностите за напредок, образование и воопшто за сите прашања коишто директно ги тангираа жените.

Исламскиот феминизмот е форма на феминизмот кој се занимава со улогата на жените во исламот, со цел да постигне целосна рамноправност на сите муслимани, независно од полот, во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Исламскиот феминизам го црпи своето разбирање и основа од Куранот, бара права и правда за жените и за мажите, во севкупноста на нивното постоење. Исламските феминистки се залагаат за правата на жените, половата еднаквост и социјалната правда втемелени во исламска рамка.

Темата за исламскиот феминизам особено се актуализира од ден на ден од повеќе причини како политички превирања, исламофобијата во некои држави,

[92] https://bs.eferrit.com/stakleni-plafon-i-istorija-zena/

стереотипите и предрасуди за жените муслиманки, прашањата за дискриминација во однос на уживањето на основните права и слободи дури и во развиени држави и слично. Истакната научничка со потекло од Саудиска Арабија, Маи Јамани, го употребила овој термин во нејзината книга во 1996 година, со наслов „Феминизам и ислам".[93] Во оваа книга Маи Јамани илустрира како жените во исламските општества станале поактивно вклучени не само во учењето на нивните права според шеријатот (исламскиот закон), туку и во препрочитувањето на овој закон за да го подобрат својот статус и да добијат зголемена еднаквост и слобода.

Турските научници Јешим Арат и Фериде Ачар во нивните текстови, и Нилуфер Голе во нејзината книга „Забранетото современо" (The Forbidden Modern) (објавена на турски во 1991 година и на англиски јазик во 1996 година), го користеле терминот исламски феминизам преку нивните дела во 1990-тите, опишувајќи нова феминистичка парадигма кое се ширело во Република Турција.[94]

Многу клучни лица во исламскиот феминистички дискурс или новите толкувања на Куранот во однос на полот, се противат да се идентификуваат со исламските феминистки. Како пример може да се наведе дека во минатото познатата Амина Вадуд, афро-американска муслиманка, теолог и авторка на книгата „Qur'an and Woman" се противела да сеословува како исламска феминистка, додека подоцна и било важно луѓето да ја разберат и да ја идентификуваат нејзината работа. Во предговорот на изданието на нејзината книга, објавена во 1999 година од Oxford University Press, таа ја оценила пејоративната употреба на двата термина - „западен" и „феминистички" - како навредлива.[95]

Четиринаесет века исламска мисла создала наследство од толкувачки читања на Куранот напишани речиси целосно од мажи. Сега, со своето дело Амина Вадуд обезбедува прво толкувачко читање од жена, читање кое го потврдува женскиот глас во Куранот и го носи надвор од сенките. Муслиманските

[93] Yamani Mai (1996), Feminism and Islam: Legal and Literary Perspectives, NYU Press.
[94] https://www.masress.com/en/ahramweekly/23478
[95] Badran Margot (2001), isto.

прогресивци долго време тврдат дека не е религијата, туку патријархалното толкување и имплементација на Куранот што ги држи жените угнетувани.[96]

Основниот аргумент на исламскиот феминизам е дека Куранот го потврдува принципот на еднаквост на сите живи суштества, но дека еднаквиот третман на жените и мажите во пракса е попречен или поткопан од патријархалните идеи (идеологија) и живеење.[97]

На крајот може да заклучиме дека се осврнавме на прашањата за феминизмот и активизмот како борба не да бидеме посилни, попаметни туку да бидеме еднакви, недискриминирани, застапени, со еднакви можности во општественото опкружување каде живееме.

После актуализирањето за прашањето за т.н исламски феминизам би сакала да споменам пример на неколку жени муслиманки кои биле на високи одлучувачки позиции (претседатели, премиери, државни секретари и сл.) и оставиле особен белег во историјата на нивните држави и светот воопшто, и тоа:

- Беназир Буто, премиер на Пакистан (од 1988 - 1990 година и 1993 - 1996 г),
- Лала Шевкет, државен секретар на Азербејџан (1993-1994),
- Тансу Чилер, премиер на Р. Турција (1993-1996),
- Каледа Зија, премиер на Бангладеш (1991) и
- Шејх Хасина Веџид, премиер на Бангладеш (2009) и други.

[96] Wadud Amina (1999), Qur'an and Woman: Rereading the Sacred Text from a Woman's Perspective, Oxford University Press.
[97] Badran, isto.

## 4.3 ЖЕНИ МУСЛИМАНКИ КОИ ГИ УРНАЛЕ СТЕРЕОТИПИТЕ ВО НИВНИТЕ ЗЕМЈИ

Стара изрека која останува сé уште како белег во некои арапски земји гласи: Жените им припаѓаат само на нивните домови и сопрузи. Тие не треба да се образовани, да работат или да имаат мислење. Ова верување, за жал, сѐ уште доминира во некои делови во арапскиот свет. Да бидеме реални, ова мислење сé уште егзистира и во некои држави кои не се арапски, а се сметаат за современи, како последица на нееднаквоста која успеала да опстои подолго време околу светот.

Жените се 49,7% од околу 345,5 милиони луѓе во регионот на Блискиот Исток и Северна Африка. Некои на Запад мислат дека овие жени се затворени во шатор во пустина, веројатно претепани од нивните сопрузи, стереотип што многу од денешните арапски жени се борат и докажуваат дека не се во право.[98]

Има уште многу бариери на патот за затворање на родовиот јаз во арапскиот свет и пошироко, но многу напредоци се направени во образованието, политиката, претприемништвото, трудот и здравството. Арапските жени денес се претприемачи, лидери, активисти, едукатори, добитници на Нобелова награда и многу повеќе. Тие ги преобликуваат своите општества и градат подобар пат кон родовата еднаквост и зајакнување на девојчињата за идните генерации што доаѓаат.

Од поново време би сакала да издвојам неколку жени муслиманки-арапки кои ги рушат стереотипите во средината и се борат против родовата нееднаквост, а кои ќе бидат елаборирани во продолжение.

### 4.3.1 Примери од Ирак

Во Ирак, Мадееха Ал Бермани донирала 2 милиони долари за изградба на средно училиште за девојчиња во нејзиниот роден град Хила, Бабил. Пред

[98] Sebti Bassam (2016), “5 Arab women who are breaking down stereotypes and building their countries”, World Bank blogs, достапно на https://blogs.worldbank.org/voices/5-Arab-women-breaking-down-stereotypes-building-their-countries.

неколку децении, кога била на нивна возраст, таа морала да оди во машко средно училиште бидејќи научното поле во кое сакала да влезе и да се образува била наменета само за момчиња. Сега е физичар-емигрант. Со овој нејзин потег она сакала да ги  поттикне генерациите ирачки девојки да станат она што сакаат да бидат, како што она успеала во тоа со својата упорност и храброст.

Ал Бермани не само што донирала голема сума на пари, туку се вклучила и во изборот на наставниот кадар,  го опремила училиштето со  паметни таблети на допир и други најнови технологии  и лаборатории, кои се од голема корист за учениците од тоа училиште.

**4.3.2 Примери од Тунис**

Сара Туми (Sara Toumi), своето образование го стекнала во Сорбона и од Парис се преселила во селото на нејзиниот татко каде ја основала невладината организација „Dream in Tunisia“. Нејзиниот татко, кој бил граѓански активист на своите хуманитарни патувања  ја носел и својата керќа Сара, при што ја инспирирал својата ќерка да продолжи по неговите стапки, со хуманоста и активизмот. Оваа жена муслиманка им помага на селските жени за ракотворби и им помага во однос на нивната промоција и продажба.

Сара Туми е основач на  „Acacias for All“, глобално движење во Тунис за борба против дезертификацијата на земјата со одржливи земјоделски техники, како што е садење багремови дрвја. Во 2016 година  избрана е  за една од 30-те социјални претприемачи кои се под 30 години и кои прават промени во Европа и ширум светот.[99]

**4.3.3 Примери од Јордан**

Општо е познато дека половото вознемирување постои секаде во општественото опкружување, поради што се преземаат бројни мерки и се носат прописи за санкционирање на секаков вид на вознемирување, особено половото вознемирување.  Со цел борба против сексуалното вознемирување и семејното насилство, Lina Khalifeh од Јордан основала невладина организација за

[99] Исто.

самоодбрана и студио за обука. Таа е активист за зајакнување на жените, и во 2010 година ја основала невладината организација **„She Fighter“** со цел да ги обучи јорданските жени на самоодбрана и да се бори против семејното насилство во земјата.

Оваа храбра жена од Јордан инспирација за истото добила откако еден од нејзините пријателки била брутално нападната од нејзиниот татко и брат. Гледајќи ја претепана, сакала да ја научи неа и другите жени како да бидат силни и како да се бранат од насилство врз жените.[100]

### 4.3.4 Примери од Јемен

Tawakkol Karman е прва Арапка, а втора жена муслиманка, која во 2011 година доби Нобелова награда за мир. Позната е како „Мајката на револуцијата“ во Јемен поради нејзиното влијание како новинарка и застапник за правата на жените. Таа била еднаш дури и затворена и обвинета за организирање „немири“. Нејзиното апсење во 2011 година го налутила населението и го запалило бунтот против поранешната јеменска влада. Жена борец за правата која во своето општество направила промена преку мир. Жената која покрај другите стоела зад промената на режимот во Јемен, за време на она што беше опишано како Арапска пролет.[101]

### 4.3.5 Примери од Сирија

Како една од бројните примери меѓу истакнатите жени борци за еднакви можности може да се истакне и **Mazoun Almellehan** од Сирија, како борец за образование на девојчиња во бегалскиот камп Азрак во Јордан. Ова женско дете уште на 16 години се активирала во борбата за образование на девојчиња, спроведувајќи разни кампањи за да ги убеди родителите да ги задржат своите

[100] Исто.
[101] Исто

ќерки на училиште наместо да ги принудуваат на брак. Наречена е „Сириска Малала“ поради нејзината борба да ги држи девојчињата на училиште, повикувајќи се на пакистанскиот образовен активист кого Талибанците го нападнаа во 2012 година. Од 2017 година е Амбасадор на добра волја на УНИЦЕФ. Истата има изјавено „Образованието ми даде сила да продолжам. Не би била тука без него. Важно е сите деца бегалци да имаат пристап до квалитетно образование. Давајќи им знаење и вештини, можеме да ги поттикнеме да придонесат за нивните заедници, каде и да се." [102]

[102] UNICEF, Goodwill Ambassador Muzoon Almellehan, достапно на https://www.unicef.org/goodwill-ambassadors/muzoon-almellehan.

## 4.4 ПРВИТЕ ЖЕНИ МУСЛИМАНКИ - КОНГРЕСМЕНКИ ВО СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

### 4.4.1 Рашида Тлаиб (Rashida Harbi Tlaib)

Во Претставничкиот дом на Соединетите Американски Држави жените се застапени од 1917 година, од страна на ребуликанката Жанет Ранкин од Монтана. Од 18 јануари 2022 година, има 121 жена во Претставничкиот дом на САД (не сметајќи ги четири делегатки без право на глас), со што жените се 27,9% од вкупниот број на претставници.[103]

Рашида Харби Тлаиб е првата жена муслиманка која служи во законодавниот дом на Мичиген и една од првите две муслиманки избрани во Конгресот, заедно со Илхан Омар. Потекнува од палестинско имигрантско семејство кои се преселиле во Детроит. Американска политичарка и адвокатка која од 2019 година служи како претставник на Соединетите Американски Држави, за 13-тиот конгресен округ на Мичиген. Член на Демократската партија, Тлаиб ги претставуваше 6-от и 12-тиот округ на Претставничкиот дом на Мичиген пред нејзиниот избор во Конгресот.

Таа била критичар на администрацијата на Трамп и се залагала за импичмент на Трамп. Во однос на надворешната политика, таа остро ја критикува израелската влада, повика на прекин на помошта на САД за Израел и поддржува решение за една држава.

За време на нејзиниот мандат, Тлаиб била една од десетте муслимани кои служеа во државните законодавни тела низ САД. Таа е вториот муслиман кој служи во Претставничкиот дом на државата Мичиген. Тлаиб е втората муслиманка која служи во државниот законодавен дом на национално ниво..

Откако го напуштила државниот законодавен дом, Тлаиб работела во „Sugar Law Center“, непрофитна организација во Детроит која обезбедува бесплатно правно застапување за работниците. Тлаиб ги критикувала кршењата на човековите права од Саудиска Арабија и интервенцијата предводена од Саудиска Арабија во Јемен.

Рашида Тлаиб поддржува ставање крај на федералната забрана за канабис и „ослободување на луѓе осудени за прекршоци поврзани со марихуана. Ги поддржува домашните реформи, вклучително здравствена заштита за сите и минималната саатна плата од 18 до 20 американски долари. Исто така, покрај останатите прашања во областа на женските права ги поддржува и правата за абортус.

[103] https://en.wikipedia.org/wiki/Women_in_the_United_States_House_of_Representatives

### 4.4.2 Илхан Омар  (Ilhan Abdullahi Omar)

Илхан Абдулахи Омар  е американска политичарка која служи како претставник на САД,  за 5-тиот конгресен округ на Минесота од 2019 година. Таа е член на Демократската-фармерска-лабуристичка партија. Пред нејзиниот избор во Конгресот, Илхан Омар била во Претставничкиот дом на Минесота од 2017 до 2019 година, претставувајќи дел од Минеаполис. Дипломирала на Државниот универзитет во Северна Дакота во 2011 година со диплома, насока политички науки и меѓународни студии.

Оваа истакната жена политичарка се залагала за минимална плата од 15 долари, универзална здравствена заштита, простување на долгот за студентски заем и други битни прашања, додека од друга страна како и Рашида Тлаиб била чест критичар на Израел.

Омар е првата сомалиска - американка и првиот натурализиран граѓанин од африканско потекло во Конгресот на Соединетите Американски Држави. Исто така,  првата жена со различна боја на кожата која ја претставува Минесота. Заедно со Рашида Тлаиб се едни  од првите две муслиманки кои служеле во Конгресот. Таа била цел на неколку смртни закани, малтретирање од политички противници и погрешни тврдења од поранешниот претседател Доналд Трамп.[104]

Во 1995 година кога со нејзиното семејство добиле азил во Соединетите Американски држави, Илхан Омар имала 13 години. Растена во духот на демократијата уште на 14-годишна возраст таа го придружувала својот дедо на состаноците на разни настани/собиранки, служејќи како негов преведувач. Таа во овие прилики јавно зборувала за училишното малтретирање што го преживеала за време на нејзиниот престој во Вирџинија, поттикната од нејзиниот препознатлив сомалиски изглед  и носењето хиџаб. Меѓу примерите кои ги дава се дека ѝ стискале гума за џвакање во нејзиниот хиџаб, ја туркале по скалите и физичките подбивања додека се пресоблекувала за часот во теретана. Додека реакцијата на нејзиниот татко на овие вознемирувањаинеприлики била: „Тие ти прават нешто затоа што на некој начин се чувствуваат загрозени од твоето постоење.

Илхан Омар се стекнала со државјанство на САД во 2000 година, кога имала 17 години. Во 2019 година, Илхан Омар вовела резолуција, во која се наведува дека „сите Американци имаат право да учествуваат во бојкоти во

[104] Ilhan Omar (2022), US House of Representatives, достапно на https://omar.house.gov/

извршувањето на граѓанските и човековите права дома и во странство, како што е заштитено со Првиот амандман на Уставот“. Резолуцијата „се спротивставува на неуставните законодавни напори за ограничување на употребата на бојкоти за понатамошни граѓански права дома и во странство“ и „ги повикува Конгресот, државите и лидерите за граѓански права од сите заедници да се трудат да ја зачуваат слободата на застапување за сите со спротивставување на анти - бојкотирајте ги резолуциите и законодавството“.

На почетокот на  2021 година, Илхан Омар предводела група од 13 членови на Претставничкиот дом кои вовеле написи за импичмент против поранешниот претседател на Соединтетите Американски Држави, Доналд Трамп, под обвинение за високи кривични дела и прекршоци.

Таа остро ги критикувала кршењата на човековите права од Саудиска Арабија, при што на Твитер има објавено повеќе натписи во однос на нејзините ставови за истото.

Конгресменката  Илхан Омар е член на Комитетот за надворешни работи на Претставничкиот дом, каде што служи како потпретседател на Поткомитетот за Африка, Глобално здравје, Глобални човекови права и меѓународни организации и Поткомитетот за меѓународен развој, Меѓународни организации и Глобално социјално влијание на корпорациите и други комитети и тела.[105]

[105] Исто.

## ПЕТТИ ДЕЛ

## 5. ЖЕНАТА МУСЛИМАНКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија, од своето осамостојување важи за една од полиберални држави во светот во однос на основните слободи и права на луѓето и на жените воопшто.

Еднаквите можности на жените и мажите се загарантирани со Уставот како највисок правен акт на државата, но воедно и голем број на закони кои забрануваат дискриминација врз основа на пол и други карактеристики и содржат одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива.

Принципот на родова еднаквост е вграден во Уставот на Република Македонија од неговото донесување во 1991 година (членови 9, 54 и 110). Половата димензија беше инкорпорирана во стратешките документи на Р. Северна Македонија по усвојувањето на CEDAW-Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (кој влезе во сила во 1991 година) и Факултативниот протокол (кој стапи на сила во 2003 година).

Родовата еднаквост беше материјализирана со формирањето на Одделението за унапредување на половата рамноправност, кое беше основано во 1997 година, додека статусот на ова Одделение се зголеми со формирањето на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика кој е формиран во 2007 година. Во рамки на овој сектор егзистираат Одделението за родова рамноправност и Одделението за превенција и заштита од секаков на насилство и дискриминација.[106]

Со законските одредби нормативно се обезбедени еднаквите можности на жените и мажите во државата и се унапредува родовата рамноправност во нашето општествено опкружување.

---

[106] Сектор за еднакви можности, МТСП, https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Sektor_za_Ednakvi_moznosti_MKD%5B1%5D.pdf

Согласно добрите пракси од европските земји и земјите во регионот, а во делот на родовата еднаквост, во мај 2006 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМ).

Согласно Уставот, сите граѓани се еднакви пред законот. Согласно член 9 од Уставот утврдено е дека: „ Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.[107]

Како што претходно е спомнато сите граѓани (жени и мажи) се еднакви во слободите и правата независно од полот, верското уверување и други особини својствени за истите. Од тука произлегува дека независно од полот и верското уверување највисокиот правен акт ја гарантира слободата на уживање на тие права, на сите граѓани подеднакво.

Конкретно, во однос на прашањето на жените муслиманки може да се спомене примерот во 2007 година, период кога почна печатењето на нови лични документи за граѓаните на РС Македонија, односно период пред визната либерализација. Во наведениот период кога и во многу други држави се носеа одлуки со кои се забрануваше носењето на шамија во училиштата и други јавни институции, во Македонија имаше реакции од пошироката јавност во однос на начинот на фотографирање на жените муслиманки (со шамија), за новите лични документи.

Имено, начинот на фотографирање за патна исправа е уреден со Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција. Согласно Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на РМ“ бр.40/07), во членот 2б беше утврдено дека: При фотографирањето, лицето не треба да носи покривка на

[107] Устав на РС Македонија, достапно на https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

главата (капа, шамија и сл.), освен во одредени случаи, кои се однесуваат на посебни околности утврдени од страна на органот кој го издава пасошот (религиозни, медицински или културни).

Истата година, месец декември се изврши измена  во член 2-б став 3 во третата реченица при што зборовите: „кои се однесуваат на посебни околности утврдени од страна на органот кој го издава пасошот (религиозни, медицински или културни)" се заменија со зборовите: „поради религиозни, медицински или културни причини". На овој начин, жените муслиманки кои носат шамија добија можност да се фотографираат со шамија-покривка на главата.

Друг пример којшто може да се издвои од поново време е од 2017 година. Имено, според Годишниот извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Македонија за 2017 година, изготвена од страна на Македонско здружение на млади правници во однос на Слободата на вероисповеста утврдено е дека: Директор на основно училиште им забранувал на ученички да ја посетуваат наставата бидејќи носеле шамија поради религиозни определби. Ваквото постапување директорот го оправдувал врз основа на допис од Министерството за образование. Постапувањето на директорот на основното училиште беше критикувано од страна на Народниот правобранител кој упати насока дека Уставот на Република Северна Македонија и Европската конвенција за човекови права предвидуваат слобода на вероисповед и слобода на изразување на религијата. Уште повеќе, и според Конвенцијата за правата на детето, слободата на манифестирање на вероисповеста може да потпаѓа само под ограничувања предвидени со закон, а вакви ограничувања не се предвидени со Законот за основното образование и со другите позитивни законски прописи во државата.

Интересен е примерот од април 2022 година, кога на социјалната мрежа на Facebook прочитав дека во текот на светиот месец Рамазан се забранило на жените муслиманки да одат во џамијата во Средно Коњаре во Скопје. За среќа, оваа неофицијална забрана, со здружен напор на жените активистки и муфтијата на градот Скопје успеа да се отстрани, односно жените можат повторно да одат во џамијата на ова подрачје.

Како резиме на напред наведеното, може да се заклучи дека можеби не е лесно да се прифатат различностите кои се наѕираат во различниот јазик на општење, за некои во различниот начин на облекување, различните животни ставови и верувања, меѓутоа доколку појдеме од премисата дека сите луѓе се еднакви, сите дишеме исто, се радуваме и плачеме со исти емоции, да се потрудиме и стремиме кон општото добро на сите без оглед на полот, бојата на кожата, верското уверување и слично.

Земајќи во предвид дека во РС Македонија егзистираат бројни примери за жени муслиманки со шамија, коишто се на високи работни позиции во јавниот и приватниот сектор, истото може да послужи како потврда за либералноста на македонското општество во однос на ова прашање.

Од друга страна, како и во секое општество така и кај нас дискриминација по разни основи имало, и претпоставувам дека ќе има и понатака, битно е државата да поседува активен и превентивен механизам за спречување и заштита од дискриминација.

Пример за дискриминација: Во познат ресторан во Скопје, на група другарки од кои едната носела хиџаб не им било дозволено да влезат во ресторанот со оправдување дека нема слободни места. Кратко време подоцна другарките повторно се обиделе да влезат во ресторанот, но овој пат без девојката која носела хиџаб и без проблем влегле во ресторанот. Комисијата за заштита од дискриминација утврдила дискриминација врз основа на род и религиско убедување и го задолжила ресторанот јавно да се извини.[108]

Согласно напред наведеното, би сакала да истакнам дека во 2020 година, во РС Македонија се донесе новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација чија цел е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи и со кој се забранува секој облик на дискриминација по сите основи.

[108] Граѓански ресурсен центар (2019), Извештај од дебата „Повеќекратна дискриминација – предизвици и можни решенија“, достапно на https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2019/05/izveshtaj-od-debata-za-povekekratna-diskriminacija.pdf

## 5.1 ЖЕНИ МУСЛИМАНКИ ВО РС МАКЕДОНИЈА СО ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ОБЛАСТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АКТИВИЗАМ (анализа на интервјуа)

Како што беше кажано во воведниот дел, идејата на ова истражување беше преку полуструктуирани интервјуа со активистки муслиманки да се добијат повеќе конкретни информации и сознанија за искуствата на оваа категорија активистки. Покана за интервју беше упатена до повеќе жени муслиманки, кои можеа да се идентификуваат преку јавниот ангажман. Меѓутоа, поради презафатеност или други причини, реализирани се само две. Оттука во овој дел од трудот ја презентираме содржината и анализата на интервјуата водени со двете соговорнички кои се одзваа на поканата, а се со исклучително активистичко искуство, Мерсиха Смаиловиќ и м-р Ајѓул Сулејман. Станува збор за жени кои во подолг период давале и продолжуваат да даваат особен придонес во областа на активизмот, човековите права и други прашања од јавен интерес. Иако, примерокот е многу помал од очекуваниот, сепак сметаме дека нивните сознанија се исклучително вредни за анализа.

Овие истакнати активистки се добитнички на многу признанија, благодарници и награди во областа во која се активни. Особено треба да се издвои овогодишното признание доделено од страна на Мрежата за жените во науката (Rrjeti i Grave në Shkencë – RRGSH), и тоа по повод Меѓународниот ден на жените во науката. Мерсиха Смаиловиќ и Ајѓул Сулејман добија признание за нивниот придонес во граѓанскиот сектор преку поттикот на жените и девојките во промовирањето на позитивните вредности и поттикнувањето на образованието и едукацијата.

**5.1.1 МЕРСИХА СМАИЛОВИЌ** е голем хуманитарец, активист и борец за човекови права и слободи. Таа е родена 1984 година во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан I“ , при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, во 2008 година. Таа била првата студентка која носела марама за време на студиите. На полето на хуманизмот била активна од средношколски денови, додека со запишувањето на студиите по право, активизмот го насочува кон заштита на човековите права и слободи, борбата за надминување на интерактивните разлики помеѓу различните етникуми и борец против наметнатите предрасуди и стереотипи за жената муслиманка и друго . Во

компанијата во која е сооснован, „Нахла Консалтинг“ работи како правен консултант и е претседател на Здружението за жени *ЕДУ НИСА*. Има учествувано на многубројни хуманитарни кампањи и организирано многу хуманитарни акции на национално ниво и надвор од РС Македонија.

Интервјуто со Мерсиха Смаиловиќ беше реализирано во почетокот на 2022 година, согласно прашалникот кој беше однапред подготвен за потребите на ова истражување. Во продолжение ги изнесуваме одговорите, кои се авторизирани од страна на соговорничката.

Прашање 1: **Што значи да се биде жена муслиманка со марама, истовремено и активистка за човекови права денес во РСМ?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Јас се обидувам да го живеам животот како и секоја друга жена во Македонија, не осврнувајќи се на мојата верска припадност или надворешен изглед. Но, скоро 16 години како носам марама, а посебно во текот на студиите . Тоа, секако, го детерминираше мојот активизам и ме издвои од општеството на кое бев дел. На почетокот општеството и граѓанските организации имаа проблем да го прифатат мојот надворешен изглед, често прашувајќи ме или гледајќи ме со погледи полни со предрасуди. Течниот македонски јазик, проблематиката за која зборував, човековите права, името кое не беше типично македонско или албанско, сето тоа беше дополнителен товар за да бидам прифатена во општеството. Првите години постојано морав да го докажувам својот интелектуален капацитет. Бројните прашања за тоа кој и зошто ме покрил, како да алудираа дека жената муслиманка во нивните очи е исклучена од можноста сама да одлучува за својот живот и да има право на личен избор. Но, сетоа тоа во ниту еден момент не го намали мојот активизам или борба за човекови права. Напротив, активизмот е сеуште дел од моето секојдневие иако имам и други работни обврски, како правничка во консалтинг компанија.

**5.1.1.2Како започнавте со Вашиот активизам на полето на заштита на човековите права?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Кога одлучив да ја носам марамата во 2005-та година, не се соочив со никакви проблеми на Правниот факултет, но тука беа бројните

прашања и прогледи, на кои одговарав со задоволство. Сакав да дебатирам со колегите и професорите. Но, во 2006-та година ја изгубив возачката и во МВР ми рекоа дека не е дозволено да се сликам со марама, и дека морам да ја извадам доколку сакам нова возачка дозвола. Тогаш веќе документите беа биометриски. Го прочитав законот и видов дека одредбата е двосмислена, дозволува жена со марама да се слика, но, доколку е дел од некоја верска заедница и за тоа поседува документ. За мене верската припадност е внатрешен моменти и не подразбира организирано припаѓање на некоја верска заедница, туку природен процес. Во консултација со професорите на Правниот факултет, проф. д-р Владо Поповски и проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, започнав кампања во која барав измена на правилникот за лични документи, но и на самиот закон. Тоа беше мое прво јавно активистичко делување. Бев присутна на јавни дебати, телевизии, на преговори со надлежните министерства, ги мобилизирав верските заедници во чие учење постои марамата како институција. И, потоа основавме здружение за промоција на женските слободи и права, ЕДУ НИСА. Во 2009 година станав еден од иницијаторите за основање на здружението ЛЕГИС кое имаше за цел промоција и унапредување на човековите права и превенција на хуманитарни кризи и катастрофи.

**Прашање 2: Дали се соочувате со предрасуди за Вашиот надворешен изглед, односно заради марамата која ја носите?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Кога се покрив, беше актуелна филмската серија *Жаде*, во која жената муслиманка беше покажана на некој чуден начин. Се соочував со предрасуди дека под марамата и нема некоја егзотика, туку едноставно 20 годишна студентка која сеуште има бублици. Но, и вкоренетите предрасуди дека ниту еден машки фактор во мојата околина не влијаел на мојата одлука да ја носам марамата. Марамата е целосно сопствен избор на начин на облекување која доаѓа од моето верување и припадноста на исламот. Предрасудите траат дури и денес од сите сегменти на нашето општество. Секогаш ви се обраќаат на албански јазик, зошто кај нас доминира сфаќањето дека само Албанките носат марама, а потоа следуваат бројните прашања зошто не знам албански и што/која сум јас. Функционирам наднационално и мојата етничка припадност ми служи на мене на која сум горда, но истата не ме обликува или насочува.

Предрасудите се и од аспект на моето образование, вработување, дејствување. Честопати знаат да ми кажат дека некое мое однесување не прилега на жена со марама, како што е обично чекање пред некоја институција каде се обидуваш да ги пропуштиш постарите или бремените жени, и некој ќе се побуни. Нормите кои општеството самостојно одлучило да ги воспостави врз жената со марама, се крајно дискриминирачки и ги потврдуваат предрасудите кои владеа во општеството. Како да се облекуваме, зборуваме, движиме.... Предрасудите постојат и во муслиманската заедница, каде кон образуваната жена се гледа со очи полни со недоверба, но, доколку си со марама, тогаш веќе имаат обликувано став како треба да се однесуваме.

**Прашање 3:Дали во нашата држава има предрасуди и за жени муслиманки кои не носат марама?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Во нашето општество има предрасуди и форма на дискриминација кон секоја жена, пред сé, а потоа колку други карактеристики имаме како жени, толку се продлабочуваат и предрасудите. Кога луѓето ќе ги запознаат жените во моето семејство, мајка, сестра, свекрва, кои не носат марама, се зачудени, бидејќи ние сите треба да функционираме како стадо - ако едната носи, тогаш, треба и другите. И секогаш се зачудени кога ќе се соочат дека муслиманката е со образование и плус горда на својот верски идентитет.

**Прашање 4: Како правник и активист за човекови права, кои се Вашите активности во намалувањето на проблемите со кои се соочуваат жените муслиманки во нашето општество?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Со својот активизам се борев за сите сегменти од нашето општество, и против секоја форма на дискриминација. Сфаќав дека жената муслиманка е дискриминирана и од општеството во глобала, но и од самата муслиманска заедница. Родово базираното насилство е широко распространето во нашата заедница, ниту верските заедници ниту некоја друга иницијатива не постои за да се елеминира насилството во семејствата кои се сметаат себе си за верници. Во бројните дебати со Исламската заедница, министерствата, невладините постои отпор кон оваа тема во заедницата, но јас го сметам за клучно во мојата борба.

Како правничка се борев и против други форми на дискриминација. Соработував и со бројни државни институции за елеминирање на истата. Покренавме неколку постапки за правото на образование од кое беа лишени девојчињата со марама, пристапот за вработување на жените со марама, пристапот до верските институции... Одев кон елеминирање на сите форми на дискриминација и исламофобија која постои во нашето општество кон жените муслиманки.

**Прашање 5: Кои се Вашите реализирани и идни цели од активизмот кој го водите?**

**Мерсиха Смаиловиќ:** Активизмот кој го имам нема цел, тоа е крајна борба за елеминирање на сите форми на дискриминација во нашето општество. Голем дел од мојот активизам се одвиваше и сеуште се одовива преку протестите. Првите протести на кои сум учествувала беа против Скопје 2014, организирани од Плоштад Слобода, и потоа за други појави кои постоеа во нашето општество. Кога се појави граѓанското движење ПРОТЕСТИРАМ, кое беше иницирано од насилната смрт на младиот Мартин Нешковски, веднаш се приклучив. Со ова движење секој ден протестириваме под различна тема, меѓу нив, протестиравме и за бегалците и мигрантите кои во 2015-та година, кога беа затворени во прифатниот центар за странци Гази Баба. Преку ден бевме низ Македонија, помагајќи им на бегалците кои одеа пеш, бидејќи не постоеше друг законски начин, а вечерата во 18 часот протестиравме низ скопските услици. Понатаму ова движење прерасна во Шарена Револуција во која земав активно учество во целиот процес додека траеше. Ги подржував целите и барањата кои ги имаше револуцијата. Желбата за правда и процесуирањето на сите случаи од страна на СЈО, беше мотивот кој ме водеше секој ден да излегувам на улица заедно со моето семејство. Верував дека Македонија може да се избори со криминалот кој го предводеа тогашните власти, сакав да верувам дека правдата ќе биде движечка сила, но за жал идеалите кои ги имав сега избледеа. Но, со тоа не запре желбата за активизам, по Шарената револуција протестирав за чистиот воздух, за самохраните мајки, за спората или никаквата реакција од властите за случајот „Јавна соба“. Како секоја граѓанка на оваа држава барам од властите да бидат ефикасни и ефективни. Плаќаме даноци и придонеси а не добиваме адекватна услуга од државата. Едноставно, мојот иден и сегашен активизам е за еднакво опшество за сите, каде сите ќе ги имаме истите права и можности.

Каде власта ќе биде во служба на народот а не да се богати на сметка на народот. И верувам дека и понатаму би подржала други форми на протест, доколку е во склоп на моети убедувања и верувања.

**Интервју со м-р АЈЃУЛ СУЛЕЈМАН,**

Ајѓул Сулејман е речиси една деценија ангажирана во невладиниот сектор. Нејзиниот најголем придонес е во промовирањето во областа на образованието и заштитата на правата на жените, човековите права, семејните вредности и промовирањето на мултикултурните вредности и градењето на добрите меѓуетнички односи. Родена е во Скопје, во 1981 година. Дипломирала на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, додека постдипломските студи по правни науки ги завршува во Американскиот универзитет на Европа ФОН во Скопје во 2017 година, со одбрана на магитерскиот труд „Правото на жената во креирањето на јавните политики во Република Македонија“. Таа е основач и претседател на невладината организација *Асоцијација за афирмација на жените*, од 2011 година. Како личност со различни искуства, со посебен интерес за прашањата на правата жените има учествувано на многу конференции, семинари и тркалезни маси за зајакнување на жените во општеството и семејните вредности. Таа е мажена и мајка на две деца.

Во продолжение следува направеното интервју:

**Прашање 1. Што значи да се биде жена муслиманка со марама, истовремено и активистка за човекови права денес во РСМ?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Многу е тешко со неколку реченици да се каже се за една тема којашто заслужува повеќе од тоа. Во едно општество како што е нашето сеуште не е пронајден потребниот баланс, да биде позитивен пример (модел), а згора на тоа да бидеш успешна жена со марама, во јавниот живот, што не е баш лесен предизвик. Еден терен со многу непознати патишта, тешко за секој којшто претставува еден поразличен модел, без разлика на полот, да одлучи без дилеми да се ангажира, да дејствува за женските прашања, посебно како активист за слободите и правата на човекот. Активното учество на жените во јавниот и приватниот живот во една земја е воедно и нивно неприкосновено

право. Доколку овие права се гарантирани со највисоките правни акти во државата, тоа право треба да им биде и овозможено на жените во тоа општество. Бидејќи бев свесна за потребата од мојот ангажман во нашето општество, започнав мисија, една мисија која за своја цели го има јакнењето на положбата на жената во општеството, заштитата и унапредувањето на нејзините права и да јакнење на нејзината положба во клучните општествени сфери. Свесна сум дека не е лесна оваа мисија, бидејќи е потребно постојано ангажирање за постигнување на вистинските цели, за подобар и спокоен живот, дијалог и соработка без кои не можеме да се оствариме целосно во нашето општествено опкружување. Активизмот нуди можност и прилика за постигнување на едно подобро утре за идните генерации. Со својот активизам не си пасивна, туку можеш да му покажеш на светот дека не се плашиш да го кренеш својот глас, да се бориш  да се решат проблемите во твојата земја и да се соочиш со предизвиците. На крајот од денот, иако свесна дека не може се да се смени одеднаш, сакам да го имам чувството дека сум постигнала се што сум имала во моментот можност да го направам и верувам дека успехот го заслужуваат оние кои се трудат да направат некоја позитивна промена со својот активизам.

**Прашање 2: Како започнавте со Вашиот активизам на полето на заштита на човековите права?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Моментот на моето соочување со реалноста беше причината за моите почетоци со активизмот во областа на заштитата на слободите и правата на човекот. Доаѓам од една мултикултурна средина и сум воспитувана да ги гледам луѓето како индивидуи, да ги прифатам нивните особености и да ги почитувам разликите и нивното достоинство. Меѓутоа, надвор од оваа рајска средина во која израснав, се судрив со еден друг поинаков свет кадешто секојдневно гледаме неправда и дискриминација, каде се газат односно не се почитуваат основните човекови права и слободи насекаде во светот. Од една страна, почитувањето на културолошките, етнички, јазични, верски и други разлики и нивната вклученост во општеството може да придонесе до поголем развој и напредок на глобален план. Од друга страна, сведоци сме дека непочитувањето на овие разлики предизвикува нетолеранција, разни облици на дискриминација и слично, а кое нешто го ризикува соживотот и мирот во едно

општество. Верувам дека со дијалог и меѓусебна  соработка и поддршка, може на мирен начин да се решат сите предрасуди и проблеми. Како основач, а воедно и претседател на невладината организација „Асоцијација за афирмација на жената“ која ја претставувам веќе десетина години, тргнувам од принципот „Јас сакам да служам за доброто на луѓето!“ Ќе продолжам со својата активност, со мојот глас да ја кренам свеста кај луѓето дека жените се еднакви со мажите, да лобирам за интегрирање на жените во сите области. Напредокот и цивилизацијата на една држава зависи од реформите и подобрувањето на положбата на жените.

**Прашање 3: Дали се соочувате со предрасуди за Вашиот надворешен изглед односно заради марамата која ја носите?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Како што претходно истакнав живеев во една фамилијарна и друштвена средина со културолошки, етнички и верски разлики и за среќа тоа придонесе моето детство и во мојата младост  да немам никакви предрасуди ниту барем во едне момент не се чуствував дискриминирана. Додека не постоеја социјалните мрежи, „говорот на омраза“ скоро и да не се чувствуваше. Интересен пример можам да дадам од периодот на моето студирање на Правниот факултет во Скопје, после конфликтот 2001 година, кога наидов на предрасуда од страна на истакнат професор на факултетот  кој додека траеше испитот ми рече „Штом војувате за образование на албански јазик, не знам зошто, драга колешке, не ги продолжите студиите на Тетовскиот универзитет, туку овде ми го трошите времето!“.

Притоа, по одредено време се префрлив со студии на Југоистичниот Универзитет на Европа во Тетово. На истиот Универзитет наидов на други предрасуди од страна на некои професори, кои иако имаа задача да изградат вистинско мултикултурна, мултиетничка генерација за севкупен развој, сепак имаа предрасуди за мојот надворешен изглед, односно се облекував во поширока облека со долги ракави,  но без марама на главата. И во текот на работата со невладината организација, се имаме соочено со најразлични предрасуди меѓутоа можноста за соработка во разни проекти со разни невладини организации, а пред сé кога не обединува еден заднички интерес, а тоа е жената, бавно но сигурно се топат предрасудите. Морам да ја истакнам

соработката која ја има Асоцијацијата особено со Општина Чаир, Општина Студеничани, СУ „Зеф Луш Марку“, ОБСЕ, СКСЗМ, Универзитет Мајка Тереза, Тетовскиот Универзитет, Балканскиот Универзитет, Мрежа на жени во науката, Уметничката галерија Скопје и Тетово, Културно информативниот центар, Детската амбасада „Меѓаши“, Советот за етика на медиумите, НВО „Мајка и дете“, НВО Имаго Плус и др.

**Прашање 4: Според Вас, дали во нашата држава постојат предрасуди и за жени муслиманки кои не носат марама?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Иако правата за еднаквост и недискриминација се уставни начела и загарантирани права, сепак жените наидуваат на предрасуди дека не носат марама, некаде и дека носат, како и разни проблеми на работните места и по други основи. За да се надмине дискриминацијата не се доволни само пишани документи и правила, туку и подигнување на свеста, поголема зрелост на ниво на културолошки, образовен и граѓански развој. Но, претпочитам да не го губам драгоценото време со жалби и поплаки за проблемите, бидејќи верувам дека проблемите не се нерешливи, за се има решение. Поточно, потребата од граѓанските инструменти, дијалогот и решавање на проблемите на хуман начин ќе создадат една компактна структура, каде секој од овие фактори ќеја има сопствената улога и ќе има можност да го забрза процесот на нашето граѓанско општетсво и да се елиминираат предрасудите.

**Прашање 5: Како правник и активист за човекови права, кои се Вашите активности во намалувањето на проблемите со кои се соочуваат жените муслиманки во нашето општество?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Мојата мисија има цел: Да се зајакне положбата на жената во општеството, да се истакне нејзината улога и да се заштитат нејзините неприкосновени права и слободи. Преку разните активности на Асоцијацијата за афирмација на жената ги иницирав и продолжувам да ги иницирам битните женски прашања, подигање на свеста за нивната улога во семејството и во општеството, афирмирајќи ги нивните потреби и организирајќи разни активности со цел нивно вклучување во разни општествени области. Верувам дека со квалитетно образование, обука и едукација, работите во корист на жените, чекор по чекор ќе се надополнуваат, а со тоа и подобруваат. Сѐ додека

постои општественото опкружување ќе има цели кои се исполнети и цели кои допрва ќе се исполнуваат, а сето тоа со цел да се намалат проблемите со кои се соочуваат жените.

**Прашање 6: Кои се Вашите реализирани и идни цели од активизмот кој го водите?**

**М-р Ајѓул Сулејман:** Како идни општи цели би сакала да наведам продолжување со активноста во правец на осигурување на адекватната застапеност на жените во сите сфери на јавниот живот, заштита на достоинството и интеграцијата на жената, елиминирање на сите форми на насилство врз неа и зачувување на позитивните семејни вредности. Продолжување со веќе започнатите активности во неколку градови и за жени од различни националности. Тешко е да се издвојат активностите, но јас ќе издвојам само неколку, и тоа почнувајќи од Првата балканска конференција “Позицијата, предизвиците и перспективата на жената на Балканот” организирана во 2016 год. Истотака, во декември 2021 ја организиравме првата зимска школа “Родовите прашања, медиумите, културата и политичкото дејствување” во соработка со Балканскиот Универзитет, а предводена од научни истражувачи и универзитетски професори од Македонија и Албанија. Друга актвиност е отворање на Центри за оспособување на жената, во Скопје и Тетово каде голем број жени имаат можност да ги следат курсевите по кроење. Од оваа активност до сега опремени со лиценцирани сертификати над 350 жени кројачки. Потоа вреди да се спомене донацијата на медицински материјал во гинеколошката болница „Мајка Тереза“ во Скопје и во Куманово и медицински материјал во Детската клиника во Скопје.

Меѓу првите невладини организации која што пристапи со ONLINE ZOOM предавања од самиот почеток на КОВИД 19, е нашата асоцијација, со цел да се избегне непознатото со кое се соочивме како општество. За менаџирање и ублажување на стресните ситуации од КОВИД 19, беа реализирани разни емисии на кои следевме предавања од психолози, терапевти, социолози од земјата и од надвор. Прашањата за влијанието на технологијата се дел од активностите на разни работилници која ААЖ перманентно ги одржува со граѓаните, односно со родителите во неколку градови низ Македонија. Секоја

година, ААЖ го одбележува Меѓународниот ден против семејното насилство со кампањи на државно ниво, чии активности се одржуваат во сите најголеми градови на земјата. Трета година по ред ААЖ го одбележува и 15 Мај, Меѓународниот ден на семејството. Активности за подобрувањето на меѓуетничките и меѓуверските односи, итн. Покрај ова, ААЖ ги следи одблиску и има реагирано на сите појави и настани поврзани со прашањата на жените. Нашата работа ќе продолжи  со истиот ентузијазам како и на почетокот. Во блиска иднина планираме да продолжат годишните активности, но и да се преземат нови проекти и да продолжиме да бидеме дел од тековните случувања и да го нудиме нашиот максимален придонес во општеството.Исто така, ААЖ отвори Центар за едукација и обука за технолошки вешини (ИТ). Имено, брзиот развој на технологијата влијаеше на многу промени кои се случија во нашите животи и работа. Начинот на кој работиме, добиваме информации, комуницираме, се дружиме и се забавуваме е сменет. Како што се менува технологијата, така се менуваат и вештините што треба да ги поседуваме за да бидеме ефикасни во нашата работа и целосно да учествуваме во општеството.Поради тоа е отворен и Центар за едукација и обука за технолошки вешини (ИТ).

**АНАЛИЗА**

На крајот од ова интервју би сакала да изразам голема благодарност на моите две соговорнички, истакнати жени со својата хуманост, активизам и борба за подобро општество за сите, г-ѓа Мерсиха Смаиловиќ и м-р Ајѓул Сулејман за нивното  одвоено време и несебичен придонес за овој труд.

Покрај многуте признанија кои ги имаат добиено и двете, вреди да се истакне и дека од неодамна односно месец Јануари 2022 година м-р Ајѓул Сулејман е избрана во „G100“ -Клуб на жени, еминентна мрежа на 100-те најмоќни жени лидери во светот, со седиште во Лондон. Со визија да влијаат на иднината односно да создадат еднаква прогресивна средина и сеопфатна за сите жени ширум светот, за остварување на една заедничка цел-подобар свет за сите.

Овие две исклучително значајни релативно млади жени активистки во РС Македонија со својот активизам дале и сеуште даваат особен придонес во развојот на женскиот активизам и со своето дејствување и видливост, се позитивен пример кој го следат идните генерации ширум целиот свет. Ова посебно се наѕира и преку нивната актуелност во медиумите, на разни конференции, дебати, на социјалните мрежи, како и други настани во кои се јавуваат како активни соговорници.

Сметам дека со дејствувањето за постигнување на подобро општество за сите, родовата рамноправност и заштитата на човековите права се повеќе се буди свеста дека жените треба да зборуваат „гласно“ односно треба да се каже и дејствува за да се исправи, се буди храброста дека не се сами туку има и други жени како нив, кои можат заедно здружени да помогнат во постигнување на идеалното за сите подеднакво.

Профилот и активизмот на Мерсиха Смаиловиќ и м-р Ајѓул Сулејман ја потврдуваат улогата на еднаквоста/рамноправноста во решавањето на сите прашања коишто се од заеднички интерес за интеграцијата на сите нас поеднакво, бидејќи живееме во мултиетничко и мултиконфесионално општество, кое поминало и од конфликт, а во кое „јазот на недоверба“ сеуште постои помеѓу луѓето.

За да се превенира било каков конфликт во едно вакво општество мора континуирано да се работи на зацврстување на меѓусебното почитување со постојана комуникација, соработка и промоција на разликите, со цел запознавање со т.н „непознато-различно“ кое нешто може да егзистира во едно вакво мултикултурно општество. Би сакала да истакнам дека кога подобро се познаваме, повеќе се сакаме, дружиме и почитуваме и не се плашиме од т.н „разлики“ на едните од другите - бидејќи во суштината сфаќаме дека сме еднакво исти! Овие прашања се исклучително битни за позитивниот мир и соживотот во ова општествено опкружување.

Во тој контекст, овие истакнати активистки иако на почетокот се соочувале со бројни предрасуди и стереотипи во нашето опкружување оставија и

продолжуваат да оставаат позитивен пример за сите жени кои го следат нивниот активизам и придонес во севкупниот развој на општеството во целина.

Со посебен фокус на профилот на овие млади и храбри активистки и нивната активистичка борба за заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, произлегува дека истите имаат широко поставена мировна агенда врз основа на која ги остваруваат целите кои се поставени.

Врз основа на наведеното може да се заклучи дека жените муслиманки активистки не се разликуваат од другите жени со ралична вероисповест, боја на кожа, општетсвена положба и слично, се додека имаат иста цел, а тоа е севкупниот развој на општественото опкружување и општото добро на сите подеднакво.

### 5.1.3 АНАЛИЗА НА МИСЛЕЊАТА СОБРАНИ ПО ПАТ НА АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

На крајот од овој труд, како што се истакна на почетокот од ова истражување во емпирискиот дел од ова истражување опфатена е анализата на одговорите добиени по пат на анкетен прашалник. Употребата на интернетот, односно на компјутерски посредуваната комуникација, е во постојан раст, а со тоа и технологијата на онлајн истражувањата. На интернет постојат бесплатни и платени онлајн истражувачки услуги и програми, кои овозможуваат употреба на истражувања од повеќе корисници и за различни намени. За потребите на ова истражување беше користена програмата достапна на интернет страницата www.surveyplanet.com.

Во ова истражување, при спроведување на процесот на анкетирање на оваа интернет платформа која се спроведе во период од 09.03.2022-07.04.2022 година, беа опфатени мажи и жени од различна национална и верска припадност и други. Интересот беше фокусиран на нивните лични перцепции за муслиманските жени, нивните права и нивните ставови за активноста/пасивноста на овие жени. Опфатени се вкупно 112 испитаници од различни места на живеење, различен пол, различно верско убедување и

слично. Со цел да се запази анонимноста, анкетирањето беше изведено електронски преку онлајн платформа. Воедно, би сакала да истакнам дека на овој електронски прашалник имаше и опционална алтернатива да се додаде и маил адресата на испитаниците, но истата од страна на поголем дел од испитаниците не беше искористена со цел да се запази приватноста на истите.

Во прилог на овој труд го доставувам Анкетниот прашалник кој се состои од вкупно 18 прашања, односно во воведниот дел опфатени се основни податоци за испитаникот (возраст, пол, вероисповест и место на живеење град/село) додека останатиот дел од прашалникот се состои од прашања за перцепциите на испитаниците во однос на предметот кој е тема на ова истражување.

Врз основа на спроведениот анкетен прашалник по собирањето на податоците добиени од прашалникот, тие беа анализирани, а резултатите се прикажани со табели, и тоа:

**1. Во поглед на старосната структура, примерокот на испитаниците изгледаше вака:**

| | Возраст на испитаниците | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Од 18 до 30 год. | **7** | 6,5% |
| **b.** | Од 31 до 50 год. | 79 | 73,8 % |
| **a.** | Над 50 год. | 21 | 19.6% |

*На прашањето за возраста одговорено е од страна на 107 испитаници, додека 5 немаат одговорено на ова прашање. Врз основа на добиените резултати од аспект на возрасната граница поголем дел од испитаниците се на возраст во која имаат изградено свои ставови и размислувања во однос на прашања кои егзистираат во ова мултикултурно општество (зрела возраст), од кое можам да се заклучи дека одговорите се објективен одраз на она во што се убедени.

**2. Во однос на половата структура, резултатите се следните:**

| | Пол | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Машки | 19 | 17 % |
| **b.** | Жени | 93 | 83% |

*На второто општо прашање за основни податоци на испитаникот одговорено е од сите испитаници. Поголем дел ос испитаниците се од женски пол, додека останатите се од машки пол, при што во овој случај може да се дојде до заклучок

за ставот и размислувањата на жените, во однос на прашања поврзани со жените муслиманки.

**3. Структурата на испитаниците според вероисповеста изгледаше вака:**

| | Вероисповест | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Православна | 87 | 77.7% |
| **b.** | Католичка | 0 | 0 |
| **c.** | Муслиманска | 21 | 18.8% |
| **d.** | Друго | 0 | 0 |
| **e.** | Атеист/Агностик | 4 | 3.6% |

На прашањето за вероисповест одговорено е од вкупно 112 испитаници, од кои најголем дел од испитаниците се припадници на православна вероисповест. За ова истражување сметам дека во едно мултиконфесионално општетсво како нашето особено се битни ставовите на припадниците на други религии и верувања.

**4. Според местото на живеење, ги добивме следните резултати:**

| | Место на живеење | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Град | 106 | 94.6% |
| **b.** | Село | 6 | 5.4% |

На прашањето за местото на живеење одговорено е од вкупно 112 испитаници. Поголем дел од испитаниците живеат во урбана средина, додека 5,4 % ,од истите се од рурална средина.

**5. Дали се сложувате со тезата дека жените и мажите располагаат со еднакви слободи и права во македонското општество?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да, потполно се согласувам | 28 | 25% |
| **b.** | Делумно се согласувам | 52 | 46.4% |
| **c.** | Делумно не се согласувам | 13 | 11.6% |
| **d.** | Сосема не се согласувам | 18 | 16.1% |
| **e.** | Не можам да проценам | 1 | |

Ова прашање е одговорено е од вкупно 112 испитаници.
Во однос на „Тезата дека жените и мажите располагаат со еднакви слободи и права во македонското општество“, најголем дел од испитаниците „делумно се

согласуваат“ додека на второ место „потполно се согласуваат“ со расположивоста на еднаквите права и слободите на мажите и жените во нашето општество. Тоа подразбира дека иако жените и мажите уживаат слободи и права и се еднакви пред Уставот и законите во РС Македонија, сепак одредена група на испитаници од кои поголем дел се жени се согласуваат само делумно бидејќи во пракса сеуште има бројни примери за нееднаков третман и дискриминација на жените во однос на мажите.

**6. Дали во Вашето опкружување имате соседи/ки или колеги/шки муслимани?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да | 104 | 92.9% |
| **b.** | Не | 8 | 7.1% |
| **c.** | Не знам | 0 | / |

Поголем дел од испитаниците во нивното опкружување имаат соседи/ки или колеги/колешки муслимани, а сето тоа ја отсликува шареноликоста на различни вери, култури и традиции коишто егзистираат во македонското општество. Токму поради оваа разноликост објективни се одговорите кои се избрани од страна на испитаниците. Различни се мислењата на луѓето кои живеат во мешана заедница и оние кои во своето опкружување немаат или не се сретнале со припадници од други религии, етнички заедници и др.

**7. Дали според вас исламот е монотеистичка религија како што е христијанството?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да | 73 | 65.8% |
| **b.** | Не | 10 | 9% |
| **c.** | Не знам | 28 | 25.2% |

Иако најголем дел од испитаниците одговориле дека Исламот е монотеистичка религија, добар дел од истите (околу 34.2 %) сметаат дека Исламот не е монотеистичка религија или немаат сознание за истото. Исламот е монотеистичка религија (верување во еден Бог), која се вбројува во аврамските религии.

**8. Дали знаете како се нарекува велот/марамата што ја носат жените муслиманки?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Хиџаб | 57 | 51.4% |
| **b.** | Бурка | 41 | 36.9% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **c.** | Не знам | 13 | 11.7% |

Претходно во текстот набројавме неколку начини на облекување на муслимнските жени. Во делот од анкетниот прашалник кој опфаќа прашање како се вика велот (марамата) што ја носи жената муслиманка резултатите се скоро идентични меѓу тие што одговориле хиџаб и бурка. Тоа подразбира дека поголем дел од испитаниците не ја знаат разликата помеѓу хиџабот и бурката додека сведоци сме на двата начина на облекување во нашето општетсво. Интересен е податокот дека на прашањето за шамијата што ја носат муслиманските жени, според податоците од анкетата произлегува дека и дел од муслиманите испитаници не ја знаат разликата на овие две начини на облекување на жените. Имено, како што претходно спомнавме Хиџабот е превез што служи за покривање на главата, косата и на вратот, но не и лицето, додека Бурката е најзатворен од сите превези и се состои од еден дел што ги покрива и лицето и телото, често со тесна мрежа во пределот на очите и истиот не е задолжителна форма на облекување на мсулиманските жени.

**9. Според Вас, жените муслиманки имаат положба:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Еднаква со таа на мажите муслимани | 13 | 11.6% |
| **b.** | Немаат еднаква положба со мажите муслимани | 85 | 75.9% |
| **c.** | Не знам | 14 | 12.5% |

Ова прашање е одговорено е од сите испитаници. Дури 75,9 % од испитаниците се на мислење дека жените муслиманки немаат еднаква положба со мажите муслимани, додека 11,6 % сметаат дека жените муслиманки се со еднаквва положба со мажите и останатите 12,5 % не знаат за вистинската положба на жените муслиманки. Претходно во текстот наведовме неколку примери за премисите на еднаквоста и рамноправноста на жените и мажите според оваа религија. Иако можеби местото не му е тука но сепак би сакала да истакнам интересен податок од периодот на донесување на Универзалната декларација за човекови права. Согласно член 1 и 2 од Универзалната декларација за човекови права донесена 1948 година од страна на Генералното собрание утврдено е дека: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност и сите права и слободи наведени во оваа Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус.“ За донесување на оваа Декларација во 1948 година, гласале ЗА, меѓу другите држави во светот и арапските држави Авганистан, Иран, Ирак и други.

**10. На покривањето на главата со марама од жените муслиманки гледате како на:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Израз на нивната слобода во облекувањето | 34 | 30.4% |
| **b.** | Марамата е израз на принуда од сопругот или верата | 43 | 38.4% |
| **c.** | Старомоден детаљ | 19 | 17% |
| **d.** | Немам мислење | 16 | 14.3% |

Ова прашање е одговорено од сите испитаници. Поголем дел од испитаниците сметаат дека тоа е израз на принуда од сопругот или верата, додека други сметаат дека е израз на слобода во облекувањето. Од интервјуто кое е спроведено со активистките Мерсиха Смаиловиќ и м-р Ајѓул Сулејман може да се заклучи дека истите не биле принудени од сопрузите или пак нивните семејства да носат марама на главата, туку тоа го сториле на возраст во која сами носеле одлуки и како нивен личен избор.

**11. Според Вас носењето марама кај жените муслиманки е одраз на пониско образовно ниво:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да | 11 | 9.8% |
| **b.** | Не | 89 | 79.5% |
| **c.** | Не знам | 12 | 10.7% |

Ова прашање е одговорено од сите испитаници.Согласно резултатите од одговорите на испитаниците се констатира дека постојат предрасуди од мал дел од нив односно 9.8% сметаат дека носењето марама кај жените муслиманки е одраз на пониско образовно ниво, додека поголем дел сметаат дека не е одраз на пониско образование. Во тој контекст, би сакала да заклучам дека предрасудите произлегуваат од разликата во облекување, надворешниот изглед, бојата на кожата, јазикот и друго. Доколку бидеме отворени едни кон други, комуницираме, запознаваме, дружиме и слично, ќе можеме да изградиме соодветен став за интелектуалното, образовно ниво и други карактеристики на луѓето.

**12. Дали сметате дека носењето марами од жените муслиманки е:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Сеедно ми е, тоа е составен дел на слободата на личноста | 46 | 41.8% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **b.** | Треба да се забрани целосно | 5 | 4.5% |
| **c.** | Треба да се ограничи при вршењето на јавни функции | 18 | 16.4% |
| **d.** | Израз на верска припадност и треба да се почитува | 41 | 37.3% |

Според резултатите од одговорите произлегува дека носењето марама од жените муслиманки е составен дел од слободата на личноста и израз на верска припадност која треба да се почитува. Притоа, и меѓу жените муслиманки има различен став по однос на ова прашање.

**13. Дали сметате дека сите жени муслиманки носат марами на главата?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да, тоа е задолжителен елемент на нивниот изглед | 1 | 0.8 % |
| **b.** | Не, и меѓу жените муслиманки има различен став по ова прашање | 107 | 96.4% |
| **c.** | Не знам | 3 | 2.8 % |

Поголем дел од испитаниците заклучиле дека и меѓу жените муслиманки има различен став по ова прашање.Постојат муслимански земји во кои носењето марама е задолжителен елемент како одраз на религијата во тие арапски земји. Во нашето мултиконфесионално општество има примери на жени муслиманки кои носат марама и муслиманки кои не носат марама, но како што претходно истакнав надворешниот изглед не е карактеристика која го одредува степенот на потчинетост, интелектуалност и слично..

**14. Дали со соодветно образование и високи стручни квалификации жена муслиманка може да обавува висока јавна функција?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да, доколку има соодветни квалификации | 104 | 92.9% |
| **b.** | Доколку има претензии кон јавна функција мора да се придржува | 8 | 7.1% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на начинот на облекување на општественото опкружување | | |
| **c.** | Не треба да обавува јавна функција | 0 | **/** |

Ова прашање е одговорено од сите испитаници. Заклучокот од прашањето Дали со соодветно образование и високи стручни квалификации жена муслиманка може да обавува висока јавна функција? Одговорот на јавното мислење е дека може, доколку има соодветни квалификации односно 92,9 % од испитаниците го потврдиле овој став. Со различен став се 7, 1 % од анкетираните, односно истите сметаат дека доколку има претензии за обавување на јавна функција мора да се придржува кон начинот на облекување на општественото опкружување. Во тој контекст произлегува дека доколку жената муслиманка поседува потребни стручни квалификации, кое подразбира соодветно образование, работно искуство, соодветна обука и други услови кои се потребни за да се обавува јавна функција во државата, може да обавува висока јавна функција во РС Македонија.

**15. Дали сте сретнале жени муслиманки кои се активистки и борци за човекови права?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да | 80 | 71.4% |
| **b.** | Не | 17 | 15.2% |
| **c.** | Не знам | 15 | 13.4% |

Ова прашање е одговорено од вкупно 112 испитаници. Тоа подразбира дека е видлив активизмот на жените муслиманки во ова мултикултурно општество, додека помал дел од испитаниците под хипотеза е дека тие кои не живеат во мешана средина, немаат соседи од други религии и слично се помалку информирани за дејствувањето, активизмот и придонесот во развојот на општеството од страна на овие жени.

**16. Дали сметате дека жените муслиманки се способни и храбри да се борат за заштита на слободите и правата во иста мера со останатите жени во македонското општество?**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Да, тие се еднакво ангажирани како и другите жени активистки во општетсвото | 61 | 54.5% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **b.** | Да, сподобни се, но не им е дозволено да се активираат поради патријархалниот и верскиот контекст | 41 | 36.6% |
| **c.** | Не знам | 10 | 8.9% |

Ова прашање е одговорено од сите испитаници.Во тој контекст, жените муслиманки се способни и храбри да се борат за заштита на слободите и правата во иста мера со останатите жени во македонското општество е мислењето на повеќе од половина од испитаниците, додека друг добар дел сметаат дека жените муслиманки се способни но не им е дозволено да се активираат поради патријархалниот и верскиот контекст. Земајќи во предвид истакнатите активистки коишто се интервјуирани за целите на овој труд, а и многу други жени муслиманки кои се активистки не само во РС. Македонија, туку и пошироко може да се заклучи дека верскиот концепт не е бариера за да се активираат овие жени. Од друга страна патријархалниот концепт оставило белег не само во овие општетсва туку и пошроко, како причина жените ширум светот да се чувствуваат потиснати, да не можат да го искажат своето мислење, да ги бранат своите права, да се активираат и борат за се што им припаѓа како индивидуи.

**17. Во споредба со другите општества, жените муслиманки во Р.С. Македонија се:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Послободни и поактивни од тие во неевропските општества | 36 | 32.1% |
| **b.** | Понеслободни и попасивни од тие во неевропските општества | 38 | 33.9% |
| **c.** | Нивната положба е ист во сиот муслимански свет | 38 | 33.9% |

Ова прашање е одговорено од вкупно 112 испитаници. Интересен е соодносот за слободата и активноста на жените муслиманки во другите општества и РС Македонија. Еднаков дел од испитаниците односно 33,9 % сметаат дека нивната положба е иста во сиот муслимански свет, како и сметаат дека се понеслободни и попасивни од тие во неевропските општества. Од друга страна 32, 1% сметаат дека се поактивни и послободни од тие во неевропските општества. Земајќи ја предвид досегашната пракса може да се констатира дека РС Македонија е либерална држава, мултикултурна и мултиконфесионална држава во која се гарантираат еднаквите права и слободи со највисокиот правен акт во државата.

Оттука, има жени муслиманки активистки со широко поле за дејствување во државата, има жени муслиманки на високи одлучувачки позиции што на некој начин презентира дел од сликата за статусот кој го уживаат муслиманките во РС Македонија.

**18. Помладите генерации жени муслиманки се поеманципирани и поактивни од постарите:**

| | | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| **a.** | Се сложувам | 95 | 84.8% |
| **b.** | Не се сложувам | 11 | 9.8% |
| **c.** | Не знам | 6 | 5.4% |

Ова прашање е одговорено  од страна на сите испитаници.Иако поголем дел од анкетираните (84,8 %)се сложиле дека помладите генерации жени муслиманки се поеманципирани и поактивни од постарите, додека 9, 8 % не се сложиле со тој став. Согласно заклучокот кој се добива со анкетниот резултат произлегува дека помладите генерации се повидливи со својата активност а тоа може да е последица од повеќе фактори. Со развојот на технологијата интернетот е гласник на дејствувањето-активизмот и взаемната поддршка на многу жени ширум светот. Кога луѓето се борат гласно за заштитата на своите права храброста се зголемува и на другите да го сторат истото-да не се плашат да бидат видливи. Се повеќе жени се економски независни од своите мажи, а тоа дополнително ги охрабрува истите да се борат за еднаквост и рамноправност во денешно време.

## ЗАКЛУЧОК

Постоењето на многу заблуди и пропаганди во однос на жената го наметнува прашањето која е реалната вистина за статусот на жената во овој свет. Дали жената муслиманка има посебно место, таа е активен чинител во општетсвото или е во потчинета положба во споредба со мажот. Оттука, се јавуваат стереотипи и предрасуди во однос на она што е непознато, недоволно прикажано или погрешно претставено.

Согласно наведеното, во теорискиот дел од ова истражување се осврнуваме на положбата и улогата на жената во период пред појавата на исламот и по појавата на оваа религија со цел да се направи паралела кои се новините во однос на местото што го зазема жената во тој период. Накратко даден е приказ и на жената во Античка Грција, Рим, во другите големи религии и на крај улогата на жената според оваа монотеистичка религија. Во споредба со периодот пред појавата на Исламската религија на Арапскиот полупостров, кој се нарекува „Cehele" на арапски значи „незнаење"(неукост) оваа религија го подигнува статусот на жените во споредба со предисламскиот период. Спомнавме за неколку од нехуманите традиции во тој период, особено примерот со живо закопување на женски деца, жените во средните и пониските слоеви, немале никакво значење и улога и слично.

Во третиод дел од ова истражување се осврнавме на жената муслиманка во современиот свет, односно дадени се примери на положбата на жените муслиманки во неколку европски земји и положбата на жените во некои држави земји во кои поголем дел од населението е од исламска вероисповест. Дадени се примери на современи држави кои воведуваат бројни забрани и ограничување на основните слободи и права на жените муслиманки, особено прашањето во однос на носењето шамија. Во некои земји забрането е да се демонстрира религиозната припадност на муслиманската жена на јавни места.

Четвртиод дел од овој труд го опфаќа феминизмот и активизмот на жените, дава примери за жени муслиманки кои ги уриваат стереотипите во своите земји и пошироко и на крај се претставени како позитивен пример, како и првите жени

конгресменки со муслиманска вероисповест во Соединетите Американски Држави.

Петтиот дел од овој труд дава приказ на статусот на жените во РС Македонија, со одредби од највисокиот правен акт Уставот, законски норми и слично. Воедно, опфаќа примери од активизам за измена на акт од 2007 година, пракса од 2017 година и пример од дискриминација на жена муслиманка во ресторан во Скопје.

Воедно, финалниот дел опфаќа Интервју спроведено со две еминентни активистки од РС Македонија, Мерсиха Смаиловиќ и м-р Ајѓул Сулејман и на крај е Анкетата спроведена со цел истражување на јавното мислење. Во ова истражување, при спроведување на процесот на анкетирање на интернет платформата, интересот беше фокусиран на нивните лични перцепции за муслиманските жени, нивните права и нивните ставови за активноста/пасивноста на овие жени и слично.

Посебен фокус е даден на профилот на муслиманските жени активисти и нивната активистичка борба за заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, како дел на една поширока мировна агенда и нивниот придонесот во градењето на мировната агенда. Како што претходно се истакна живееме во едно мултиетничко и мултиконфесионално општество кое минало и низ фаза на конфликт и јасно е дека треба континуирано да се негуваат различностите со цел превенирање на било каква омраза, страв од другите, да се прикаже соживотот и меѓусебното почитување како начин мирно да се разрешат сите спорови кои можат да прераснат во насилство, тоа е впрочем значајна функција на мировната дипломатија.

Од спроведеното интервју со жените активистки јасно се акцентира дека нивниот активизам и нивната борба е насочена за подобро општество за сите поеднакво, заштита на основните слободи и права на сите. Разликата меѓу овие активистки и другите коишто егзистираат во РС Македонија не е во нивната интелектуална поставеност, образование или борбата за подобро општество. Разликата е само во надворешниот изглед, односно шамијата-марамата“ што ја носат, но впрочем нели тоа не е пресудно за целта којашто ја поставиле и која се стремат да ја постигнат со својот активизам.

Би сакала да истакнам дека денес се повеќе се акцентира активноста на жените и нивното дејствување и неспорно е дека истите имаат важна улога во превенцијата и разрешувањето на конфликтите  и градењето на мирот. Токму тоа се потенцира и во многу национални и меѓународни документи коишто се носат или се усвојуваат, како на пример Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН донесена 2000 година, а која е прифатена и во РС Македонија и во кој документ се нагласува важноста на жената и нејзиното рамноправно учество во решавање на конфликтите односно во изградба на позитивниот мир. Во тој контекст, може да се спомене и дека во РС Македонија жените преземаа водечка улога особено во постконфликтниот процес за градење мир, а посебно во акцијата спонзорирана од ОН за разоружување на мало и лесно оружје. Постојат бројни примери од жени политичари, мировни активисти, лидери на невладини организации кои беа директно вклучени со државните институции и граѓанското општество во промоцијата на мировниот процес и подигањето на свеста за градење на мирот во општеството во целина.

Во контекст на наведеното, интервјуираните жени активистки имаат едногласен став за акциите поврзани со мировните протести и маршеви организирани од страна на другите активисти и граѓански организации во државата. Иако на почетокот од нивниот активизам општеството и граѓанските организации имале проблем да го прифатат нивниот надворешен изглед и многумина биле со предрасуди спрема истите, кое било дополнителен товар за да го докажуваат својот интелектуален капацитет и да бидат еднакво прифатени од општеството, сепак тоа не ги спречило да продолжат со својата агенда.

Со цел да се превенираат вакви или слични ситуации и предрасуди, било какво недоразбирање/спор во едно мешано општество мора континуирано да се работи на зацврстување на меѓусебното почитување, со постојана комуникација, соработка и промоција на разликите, со цел запознавање со  т.н „непознато-различно“  и постигнување на хармонична средина во која сите би можеле да живеат среќно и безбедно. Тоа е впрочем состојба на човечка хармонија или според позитивната дефиниција пак „мирот е состојба на братска харминија на целото општество“(Ерих Фром - За непослушноста и други есеи), состојба во која луѓето живеат во хармонија едни со други и со се што ги опкружува. Мирот е

состојба која бара постојана рамнотежа за да се сочува истата. Сметам дека таа рамнотежа зависи од сите нас, нашите ставови, начинот како размислуваме, живееме, се однесуваме и тоа што го говориме ја отсликува нашата култура. Доколку истите одразуваат меѓусебно почитување, прифаќање на разликите и кохезија со општеството во целина, тогаш навистина сме постигнале висок степен на зрелост и култура на градење на позитивен мир во општеството.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Acarlioglu Ahmet (2019), "Câhiliye Arap Toplumunda Kız Çocuklarının Katli Meselesi: İslam Tarihi Perspektifinden Değerlendirme", достапно на http://cuid.cumhuriyet.edu.tr/tr/pub/issue/43612/535105.

Ахмед Лејла, (1992), *Жената и родот во Исламот*, Скопје: Слово.

Akram Afnan (2018), "Your Liberation, My Oppression: European Violations of Muslim Women's Human Rights", *5 Indon. J. Int'l & Comp. L*. 427 (2018).

Akif Aydın (1989), "Aile", DİA, İstanbul.

Al-Hibri Azizah Yahia, (2000) "Muslim Women's Rights in the Global Village: Challenges and Opportunities", *J L & Religion* vol. 37, no 15.

Al-Muftah Esraa (2017), "Qatari Women in a Corporatized Higher Education Setting: International Reforms and their Local Bearings", достапно на https://www.researchgate.net/publication/315655659_Qatari_Women_in_a_Corporatized_Higher_Education_Setting_International_Reforms_and_their_Local_Bearings.

Altuntepe, Nihat (2020). "İslam ekonomisinde kadın girişimciliğinin Yeri ve Önemi:Teorik Bir Yaklaşım". *Sakarya İktisat Dergisi, Cilt 8, Sayı 2.*

Ананиев Јован и др. (2018), *Човекови права*, ОБСЕ, Скопје.

Aydın, Mehmet Akif (2016). *"Kadın"*. Türk Diyanet Vakfı İslam Ansiklopedisi, Cilt 24, yıl 2001. 22 Ağustos 2016 tarihinde *kaynağından* arşivlendi.

Badran Margot (2001), „Islamski feminizam: šta taj pojam predstavlja?“, *Znaci*, достапно на https://znaci.ba/tekstovi/islamski-feminizam-sta-taj-pojam-predstavlja.

Barlow Rebecca and Shahram Akbarzadeh (2006), „Women's Rights in the Muslim World: Reform or Reconstruction?“, *Third World Quarterly*, Vol. 27, No. 8.

Beauchamp, B. J. (1976). "Le vocabulaire de la faiblesse féminine dans les textes juridiques romains du III e au VI e siècle", Revue historique de droit français et étranger (1922-) Quatrième série, Vol. 54, No. 4.

Bolukbasi Mehmed, "Cahiliye Devrinde Araplarda Sosyal ve İktisadi Hayat", *International of Journal Management and Social Researches*, достапно на http://www.uysad.com/FileUpload/as907385/File/69-mehmet_bolukbasi-cahiliye_devrinde_araplarda_sosyal_ve_iktisadi_hayat.pdf.

Brunović Karlo (2017), „Položaj žena u islamu: suodnos kulture i religije“, *Filozofska istrazaivanja*, vol. 37, no. 4.

Bušatlić, Abdusamed Nasuf (2009), *Žene iz vremena poslanstva*, Sarajevo.

Court of Justice of the European Union (2021), *Judgment in Joined Cases C-804/18 and C-341/19, WABE and MH Müller Hande*, Press Release No. 128/21, достапно на https://curia.europa.eu/jcms/upload/docs/application/pdf/2021-07/cp210128en.pdf.

Demand Nancy (1994), *Birth, Death, and Motherhood in Classical Greece*, Maryland, Johns Hopkins University Press.
Dick Wolfgang (2014), “Can Muslim women wear a headscarf at work in Germany?”, *DW,* достапно на https://www.dw.com/en/can-muslim-women-wear-a-headscarf-at-work-in-germany/a-17953746.

*Dictionnaire encyclopedique du Judaïsme* (1996)*,* Bouquins Editions*.*

*Дојче Веле на македонски јазик* (2019)*,* „Забрана за носење шамија во основите училишта во Австрија“, достапно на https://www.dw.com/mk/%D0%B7%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%BE%D1%81%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D1%88%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B0%D0%B2%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-48758170.

Donnelly Jack, (1984) “Cultural Relativism and Universal Human Rights”, *6 Hum. Rts. Q.* 400.

Golden Mark (1990), Children and Childhood in Classical Athens, Baltimore, The Johns Hopkins University Press, 1990.

Граѓански ресурсен центар (2019), Извештај од дебата „Повеќекратна дискриминација – предизвици и можни решенија“, достапно на https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2019/05/izveshtaj-od-debata-za-povekekratna-diskriminacija.pdf

Greenblatt Marjan Keypour (2020), “Women in Iran: Political representation without rights”, достапно на https://www.mei.edu/publications/women-iran-political-representation-without-rights.

Gürhan, Nazife (2011). "Kadın bakış açısıyla Kuran'ı Yeniden Okuma Denemesi- Amina Wedud- kuran ve Kadın"*. e-Şarkiyat İlmi Araştırmalar Dergisi Sayı 6.*

Ел-Могамис Насер (2007), *Христијанството и исламот според Библијата и Куранот*, Студентски клуб

Ел-Фаруки Раџи Исмаил (2006), *Исламот и другите вери*, Скопје: МЦМС.

Ел-Хашими Муххамед Али (2008), *Личноста на жената муслиманка*: низ призмата на Куранот и Суннетот, Октиси.

El-Kardavi Jusuf (2003), *Gruaja ne Islam*, „Furkan ISM“ Shkup.

Esposito L. John (1975), “Women’s Rights in Islam”, *Islamic Studies*, Vol. 14, No. 2.

Европската конвенција за фундаментални права усвоена во 2000.

ECHR (2017), Judgment of the Court (Grand Chamber), Reference for a preliminary ruling — Social policy — Directive 2000/78/EC — Equal treatment — Discrimination based on religion or belief — Genuine and determining occupational requirement — Meaning — Customer’s wish not to have services provided by a worker wearing an Islamic headscarf, Case C-188/15, достапно на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62015CJ0188

Ferhat Jaser (2005), *Istina i zablude o ženi,* Novi Pazar: El-Kelimeh.

Hava Ergene Isik (2006), *Hanim Sahabiler*, Karton Kapak.

Home Office (2021), UK, *Country Policy and Information Note. Iraq: ‘Honour’ crimes*, достапно на https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/975221/Iraq_-_Honour_Crimes_-_CPIN_-_v2.0_-_March_2021_-_EXT.pdf.

Ilhan Omar (2022), US House of Representatives, достапно на https://omar.house.gov/.

İzzet Derveze (1989), *Kur’an’a Göre Hz. Peygamber’in Hayatı*, Çev. Mehmet Yolcu, İstanbul.

Jawad Ali (2021), “For 1st time, Iraqi women secure 97 parliament seats”, *Anadoly Agency,* достапно на https://www.aa.com.tr/en/middle-east/for-1st-time-iraqi-women-secure-97-parliament-seats/2390095.

Jayawardena Kumari (2016), *Feminism and Nationalism in the Third World*, London, Verso.

*Кур’ан* (1418Х), превод на македонски Хасан Џило, Скопје: „Мелик Фахд“

Kuran, kadınların erkekler gibi cennete ve cehenneme gideceğini söyler, ancak kadınların ahiretteki kaderi kocalarının kaderine bağlıdır. Roded, “Women and the Qurān”, Encyclopaedia of the Qur'ān.

Lewis Jone Johnson, “Stakleni plafon i istorija žena”, *Efferit*, достапно на https://bs.eferrit.com/stakleni-plafon-i-istorija-zena/.

Mullender Richard (2003), “Human Rights: Universalism and Cultural Relativism”, *Critical Review of International Social and Political Philosophy*, vol. 6, no. 3.

Neş’et Çağatay (1971), *İslam Öncesi Arap Tarihi ve Cahiliye Çağı*, Ankara.

Nikodinovska-Stefanovska Snezana (2013), “Women in Conflict and Peace: Contemporary Gender Perspectives”, *Contemporary Macedonian Defence*, vol. 13.

Ozcan Yusuf (2003), *Genclik ve evlilik*, Ankara: Kitap Kağıdı.

Pakšić Barbara Herceg i Eugen Jakopović (2015), „Sakaćenje ženskih spolnih organa: pojavni oblici, medicinska obeležja i kaznenopravna regulacija“, *Pravni vjesnik*, god. 31, br. 2, достапно на https://hrcak.srce.hr/file/217422.

Plato (1956). *The Republic*. New York: Oxford University Press

Pomeroy Sarah B. (ed.) (1999), *Plutarch’s Advice to the Bride and Groom and A Consolation to His Wife,* New York, Oxford University Press.

*Prilozi za istraživanje sociokulturnog položaja žene u BiH. Izabrana bibliografija (1990-2010)*, (2011), Nahla: Centar za edukaciju i istraživanje.

Roth Clare (2021), “Muslim women struggle with Germany’s ‘hijab ban’ in workplaces”, *Al Jazeera*, достапно на https://www.aljazeera.com/news/2021/9/24/muslim-women-struggle-with-germanys-hijab-ban-in-workplaces.

*Sabah* (2013), “Müslüman ülkelerde başörtüsü tercih mi zorunluluk mu?”, достапно на https://www.sabah.com.tr/aktuel/2013/10/31/musluman-ulkelerde-basortusu-tercih-mi-zorunluluk-mu.

Самарџиħ, Предраг (2007). Жена у светлу Библије и библијског времена, Епархија Захумско-херцеговачка и приморска, „Видослов", Београд -Требиње.

Савовска Марија (2007). *Водич во феминистичката и родовата терминологија,* Акција Здруженска Скопје.

Sebti Bassam (2016), “5 Arab women who are breaking down stereotypes and building their countries”, *World Bank blogs*, достапно на https://blogs.worldbank.org/voices/5-Arab-women-breaking-down-stereotypes-building-their-countries.

Sefik Hamdi (2005), *Supruge, a ne ljubavnice*, Islamske knjige.

Сектор за еднакви можности, Министерство за труд и социјала, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Sektor_za_Ednakvi_moznosti_MKD%5B1%5D.pdf.

Selvi Dilaver (2015), *Kadin ve Aile ilmihali*, Ankara: Kitap Kağıdı.

Sergon Valentine (2022), “Guide to women’s rights in Qatar”, достапно на https://www.expatica.com/qa/living/gov-law-admin/womens-rights-in-qatar-70967/#Gender.

Seyfettin Yazici (2015), *Basic religious knowledge*, Ankara: Diyanet İşleri Başkanlığı Yayınları

Smith, Nicholas D. (1983). “Plato and Aristotle on the Nature of Women”, *Journal of the History of Philosophy*, 21 (4).

Spahić-Šiljak, Z. (2008) “Žene, religija i politika”, *Nova prisutnost: časopis za intelektualna i duhovna pitanja*, vol. VI, no. 2.

Spahić-Šiljak, Z., (2011), *Ženska ljudska prava - islamska perspektiva* во: Ivana Radačić, Jelka Vince Palua (ur.), *Razvoj na međunarodnoj i nacionalnoj razini 30 godina nakon usvajanja Konvencije UN-a o uklanjanju svih oblika diskriminacije žena,* Zagreb Institut društvenih znanosti Ivo Pilar.

Strack Christoph (2018), „Sejran Ates: "Islam treba tumačiti na moderan način", *DW*, достапно на https://www.dw.com/bs/sejran-ates-islam-treba-tuma%C4%8Diti-na-moderan-na%C4%8Din/a-44236691.

Syed Khalida Tanvir, (2008), “Misconceptions About Human Rights and Women’s Rights in Islam”, *Interchange*, vol. 39 no. 2.

*The Declaration of the Rights of Man and of the Citizen*, достапно на https://www.elysee.fr/en/french-presidency/the-declaration-of-the-rights-of-man-and-of-the-citizen.

Трајковски Ило (2006), *Политика на човековите права, Прв дел: Основни поими*, Скопје: Филозофски Факултет.

Yamani Mai (1996), *Feminism and Islam: Legal and Literary Perspectives*, NYU Press.

Yoair.com Blog (2021), “Kako muslimanke stvaraju samo-identitete među tradicijom i modernošću”, достапно на https://www.yoair.com/bs/blog/how-muslim-women-create-self-identities-among-tradition-and-modernity/.

Yoair.com Blog (2021), „Социокултурните импликации да се биде жена во Ирак“, достапно на https://www.yoair.com/mk/blog/the-sociocultural-implications-of-being-a-woman-in-iraq/.

UN Economic and Social Council (2013), Commission on Crime Prevention and Criminal Justice, E/CN.15/2013/NGO/1, достапно на https://www.unodc.org/documents/commissions/CCPCJ/CCPCJ_Sessions/CCPCJ_22/_E-CN15-2013-NGO1/E-CN15-2013-NGO1_E.pdf.

UNESCO, *Goodwill Ambassador H.H. Sheikha Moza Bint Nasser*, достапно на https://en.unesco.org/goodwill-ambassadors/sheikha-moza-bint-nasser.

UNICEF, *Goodwill Ambassador Muzoon Almellehan,* достапно на https://www.unicef.org/goodwill-ambassadors/muzoon-almellehan.

U.S. Department of State (2021), *2020 Report on International Religious Freedom: Germany*, достапно на https://www.state.gov/reports/2020-report-on-international-religious-freedom/germany/.

Устав на РС Македонија, достапно на https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

Устав на Р.Турција член 10 и дополнителен став 5170/1 од 7мај 2004 год https://www.icisleri.gov.tr/kurumlar/icisleri.gov.tr/IcSite/illeridaresi/Mevzuat/Kanunlar/Anayasa.pdf.

Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички поглед*, Скопје: Филозофски факултет

Весевска Ирена Теодора (2018), „Жените во доцната антика и раното христијанство: гласовите и делата на „замолкнатото“ малцинство“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, год 71.

Wadud Amina (1999), *Qur'an and Woman: Rereading the Sacred Text from a Woman's Perspective*, Oxford University Press.

Weiss Anita M. (2003), „Interpreting Islam and Women’s Rights“, *International Sociology,* vol 18, no. 3.

Xenophon (1943). *Within The Home. The Greek Reader*. NY: Doubleday.

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК** **Прилог 1**

Почитувани учесници на анкетниот прашалник. Ве молиме внимателно да ги прочитате и одговорите прашањата кои следат во прашалникот. Анкетата е анонимна и ќе биде искористена исклучиво за потребите на истражувањето за магистерски труд на тема:
„Жените муслиманки во современиот свет: помеѓу предрасудите и активизмот“

**1. Возраст**

| | Возраст на испитаниците |
|---|---|
| **a.** | Од 18 до 30 год. |
| **b.** | Од 31 до 50 год. |
| **b.** | Над 50 год. |

**2. Пол:**

| | Пол |
|---|---|
| **c.** | Машки |
| **d.** | Жени |

**3. Вероисповест:**

| | Вероисповест |
|---|---|
| **f.** | Православна |
| **g.** | Католичка |
| **h.** | Муслиманска |
| **i.** | Друго |
| **j.** | Атеист/Агностик |

**4. Место на живеење**

| | Место на живеење |
|---|---|
| **c.** | Град |
| **d.** | Село |

**5. Дали се сложувате со тезата дека жените и мажите располагаат со еднакви слободи и права во македонското општество?**

| | |
|---|---|
| **f.** | Да, потполно се согласувам |
| **g.** | Делумно се согласувам |
| **h.** | Делумно не се согласувам |
| **i.** | Сосема не се согласувам |
| **j.** | Не можам да проценам |

**6. Дали во Вашето опкружување имате соседи/ки или колеги/шки муслимани?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да |
| **e.** | Не |
| **f.** | Не знам |

**7. Дали според вас исламот е монотеистичка религија како што е христијанството?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да |
| **e.** | Не |
| **f.** | Не знам |

**8. Дали знаете како се нарекува велот/марамата што ја носат жените муслиманки?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Хиџаб |
| **e.** | Бурка |
| **f.** | Не знам |

**9. Според Вас, жените муслиманки имаат положба:**

| | |
|---|---|
| **d.** | Еднаква со таа на мажите муслимани |
| **e.** | Немаат еднаква положба со мажите муслимани |
| **f.** | Не знам |

**10. На покривањето на главата со марама од жените муслиманки гледате како на:**

| | |
|---|---|
| **e.** | Израз на нивната слобода во облекувањето |
| **f.** | Марамата е израз на принуда од сопругот или верата |
| **g.** | Старомоден детаљ |
| **h.** | Немам мислење |

**11. Според Вас носењето марама кај жените муслиманки е одраз на пониско образовно ниво:**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да |
| **e.** | Не |
| **f.** | Не знам |

**12. Дали сметате дека носењето марами од жените муслиманки е:**

| | |
|---|---|
| **e.** | Сеедно ми е, тоа е составен дел на слободата на личноста |
| **f.** | Треба да се забрани целосно |
| **g.** | Треба да се ограничи при вршењето на јавни функции |
| **h.** | Израз на верска припадност и треба да се почитува |

**13. Дали сметате дека сите жени муслиманки носат марами на главата?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да, тоа е задолжителен елемент на нивниот изглед |
| **e.** | Не, и меѓу жените муслиманки има различен став по ова прашање |

| | |
|---|---|
| **f.** | Не знам |

**14. Дали со соодветно образование и високи стручни квалификации жена муслиманка може да обавува висока јавна функција?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да, доколку има соодветни квалификации |
| **e.** | Доколку има претензии кон јавна функција мора да се придржува на начинот на облекување на општественото опкружување |
| **f.** | Не треба да обавува јавна функција |

**15. Дали сте сретнале жени муслиманки кои се активистки и борци за човекови права?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да |
| **e.** | Не |
| **f.** | Не знам |

**16. Дали сметате дека жените муслиманки се способни и храбри да се борат за заштита на слободите и правата во иста мера со останатите жени во македонското општество?**

| | |
|---|---|
| **d.** | Да, тие се еднакво ангажирани како и другите жени активистки во општетсвото |
| **e.** | Да, сподобни се, но не им е дозволено да се активираат поради патријархалниот и верскиот контекст |
| **f.** | Не знам |

**17. Во споредба со другите општества, жените муслиманки во Р.С. Македонија се:**

| | |
|---|---|
| **d.** | Послободни и поактивни од тие во неевропските општества |
| **e.** | Понеслободни и попасивни од тие во неевропските општества |
| **f.** | Нивната положба е ист во сиот муслимански свет |

**18. Помладите генерации жени муслиманки се поеманципирани и поактивни од постарите:**

| | |
|---|---|
| **d.** | Се сложувам |
| **e.** | Не се сложувам |
| **f.** | Не знам |

**ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУ** **Прилог 2**

**Прашање1: Што значи да се биде жена муслиманка со марама, истовремено и активистка за човекови права денес во РСМ?**

**Прашање 2: Како започнавте со Вашиот активизам на полето на заштита на човековите права?**

**Прашање 3: Дали се соочувате со предрасуди за Вашиот надворешен изглед, односно заради марамата која ја носите?**

**Прашање 4: Дали во нашата држава има предрасуди и за жени муслиманки кои не носат марама?**

**Прашање 5: Како правник и активист за човекови права, кои се Вашите активности во намалувањето на проблемите со кои се соочуваат жените муслиманки во нашето општество?**

**Прашање 6: Кои се Вашите реализирани и идни цели од активизмот кој го водите?**